# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 декември 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и г-да ја отворам Четириесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците Каролина Ристова, Благоја Голомеов, Али Ахмети, Трифун Костовски, Илија Китановски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Ристо Пеовски, Орданчо Тасев , Сашко Кедев и Нидим Рамизи ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија .

Дами и г-да пратеници.

Дозволете ми од мое и од ваше име на граѓаните на Република Македонија со катиличка вероисповест да им го честитам празникот Божиќ.

Владата на Република Македонија, достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратеници Ѓорѓе Паљошковски, Никола Апостоловски, Ристана Лалчевска и Невзат Бејта.

Министерот за финансии достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Благородна Мингова-Крепиева, Илија Китановски, Ангел Димитров, Гајур Сарач, Цветанка Гашовска и Благоја Гешовски.

Министерот за транспорт и врски достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Спиро Мавровски, Ана Андова, Зоран Шапуриќ, Невзат Бејта и Цветанка Гашовска.

Министерот за одбрана достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Гајур Сарач.

Министерот за економија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Есад Рахиќ и Славица Грковска.

Министерот за труд и совцијална политика достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Цветанка Гашовска.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Ефтим Манев, Спиро Мавровски, Ана Андова и Рафис Алити.

Министерот за култура достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеинчката Силвана Бонева.

Министерот за образование и наука достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Слободан Најдовски, Томе Тромбев и Иван Анастасовски.

Министерот за здравство достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеничката Лилјана Ивановска.

Министерот за внатрешни работи достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Зоран Томиќ.

Министерот за надворешни работи достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Михајло Георгиевски и Ружди Матоши.

Министерот за правда достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Фатмир Асани.

Го молам пратеникот Ѓорѓе Паљошковски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

Господинот Паљошковски не е тука.

Процедурално бара збор г-ѓата Којзаклиска.

МАРИЈА КОЈЗАКЛИСКА:

Претседателе морам да ве информирам дека во источниот дел на Македонија има застој на сообраќајот и колегите сигурно неможат да дојдат. Блокиран е сообраќајот и на две-три места се чека, а Паљошковски и Силвана патуваат наваму.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Никола Апостоловски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија  или сака да постави дополнително прашање.

И г-динот Апостоловски не е тука.

Добро, ние ќе ги оставиме тие пратенички прашања настрана, кога ќе пристигнат во текот на денот може да се дадат одговорите.

Ја молам пратеничката Ристана Лалчевска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од Владата на Република Македонија  или сака да постави дополнитлно прашање.

Има збор пратеничката Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседателе,

Прво малку деловнички. Прашањето е поставено на седницата која се одржа во седми месец, а Владата после пет месеци успеа да достави некаков одговор во два реда, кој ми го доставува пет минути пред седница. Јас тој одговор не го добив на домашна адреса, како што ја добивам сета редовна пошта.

Овде навистина не гледам никаков одговор освен едно патешествие на Владата, во кое на некој начин се оправдува дека неможела да го пронајде актот со кој се бара од Владата да донесе одлука за заштитната зона на Комплексот “Горица”. И напоменувам дека Министерството за финансии допрва ќе предложи до Владата на Република Македонија  во најкус можен рок да донесе таква одлука. Да иаготви акт за да се донесе таква одлука.

Јас навистина  неможам да разберам кога веќе немаше некој сериозен одговор, каде што ќе ми дадеа некои точни податоци зошто веднаш на седницата не добив таков одговор и зошто не беше почитуван  Деловникот.

Уште помалку можам да разберам каде е актот со кој се бараше да се донесе таквата одлука и сега после толку години Владата повторно ќе бара да се изготви акт за донесување ваква одлука.

Молам да ми одговорат кој е тој најкус можен рок кога ќе се донесе ваквата одлука бидејќи многу од сопствениците на овие имоти одамна имаат добиено решение и неможат да си го остварат своето право за владение на имотите кои им се враќаат со денационализацијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова е дополнително прашање.

Молам дали некој од Владата ќе даде одговор?

Има збор г-ѓа Шеќеринска, заменик на премиерот.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Од тоа што стои во одговорот јас немам што дополнително да додадам.

Министерството за финансии ќе и предложи на Владата на Република Македонија на една од наредните седници да се формира работна група која што ќе го третира ова прашање. Конкретното прашање поставено од пратеничката беше токму такво, а тоа е кога Владата ќе донесе одлука со која што ќе се дефинира заштитната зона околу владиниот објект. Значи прашањето е нотирано и на тоа ќе се работи од страна на оваа работна група.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Андов бара збор, процедурално.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе вие уредно прочитавте на кои пратеници сте добиле одговор на прашањата што биле поставени од страна на Владата. Меѓутоа, со оглед на деловничката обврска на Владата да одговара на сите пратеници и на сите прашања јас мислам дека треба да наведете на кои пратеници и на кои прашања Владата не доставила одговор иако е исполнета нејзината деловничка обврска. На овој начин ние не знаеме што е судбината на некои наши прашања, дали се заборавени, дали се испуштени во нашата администрација, каде е пропустот. Јас имам пред три седници поставено прашање, одговор не сум добил и никој не ми кажува дали ќе добијам одговор и никаде не е регистрирано дека Владата не испратила одговор. Дали по своја вина, или по вина на администрацијата на Собранието. Затоа мислам дека правилно е како што вие наведувате кои пратеници и на кои пратенички прашања дала Владата одговор, а на кои пратенички прашања иако постои деловничка обврска сеуште не дала одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ние доставивме список до Владата на сите неодговорени пратенички прашања. Тој список може да се достави и до пратениците за да бидете информирани. Ние можеме да инсистираме, но Владата кога ќре биде спремна да го даде одговорот ќе го даде.

Го молам пратеникот Невзат Бејта да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да псотави дополнително прашање.

Пратеникот Невзат не е присутен.

Ја молам пратеничката Благородна Мингова-Крепиева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеничката  Благородна Мингова-Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА-КРЕПИЕВА:

Со оглед на фактот дека сесиите на пратенички прашања се гледаат и пратат од голем број граѓани, а и преку одговорите на министрите се оценува работата на министерствата и на Владата, со ваша дозвола би искоментирала само еден  дел од одговорот на министерот за финансии во врска со прашањето околу аномалиите во реализацијата на јавните набавки, кое го поставив во сесијата на октомври.

Министерството за финансии одговорот што ми го дава, можам да кажам е задоволителен пред се од фактот што во информацијата е кажано дека ова е повод Законот за јавни набавки да претрпи измени, да се хармонизира со Европската легислатива и особено да се донесат одредби за раскинување на договорот, како и казнените одредби за неизвршување односно ненавремено извршување на договорените обврски.

Со ова верувам дека во иднина ќе се надминат појавите кои многу често во пресрет на парламентарните избори ги користат тендерите за одлив на средства и високи суми од Буџетот, а истите да не се реализираат.

Затоа благодарам и очекувам дека Министерството за финансии во наредниот период ќе ми достави измени и дополнувања на Законот за јавни набавки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратеникот Илија Китановски не е тука, ќе го одложиме тоа за кога ќе дојде.

Го молам пратеникот Ангел Димитров да се произнесен дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ангел Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Јас сум задоволен со одговорот, иако мислам дека мојата идеја има логика да се прифати, но тоа е право на министерството.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Гајур Сарач исто така не е присутен, ќе го причекаме.

Ја молам пратеничката Цветанка Гашовска да се произнесе  дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Благодарам. Апсолутно сум задоволна и немам дополнително прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Благоја Гешоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

Има збор Благоја Гешоски.

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ:

Благодарам претседателе, почитувани претставници на Владата,

Моето прашање беше упатено до Министерството за финансии, поточно до царинската управа и се однесуваше на дипломираните студенти на оттсекот "Царина и шпедиција" кој што факултет за туризам Министерството имало склучено спогодба да ги вработи овие високо стручни кадри. Меѓутоа, во изминатите четири години во царинската управа се вработуваа луѓе со несоодветно образование и сега сме сведоци дека имаше голем број отпуштање и суспендирање на такви вработени во царинската управа.

Како одговор од Министерството за финансии добив само две реченици кои што се извлечени од Заклучокот на Владата, на првата нејзина седница во кои што се вели дека нема да се вработуваат нови луѓе во јавниот сектор до конечна претстава за моменталната состојба во јавниот сектор.

Неможам да бидам задоволен од ваков одговор бидејќи предолго трае констатирањето на фактичката состојба или претставата за моментната состојба, како што стои во одговорот.

Моето дополнително прашање би било до кога ќе трае снимањето или констатирањето на оваа моментна состојба бидејќи во изминатиот период во Царинската управа беа суспендирани заради злоупотреби на местата голем број на тамошни вработени. Имаме природен одлив со пензионирање и со немили случаи на смрт на вработени во Царинската управа и оттука според моите сознанија во систематизацијата на Царинската управа има слободни околу 300 места. Затоа би го молем министерот за финансии за дополнителен одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вкучете го министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во врска со дополнителното прашање кое е поставено и во врска со начинот на кој беше протолкуван писмено доставениот одговор го повикувам почитуваниот пратеник Гешовски да го прочита и последниот став од писмениот одговор, кој во неговото искажување беше занемарен, а всушност е централниот дел на одговорот. Тоа што беше прочитано како став е историски акт кој е констатиран во 2002 година и не е веќе политика на постојната Влада, инаку став е и на оваа Влада во ноември 2002 година. Меѓутоа, централниот одговор на прашањето се состои во последниот став и се надевам дека е добиен. Тој гласи дека новите вработувања ќе се прават врз основа на систематизацијата на работните места врз основа на одобрените вработувања, се мисли согласно со Законот за извршување на Буџетот и врз основа на буџетските проекции за таа намена, а во рамки на вкупната владина политика во оваа област.

Ако сакате поекстензивно да кажеме што тоа значи, тоа значи дека прво треба да почекаме да се донесе буџетот за 2004 година и законот за извршување на буџетот. Врз основа на одобрените вработувања, предвидените вработувања во Царинската управа и врз основа на определбата на Владата за понатамошно намалување на администрацијата од 4% во однос на 2003 година ќе се вкрстат тие два податоци со податоците на одобрените бво буџетот и со таквата нова поставеност ќе произлезе бројот на евентуални нови вработувања во Царинската управа.

За тоа ќе треба да почекаме до отприлика март месец кога Владата ќе има комплетни податоци вклучувајќи ја и Царинската управа за да видиме што тоа во бројки значи.

Инаку одговорот кој беше прочитан дека се стопирани сите е во ноември 2002 година, а сегашната ситуација е овој став кој сега го прочитав. Тоа ќе биде политиката на Владата за 2004 година.

Ако пратеникот сака одговор на тоа дали ќе има масовно вработување за да ги опфати сите овие лица одговорот е сигурно не. Ако бара одговор на тоа дали ќе има вработувања тогаш одговорот е веројатно да, зависно од систематизацијата и од рационализацијата која ќе треба да се направи.

Почитуван претседателе дозволете ми само половина минута за прашањето кое пратеничката Крепиева го имаше. Само една поправка и една дополнителна информација.

Ние не работиме на измени на Законот за јавни набавки, кој го цитираше овде од нашиот одговор, туку одиме на целосно нов закон. Да ве информирам дека новиот закон е изготвен, влезен е во владина процедура и на 29 овој месец Владата ќе го прифати нацрт законот и ќе го достави на разгледување во Собранието. Втората фаза планираме да биде некаде во текот на март или април месец. Тој закон целосно е усогласен со ЕУ и Светската трговска организација на начин кој пратеничката Крепиева го изнесе.

Веднаш да кажам дека некои одредби не се целосно усогласени со директивите на ЕУ и ќе имаме транзиционен период. Веројатно после две години ќе треба доусогласување, меѓутоа 90% од директивите се веќе усогласени во Законот кој е изготвен и доставен во процедура.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам министерот следниот пат ако има коментар на некое прашање тогаш да се јави, но еве го прифаќам и ова дообјаснување по ова пратеничко прашање.

Господинот Спиро Мавровски не е тука, ќе го одложиме неговото прашање.

Ја молам  пратеничката Ана Андова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање, но нема претставник, ќе почекаме кога ќе дојде или ако сака претставник на Владата да одговори.

АНА АНДОВА:

Не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро.

И г-динот Зоран Шапуриќ не го гледам во салата.

Го молам пратеникот Невзат Бејта да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Има збор г-динот Невзат Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Делумно сум задоволен од одговорот, затоа што не се напишани имињата на личностите кои се земени, меѓутоа, бидјеки се работи за фактот дека е одложена поделбата на тие станови, се надевам дека во иднина ќе ни дадат такви податоци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја молам пратеничката Цветанка Гашоска да се произнесе дали е задовлна од одговорто добиен од министерот за транспрот и врски или сака да постави дополнително прашање, но дополнителното прашање мора да биде во писмена форма, бидјеки немаме претставници на Министерството.

Дали сака пратеничката Цветанка Гашоска да се произнесе дали е задоволна од одговорот?

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Да, задоволна сум од одговорот, немам дополнително прашање, но текстот да се претвори во пракса, значи спроведување на она што е одговорено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Гајур Сарач не е присутен.

Господинот Есад Рахиќ исто така не е присутен.

Ја молам пратеничката Славица Грковска да се произнесе дали е задовлна од одговорите добиени од министерот за економија или сака да постави дополнителни прашања.

Има збор пратеничката Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Јас би сакала најнапред да се заблагодарам за експедитивниот одговор од страна на Министерството за економија, што не е случај со одговорите што доаѓаат од Министерството за образование и нака, кои ги чекам речиси веќе половина година.

Одговорот е задоволителен на двете прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја молам пратеничката Цветанка Гашоска да се произнесе дали е задовлна од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеничката Цветанка Гашоска.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Благодарам и задоволна сум од одговорот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратеникот Ефтим Манев не е присутен.

Пратеникот Спиро Мавровски исто така не е присутен.

Ја молам пратеничката Ана Андова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеничката Ана Андова.

АНА АНДОВА:

Му благодарам на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и бидјеки одговорот сега го добив можам да видам дека еден број на субјекти, на кои им е дадено земјиште под закуп, не ги регулираат своите обврски кои произлегуваат од закупнината. Незнам колку изнесува процентуално нивниот удел во тоа, меѓутоа, препорачувам тоа да се ажурира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи нема дополнителни прашања.

Го молам пратеникот Рафис Алити да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Рафис Алити.

РАФИС АЛИТИ:

Ви благодарам г-дине претседател.

Одговорот е општ, така што мислам дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство треба да даде еден многу попрецизен одговор што се однесува на динамиката на поделба на земјиште, особено во Куманово, каде што жителите од овој крај имаат нависитна многу потреба од работа на обработливо земјиште, а познато е дека такво земјиште нема и би било добро да се даде одговор за предвидена динамик аод страна на Министерството за земјоделство, шумарство иводостопанство кога планира да направи поделба на ова земјиште.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали министерот има коментар на ова дополнително прашање?

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Земјоделското земјиште што се дава на плодоуживање најнапред треба да биде утврдено дека е слободно и во овој момент не е под еден од начините на издавање под договор, закуп или концесија на субјекти што го користат. По

утврдувањето на слободните земјишни површини, Министерството распишува оглас и тоа земјиште го доделува.

Во овој момент во Министерството се прибрани сите податоци околу слободните земјишни површини во сите подрачни служби на Министерството и е во фаза на обработка на програма, со која во наредната 2004 година ќе продолжиме со издавањето.

Меѓутоа, во меѓувреме има и една нова околност. Констатиравме дека , покрај интересот за добивање земјоделско земјиште на плодоуживање, и занимавање со самостојна дејност како земјоделци, постои голем интерес и за вработување на оние земјоделски работници кои останале без работа преку системот на вработување, па пристапивме кон измени на Законот за земјоделско земјиште, во кој основот на издавање под закуп и концесија нема да го врзуваме за висината на закупнината, која што, како што можеше да види и пратеничката Андова, не се плаќа, туку врз основа на програма во која приоритет ќе има вработувањето на невработените земјоделци, што ќе рече дека наоѓаме нова форма во поглед на таа социјална реформа која ќе ја спроведеме тогаш кога овој закон ќе помине со измената што дополнително ја предложивме. Не можеме да правиме посебна програма, затоа што тоа сепак зависи од ослободувањето на земјиштето што во овој момент е по договор, а кога и како тоа ќе се направи, ќе се ослободи, ќе зависи и истовремено реагирањето на Министерството и давање на тоа земјиште на плодоуживање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Силвана Бонева не е присутна.

Ги молам пратениците Слободан Најдовски и Томе Тромбев да се произнесат дали се задоволни од одговорот добиен од минситерот за образование и наука или сакаат да постават дополнително прашање.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувнаи претставници на Владата,

Прашањето кое го имавме со колегата Тромбев поставено уште на 12 септември до Министерството за образование и наука се однесуваше на формираната паралелка на албански јазик во Гимназија во Битола и од одговорот сум задоволен , а самиот одговор потврди, посебно во однос на критериумите за запишување на ученици во гимназиската паралелка дека нема доволен број ученици

од Битола и новоформираните општини од Битола кои ги исполнуваат критериумите за исполнување минимум поени за запишување во ваква гимназиска паралелка и со тоа се потврди одлуката која Владата потоа ја донесе за укинување на таа паралелка, па се надевам дека во иднина ќе се придржуваме кон овие критериуми.

Инаку,немам дополнително прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали г-динот Томе Тромбев има нешто да додаде? (Не)

Го молам пратеникот Иван Анастасовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за образование инаука или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Ирелевантно е, господине претседателе дали Иван Анастасовски е задоволен од одговорот. Тие што го упатиле прашањето преку мене до надлежното Министерство најверовантно не се задоволни, според она време колку што имав можности да бидам во контакт со луѓето, од причини што во последниот пасус од одговорот се кажува дека не е поднесено барање за одобрување на оснвоање на приватно средно училиште во Република Македонија. Имено, не би сакал да го потенцирам името, во прашањето се работеше за едно американско училиште кое работи веќе 10 години на просторот на Република Македонија, така што самите тие не прифаќаат да станат приватно училиште регистрирано на територија на Република Македонија, бидејки како што и тие самите наведуваат во писмото кое беше доставено до мене, зад нив стојат американски комисии за акредитација што се еквивалент на нашето Минситерство за образование и наука.

Едноставно, ова ќе биде како дополнително прашање, може и во писмена форма да ми се одговори, нема никаков проблем. Бараат да се признаат дипломите на македонските ученици кои се во тоа училиште, како што се признати насекаде во светот врз основа на принципот на реципроцитет. Значи, која е сега постапката сето тоа да се реализира, признавање или нострификација на дипломите на учениците од ова американско училиште - не би сакал да го спомнам името, тоа е наведено во прашањето, во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор заменикот минситер за образование и наука, г. Тале Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Ако при добивање солгасност за работа на тоа училиште, сигурно е направена регистрација во Министерството за образованеи и наука со соодветна регистрациона постапка која што е пропишана, по критериуми и нормативи кои што се пропишани и во Законот за средно образование. незнам за ваков случај дека постои такво нешто, но ќе провериме. Мислам дека до сега ако регистрацијата е извршена, би требало без проблеми нострификацијата да се врши.

Дополнително во писмена форма ќе ви дадеме одговор прецизен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратеничката Лилјана Ивановска не е присутна.

Го молам пратеникот Зоран Томиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од минситерот за внатрешни работи или сака да постави дополителни прашања.

Има збор пратеникто Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Бидејки станува збор за три поставени пратенички прашања, а сите се упатени до Министерството за внатрешни работи, најнапред од се срце би се заблагодарал за експедитивноста и квалитетнит еодговори што ги имам добиено. Немам дополнителни прашања, но сметам дека на најпрофесионален начин ќе се дојде до вистинските одговори на сите три поставени прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Михајло Георгиевски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за надворешни рбаоти или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникто Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Од одговорот сум делумно задоволен, а прашањето беше што прави Владата односно Министерството за надворешни работи за воведување настава на макеоднски јазик во Голо Брдо и Гора во Албанија и во одговорот ми се кажа дека е разговарано со Илир Мета, дека нешто ветил, но ништо конкретно не е направено. Моето барање е какви документи се издадени, какви барања се направени преку тие меѓународни договори за правата на малцинствата. Јас тоа го очекувам, Владата д аправи интензивни напори преку дипломатска пошта, преку писма, повикување на различни договори околу решавањето на тоа прашање. Инаку, до сега има само

ветување, а ништо не е направено, додека населението во Голо Брдо и Гора исклучиво наставата ја следат на албански јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дополнително прашање немате.

Го молам пратеникот Ружди Матоши да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од минситерот за надворешни работи или сака д апостави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам г. претседателе,

Јас имам добиено одговори на две прашања што сум ги поставил.

Што се однесув адо одговорот на г. министер во врска со интеграцијата во ЕУ и барањето на Република Македонија до институциите на ЕУ, воопшто не сум задоволен, затоа што таа на итар начин овде во текстот го избегнала имплементирањето на Охридскиот договор, кога имаме високи официјани лица што зборуваат јасно во однос на Република Македонија и на дециден начин кажуваат дека Македонија може да се интегрира или барањето на Макеоднија за интеграција во ЕУ ќе биде прифатливо само преку Охрид.

Во оваа насока, одговорот ни изгледа многу сиромашен затоа што таа ова не го споменала воопшто во одговорот што ми го дала. Се разбира, мојата забелешка е и за тоа дека министерката не видела за потребно да се обрати овде на парламентарците во макеоднскито Парламент и да дебатира и расправа во врска со условите на барањето кое го има Македонија кон Европа. Се разбира, за да се создаде една полесна и пореформирачка клима за Република Македонија .

Од одговорот на второто прашање за вработените албанци во институциите на Министерството за надворешни работи воопшто не сум задоволен. Јас го знам процентот на албанците таму, тоа е 13, 7 и кога ДПА беше во Владата го направи ова истото. Не ми се допаѓа тоа што минситерката го вели во одговорот дека 20 вработени кои се вработени вов ремето кога ДПА беше во власта не биле редовни и се вработени на незаконски начин.

Моето прашање би било, сакам да знам како се однесува персоналот на Министерството кон овие лица. Овие лица сеуште талкаат по ходниците на Министерството и Министерството нема реален пристап овие луѓе да ги систематизира. Значи, продолжува истата песна на отстранвување на албанците од

работа на разни начини, искривувајки ги законите и создавајки ги законите такви да бидат само за албанците - против албанците, како да албанците сакале посебни процедури за вработување.

Што се однесвуа на претставништвото во Приштина, таа ми одговори во врска со тоа како да треба нешто пошироко за тоа прашање.

Јас давам на знаење на јавноста и на Министерството дека во Приштина има отворено претставништво на различни држави од светот, кои се многу далеку од Косово и Приштина, додека е момент и време Македонија да се освести што побрзо и да отвори претставништво во Приштина, затоа што имаме врска меѓу албанскиот народ во Македонија и Косово и треба да имаме олеснвување во комуникацијата, треба да имаме  лесни процедури за комуникација, посебно во поглед на проблемот на признавање на дипломите, проблемот на признавање на документацијата, документацијата која произлегува од Косовската администрација и т.н.

Затоа, г. претседател јас не сум задоволен со одговорите кои ми ги дала министерката за надворешни рбаоти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дополнителни прашања немате.

Има збор заменикот министер за надворешни рбаоти.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Во однос на првото прашање што беше поставено од пратеникот Ружди Матоши во  врска  со намерата на  Република Македонија  да поднесе апликација за полноправно членство во ЕУ на почетокот на идната година, односно во февруари 2004 година, јас не би елаборирал пошироко, но не можам потполно да се согласам , прво, дека само Охридскиот договор е услов кој  Република Македонија  мора да го исполни за да се интегрира побрзо во ЕУ, туку има и други стандарди кои треба да се исполнат, меѓу другото и децентрализацијата и др. Тоа е едната работа.

Второ, минситерот минатата недела пред Комисијата за европски прашања во ова Собрание  на  Република Македонија, на 22.12.2003 година, во присуство на членовите на Комисијата за надворешна политика, исцрпно елаборираше за тоа што Република Македонија  направи во изминатиот период на планот на интеграциите во ЕУ и што има намера во наредниот период, односно 2004 година да прави на тој план. Сигурно дека ќе ги добиете и стенографските белешки и Извештајот од Комисијата и ќе се видат конкретните активности направени во врска со тоа.

Во врска со вработувањето на албанците во Министерството за надворешни работи, можам да кажам дека сите тие административно-технички работи и проблеми кои настанаа со вработувањето на група албанци во 2002 година се решени. Не е точно дека тие одат по ходници и немаат решенија. Од таа група само четворица немаат решенија и тоа затоа што е обавен разговор со нив, по основ на тоа да се извршат лични консултации со нив за да им се објаснат проекциите на Министерството во врска со нивнито натамошен ангажман во Министерството, така што со едниот од нив е разговарано и во наредниот период ќе помине во Секторот за НАТО во Министерството за надворешни рбаоти, едниот од нив ќе помине во Секторот на Европска Унија и со тоа сакаме да постигнеме потполна дисперзираност на вработените албанци во Министерството за надворешни работи,односно нивно присуство во сите хоризонтални линии, односно хоризонталната поставеност на Министерството по сектори, одделенија и т.н.

Исто така, се води сметка за упатување на вработените албанци во нашите дипломатско-конзуларни претставништва и во оваа прилика сакам да истакнам, бидејќи имаме егзактни бројки како е тоа застапено.

На пример во структурата амбасадори, од 24 амбасадори на Република Македонија, пет се албанци, односно процедурално кажано, тоа е 20, 83%. Во ДКП-та има 129 наши вработени од Министерството, од кои се 20 албанци или 15,50% и во стручно административни извршители се 94 албанци или 19 односно 21%. Испуштив да кажам дека со третиот разговарав, согласно неговото образование, да се направат напори и сугерирано е во едно Министерство при Владата на Република Македонија, да се разговара со надлежните претставници на тоа Министерство за негово евентуално префрлање, бидејќи има стручни квалификации кои не се компатибилни со работата во Министерството за надворешни работи, но се компатибилни со тоа Министерство и веќе е постигната начелна согласност, тој вработен во Министерството, да помине во тоа Министерство, односно конкретно се работи за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

По однос на третото прашање во врска со тоа што Министерството за надворешни работи односно Владата на Република Македонија прави за подобрување на односите со Косово, подобар пример од неодамнешната посета на министерот за одбрана господинот Владо Бучковски и господинот заменик Ризван Сулејмани, контактите што ги оствarija со претставниците на администрацијата на Обединетите нации и со претставниците на албанците, во кои експлицитно од

страна на министерот беше кажано дека во иднина Македонија сериозно односно Владата на Република Македонија, ќе размислува за отворање на трговско претставништво во Приштина. Само како еден податок, ние имаме стокова размена од 61 милион долари во минатата година со Косово, од кои 58 е извоз на Република Македонија на територијата на Косово.

Што се однесува до нострификацијата и проблемите со дипломите со студентите кои дипломирале на Приштинскиот универзитет, јас имам информација дека Министерството за образование и наука стапило во контакт со претставници на администрацијата на УМНИК и процедурата е во тек. Така што, бегло давање оценки дека на тој план ништо не се направи, Министерството за надворешни работи навистина не може да се сложи со такво нешто.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Фатмир Асани да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за правда или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Не, не сум задоволен бидејќи мислам дека министерот, навистина, со една итрост одбегна да даде одговор на моето прашање, затоа што според мене, затворањата што се направија во Куманово се политички затворања. апсења, а неговиот одговор дека судот е независен, во тоа не верувам. Бидејќи, судот во Македонија не би рекол дека е независен. На судските рочишта во Куманово, тие прашуваа каде беа во текот на 2002 година и без никакви податоци беа уапсени, па се плашам дека ќе се повтори 1999 година како она што се случи во Арачиново и на уапсените по две години беа ослободени. Едно дополнително прашање ќе биде до Апелациониот суд и до Врховниот суд на Република Македонија и барам на ова прашање да ми се одговори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за правда, господинот Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Благодарам претседателе,

Да бидам искрен и да кажам и кога го подготвивме одговорот на пратеничкото прашање, навистина, не водевме сметка дали ние некого ќе задоволиме или нема

да задоволиме, од причина што ние сме, лично јас како министер за правда, сметам дека сме одговорни, затоа што извршувам лично одговорна функција во државата.

Одговорот на прашањето е многу јасен и децидно го кажува како е воспоставен и како функционира нашиот правосуден систем во Република Македонија. Не верувам дека пратеникот би имал забелешки по однос на одговорот, од причини што тоа е правосудниот систем во Република Македонија. А, тоа дали судовите или одреден судија ги цени и како ги цени фактите, јас и на минатата седница реков дека адресата не е Министерството за правда, туку Републичкиот судски совет и би го упатил пратеникот, ако тоа сака да го дознае, да се обрати односно да побара одговор од тие органи. Сметам дека од органите, пошто денеска постави дополнително прашање, тоа што Министерството за правда ќе го добие од судовите, ќе го препрати до пратеникот, за да биде информиран.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја молам пратеничката Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за култура или сака да постави дополнително прашање.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам господине претседателе,

Многу сум задоволна од одговорот на министерот за култура односно Министерството за култура, се потврди токму тоа и што баравме да видиме со ова прашање односно прашањето беше да ни се каже колку пари се потрошени за недостоинствената прослава на Сто години од Илинденското востание и Македонската државност. Видовме дека, навистина, се потрошени огромни средства на ненаменски начин и жално е тоа во што во одговорот во вкупните средства кои што се потрошени, се дадени дури и средствата за 8-ми септември, за 11-ти октомври, Денот на Антифашистичкото востание, иако баравме одговор за Сто години на прославата на Илинденското востание.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави министерот за култура Благоја Стефановски.

БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:

Па, не знам, не ги слушнав точно забелешките од госпоѓата Силвана Бонева. Средствата за Илинден се во она за што се договоривме, во целиот тој концепт како траеше да се изведат, се ставени дури во некои други од програмите ги

надополнивме, за да одговориме на големиот ден Илинден, каков што сакавме да го промовираме. Впрочем, како што сметам дека и доликуваше, меѓутоа, требаше една постапка да се води многу порано и од тие причини ние за 60 годишнината од АСНОМ од сега иницираме тоа да го ставиме и ги иницираме сите институции да се вклучат и на време спомениците за култура да бидат доведени во правилна состојба, тие кои што се за АСНОМ. Сакам да кажам дека за тие 4-5 месеци го вративме објектот на Крушево на Македониумот во една ситуација во која што доликува, бидејќи тој веќе беше нагризен од сите страни. Значи, со максимална оперативна работа на Заводот за заштита на спомениците на културата, Републичкиот завод и со учество на многу други чинители, тој е доведен скоро со сите други објекти кои се придружни, да функционира на тоа ниво на кое што треба да функционира. Сите тие програми со Илинден се заокружени и околу овие изречени етикетирања, тоа само му служи на пратеникот кој ги кажува. Јас мислам дека немаше никакво недолично прославување или ненаменско трошење, најмалку, ако има такви аргументи нека повели госпоѓата Силвана и нека ги каже. За такви паушални оценки тоа време е поминато. Етикетирања од тој вид веќе се поминати и мислам дека се предмет на минатото. Мене ме чуди, одговоривме на сите делови од прашањето за тоа како се трошени средствата, а повторно се искажуваат обвинувања. Значи, тоа се прави за некои други цели. Ете, ако има госпоѓата Силвана да каже нешто околу тоа, нека каже.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратеничката ќе дојде во Министерството, бидејќи по Деловникот тука завршуваме со одговор на ова прашање.

Го молам пратеникот Зоран Шапуриќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Благодарам господине претседателе,

Ова е мој или на моите колеги од пратеничката група на ЛДП веќе четврти одговор на поставени пратенички прашања во врска со монополското однесување на АД “Македонски Телекомуникации”. Да бидам искрен, ова досега е најисцрпен одговор, бидејќи или не добивавме одговор и јас лично, или пак одговорот беше многу штур.

Неодамнешните најави на АД “Македонски Телекомуникации” како за поскапување на услуги, кои според мене во услови на монополска положба се сосема неоправдани, не постои никаква економска логика, да бидат зголемени тие услуги, а исто така ова монополско однесување деновиве кулминираше кога 70 илјади корисници, од кои еден добар дел со платени телефонски сметки беа исклучени. Меѓу нив се и многуте телевизиски куќи, многуте медиуми, кои што ги платија сметките или пак имаа договор за плаќање на овие услуги на рати. Меѓутоа, очигледно е дека и покрај сите настојувања на пратениците АД “Македонски Телекомуникации”, особено во фиксната свера, ги фаќа огромна нервоза, бидејќи договорот за монополска положба им истекува за отприлика една година и неколку месеци и сакаат за овој период врз грбот на граѓаните да го зголемат својот и онака енормно висок профит. Ова покажува дека неодамнешните реакции на пратеничката група на ЛДП беа сосема оправдани и реакциите на колегите од пратеничката група, бидејќи ова навистина станува односно ги поминува границите на ова однесување и крајно е време, почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, Парламентот да се позанимава со ова прашање. Ние сме свесни како пратеничка група на ЛДП и јас лично дека најголем дел од ова произлегува од тоа што претходната влада склучи многу лош договор. Тоа беше договор со едни тешки услово, меѓутоа, јас лично барам, бидејќи сепак, државата е 47% акционер во АД “Македонски Телекомуникации”, да се преземат мерки од Министерството за транспорт и врски, Управата за телекомуникации, монополската управа и сите други надлежни органи за ова однесување во фиксната телефонија.

Затоа, јас имам и дополнително прашање до Министерството и само делумно во една мала мерка можам да бидам задоволен од одговорот. Ова прашање гласи дека барам ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шапуриќ ви истекоа тие 3 минути.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Добро, еве, готов сум.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дополнителното прашање писмено ќе го испратите. Димензионирајте се од три минути.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Па, јас само сакав да го поставам, почитуван претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Трите ваши минути поминаа.

Дали Владата има коментар на елаборацијата на господинот Шапуриќ во врска со ова?

Ја молам пратеничката Лилјана Ивановска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за здравство или сака да постави дополнително прашање.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам претседателе.

Во голем дел од одговорот на прашањето сум задоволна во делот на информациите кои што се доставени и кои што јас и порано ги знаев, меѓутоа, апелирам до Фондот за здравство и до Министерството за здравство да извршат подетална ревизија на целокупната документација на квалитетот. Тука е кажано дека сеуште не е извршен технички прием на спратот од болницата во Струмица, меѓутоа, лично сметам дека треба поголем ангажман од лицата задолжени за ревизија на квалитетот, изведбата и постапката, затоа што уште се води судски спор за изведбената постапка за доделување на изградба на објектот на фирма блиска до претходната Влада.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, со тоа ги завршивме писмените одговори на пратенички прашања, па бидејќи другите колеги пратеници не се присутни, преминуваме на поставување на пратенички прашања, по редоследот кој што е однапред договорен.

Има збор пратеникот Михајло Георгиевски да постави три прашања во време од десет минути.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, членови на Владата,

Дозволете да ги поставам моите три прашања.

Првото прашање е до министерот за надворешни работи.

Подолго време македонската јавност ја вознемирува и иритира мешањето на Српската православна црква во Македонската православна врква, тоест назначување на српски владици на Македонски епархии и создавање на паралелна

црква во Македонија. Отпрво, тоа се објаснуваше како исклучиво црковно прашање и македонскиот политички врв не реагираше, оставајќи го тоа прашање да си го решава самата МПЦ, иако беше очигледно дека прашањето не е само црковно, туку повеќе политичко. Дека е тоа така, потврда е неодамнешното ракополагање на Архимедитот Марко Кимов од Штип за епископ Гренлиски извршено на 7.12. оваа година од  поглаварот на Српската православна црква Павле, на кој присуствувал и потпретседателот на Српската Влада Небојша Човиќ, со што е даден јасен знак дека зад сето ова стои Српската Влада и Српската непринципиелна хегемонистичка политика.

Прашањето гласи: дали Министерството за надворешни работи или Владата на Република Македонија реагирала на овој немил настан и ако не реагирала дали има намера да реагира.

Второто прашање е до министерот за внатрешни работи.

Акцијата за собирање на нелегалното оружје заврши. Се има впечаток дека повеќе се предаде старо и неупотребливо оружје, се разбира, со мали исклучоци, а бојното како калашниковите, ракетните лансери, минофрлачите, рачните фрлачи, гранати и слично, останаа кај сопствениците, за да чекаат некое друго време за да бидат употребени или да биде откриено и насилно одземено, во што и малку се сомневам.

Прашањето гласи: колку од предаденото употребливо оружје е легализирано или побарано да се легализира од страна на граѓани припадници на македонската национална заедница и колку од албанската национална заедница? Ако нема конкретни податоци, може да ми одговори и писмено.

Третото прашање е до министрот за образование и наука. Во изминатите десетина дена овде во Собранието долго се расправаше за легализирање на тетовскиот универзитет т.е. ставање на државни јасли од државата Македонија. Седницата се прекина и прашањето секако наскоро ќе дојде пак на дневен ред. Меѓувреме тетовскиот универзитет со голема помпезност си го прослави своето десет годишно постоење. На прославата се интонираше само химна на друга држава и се вееја знамиња на друга држава. Од македонските обележја на Македонската држава, од која се бара да биде финансиран, ниту трага, ниту гласа, како што вели народот.

Прашањето гласи: како ја коментирате оваа нелојалност кон Македонската држава, од која се бара да го стави тетовскиот универзитет под својата финансиска капа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На првото поставено прашање до Министерството за надворешни работи, ќе одговори замeникот.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Ноторен факт е дека државната заедница Србија и Црна Гора е регуларна држава. Тоа значи дека црквата е одвоена од државата, а со тоа и Српската православна црква.

Активностите што СПЦ ги презема кон МПЦ, ставот на Владата на РМ е познат, таа ги осудува таквите постапки на СПЦ и ги оценува како неприфатливи.

Она што Министерството за надворешни работи може да го направи и го прави е следното:

Дадени се инструкции на нашиот амбасадор во Србија и Црна Гора, но инструкции на амбасадорите во другите земји во регионот, и во другите земји каде што влијанието на православните цркви е големо, да се шири вистината за автоќефалноста и независноста на МПЦ. Односите меѓу државите Република Македонија и државната заедница на Србија и Црна Гора во изминатиот период имаат нагорна линија, двете влади имаат позитивен пристап кон решавање на практичните проблеми помеѓу двете држави. Така што ово овој момент ние можеме да кажеме дека прашањата и однесувањето на СПЦ не влијаеја на односот на Владата на Србија и Црна Гора кон Владата на РМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Мене не ми се одговори на прашањето, дали ќе реагира Владата или Министерството за чинот на присуството на потпретседателот на Српската влада на хиротонијата. Тој не го одговори тоа. Прашањето е дали ќе реагира и дали реагирала.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи, ова ви е дополнително прашање.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали имате одговор на ова?

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Мислам дека во првиот дел од одговорот, одговорив.

Меѓутоа, само како надополнување на претходнот одговор дека Владата во рамките на ова презема забрзани чекори на планот на измена на Законот за работата на верските заедници каде особено внимание ќе се обрне на дејствувањето на верските заедници чии централи се надвор од Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Преминуваме на второто прашање кое е упатено до Министерството за внатрешни работи.

Има збор министерот за внатрешни работи, Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Како што и пратеникот рече, акцијата за спроведување на Законот за доброволно предавање на нелегалното оружје и постапката односно можностите за негова легализација, заврши.

Во оваа прилика ќе потсетам на резулатите и досега собраното оружје и муниција, по разни основи.

Во периодот од 1 ноември до 15 декември 2003 собрани се вкупно 100.219 парчиња муниција од различен калибар. Собрани се исто пушки, автомати кои неможе да се легализираат со законска постапка и секое нивно поседување како автомати, сигурно ќе биде нелегално поседување, е 3589 и тоа: пиштоли 2336, револвери 458, митралези 27, минофрлачи од 60 мм. 2, ракетни лансери и тромблони 55, разни мини 247, разни гранати 60, разни рачни бомби 797, експлозив во килограми 165. Само за споредба, оваа количина на експлозив е доволна, кога ќе го замислите целокупното Министерство за внатрешни работи со сите седум објекти таму. Значи експлозивот од 165 кгр. е доволен да минира и да разруши 8 такви локации, каде шро е сега сместено МВР, со сите седум посебно. Детонаторски каписли и друго, околу тоа не би ви кажувал.

Скоро, како што беше кажано и од офицерот за врски од Координативното тело, над 95%, мислам беше последната бројка, од целокупното оружје е функционално, значи кое може да се употреби и кое може да биде оружје кое ќе се искористи дури за извршување на убиства и тн. Муницијата собрана од 100.219 и

оружјето кое е дадено, сепак за нас претставува една задоволителна активност која укажува колкав број на можни човечки жртви е намалено.

Законот беше и можност за легализација на оружјето кое може да се лагализира. Значи тоа не можат да бидат автоматите, золјите, пушкомитралезите и тн. кои се предадени.

Заклучно со 15 декември имаше покренато 4893 барања за легализација на кои 2175 веќе се одобрени, 187 барања се одбиени, додека во постапка за решавање се 2531.

Конкретно, одговарајќи на прашањето на пратеникот е дека во постапката за легализација, барањето за легализација, ниту има обврска странката ниту МВР, да ги дели по национална припадност. Според тоа, ниту можеме, ниту ќе дадеме ваков податок, колку од барањата кои се поднесени би биле македонци, албанци и тн.

Јас на пратеникот само ќе му кажам, во сите СВР каде што се поднесени барања за легализација, каков е досегашниот тек, па од тоа тој нека си извлече заклучок како самиот си цени, колку би биле по националната структура.

Во СВР Битола од 210 барања за легализација, 61 е позитивно одлучено, 7 негативни и 142 се во постапка.

Во ОВР Македонски Брод од 28 поднесени барања, сите 28 се позитивно одлучени.

Во Валандово од 15 барања, 13 се позитивни, 2 негтивни.

Во Виница од 54 барања 43 се позитивно одлучени, 4 се негативно, а 7 се во постапка.

Во Гевгелија од 108 барања 98 се позитивно одлучени, 6 негативно и 4 се во тек.

Во Гостивар од 130 барања 47 се позитивни, 1 негативно и 82 се во постапка.

Во Делчево од 46 барање, 1 е негативно одлучено и 4 се во тек.

Во Демир Хисар од вкупно 23 барања 20 се позитивно, 2 негативни одлучени и 1 е во постапка.

Во Кавадарци од 211 барања 198 се позитивно одлучени, 12 се негативно и 1 е во постапка.

Во Кичево од 89 барања 27 се позитивно решени, одбиени досега нема, а 62 се во постапка.

Во Кочани од 56 барања, 46 позитивно одлучени, 4 негативно и 6 во постапка.

Во Кратово од 43 барања, 21 е уважено, 22 се во постапка.

Во Крива Паланка од 44 барања сите досега се позитивно одлучени.

Во Куманово од 233 барања, 34 се позтивно одлучени, 1 негативно и 198 барања се во тек.

Во Крушево од 90 барања 86 се позитивно одлучени и 4 негативно.

Во Неготино од 82 барања, 81 е позитивно и 1 негативно.

Во Охрид од 310 барања 34 се позитивно одлучени додека другите 276 се во тек.

Во Прилеп од 398 барања, 93 се позитивно одлучени а 305 се во постапка.

Во Пробиштип од поднесените 26 сите се позитивно одлучени.

Во Радовиш од 38 барања, 34 се позитивни, 4 негативно одлучени.

Во Ресен од 91 барање 62 се позитивни, 17 негативни, 12 се во тек.

Во Свети Николе од поднесени 7 барања сите се позитивно решени.

Во Струмица од вкупно 82, 62 се позитивно одлучени, 5 негативни и 15 се во постапка.

Во Струга од вкуПно 306, 199 се позитивно одлучени, 10 негативно и 97 се во постапка.

Во Тетово од 554 барања 425 се позиотивно решени 83 се одбиени а 36 се во тек.

Во Велес од 190, 57 барања се позитивни, 33 се во тек на одлучување.

Во Штип од 91 барање, 52 се позитивни, 9 негативни и 30 се во постапка.

Во Берово од поднесени 86 барања, 83 се позитивно одлучени  а 3 негативно.

Во Градот Скопје, од вкупно поднесени 1252, 43 се одобрени, 11 одбиени и 1198 барања постапката е во тек.

Дури и за оние каде можеби изгледа дека бројката на одобрено легализирано оружје е голема, би сакал да укажам на поволноста дека од овој дел сега МВР, фактички добива конкретно име и презиме и вид на оружје што човекот може да го има и е многу полесно за контрола.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

МАХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Му благодарам на министерот за исцрпните податоци што ми ги кажа.

Меѓутоа, моето прашање беше колку граѓани од албанска националност го легализирале оружјето а колку макдеонска, бидејќи во јавнотс се зборува дека на албанските граѓани се повеќе легализирани отколку кај  македонците. Тоа ми беше

прашањето. Ако може на тоа да ми одговори писмено, добро, ако неможе тоа е. Тоа беше прашањето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре.

ХАРИ КОСТОВ:

Ниту по зконоски основ, ниту по друг основ, ние немаме да водиме евиденција, македонци, албанци и тн. Затоа му ги прочитав состојбите по СВР и ОВР, па нека си извлече заклучок од тоа во кој град каква состојба може да биде. Значи, нема што дополнително писмено да одговориме, надвор од овој одговор што го дадов.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање е поставено до министерот за образование и наука.

Збор има заменикот министер за образовние и наука.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Почитуваниот пратеник постави прашање и барање да се направи коментар на нечие туѓо однесување, а при поставувањето на самото прашање, тој ги искажа своите констатации по однос на однесувањето на групата на луѓе кои што присуствувале на таа прослава. Јас искрено да ви кажам не гледам причина да се коментира нечие однесување и да се коментира дали постои степен на израз на либералност во државата и такви свечени прослави, бидејќи не гледам дека е во некоја директна врска со процесот на формирање на трет државен универзитет кој во форма на закон е предложен пред ова Собрание и чија постапка е во тек по која пратениците може да се изјаснуваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Прашањето беше дали Министерството го оправдува тој чин, оној универзитет што бара легализирање, да се стави под државна каса, да не покажува ни малку лојалност, ниту химна, ниту знаме, ниту ништо.Сега министерот не ми одговара ништо, дали го опрвдува овој чин. Ако веќе бара да биде македонски универзитет, под државна каса тогаш барем нека има и албанска , но нека има македонска. Вака само со албанска химна и албански знамиња, мислам дека тоа треба да се осуди

прво од Министерството и потоа од другите фактори кои довеле до тоа. Тоа е прашањето, дали го осудува тој чин.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи го повторивте прашањето, одговорот го добивте по првтото прашање.

Тука завршуваме со овие три прашања.

Следниот пратеник кој треба да постави прашање е пратеникот Цветанка Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Првото прашање е упатено до министерот за финансии, и ова прашање е иницирано од група извозници од струмичкиот регион, согласно Правилникот за висината на надоместокот за царински услуги од 2001 година и измената во 2002 година, беше воведена давачка од 19 евра по царинска декларација. Бидејќи од струмичкиот регион претежно извозници, и се извезуваат земјоделски производи кои што се ефтини, а со оглед на тоа дека порано државата даваше и стимулација за извршен извоз, сигурно и сега треба да го стимулираме извозот, дали Министерството односно министерот за финансии планира да ја укина оваа давачка на извозот. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а ова прашање веќе по втор пат го поставувам.

Струмичкиот регион оваа година беше зафатен скоро од сите елементарни непогоди, почнувајќи од мразот кој ги измрзна сите раноградинарски производи, потоа градот кој 100% ги уништи културите во еден регион од струмичката околија и сега поплавите. Постапката од страна на општините е спроведена согласно Законот за елементарни непогоди.

Прашањето до министерот би гласело, што е направено, што се прави и што ќе се направи за ублажување на штетните последици од овие елементарни непогоди, за помош на населението што се занимава со земјоделие, затоа што навистина нема средства за егзистенција.

Третото прашање што ќе го поставам, се надевам барем не до крајот на мојот мандат, бидејќи очекувам дека ќе биде решено.

Со оглед на тоа што како пратеници од регионот направивме напори да биде влезено во буџет и ми беше кажано дека неможе тоа да се случи. Ова прашање е упатено до министерот за транспорт и врски, а прашањето е:

Дали и кога има во план да влезе во некој проект изградбата на патниот правец Струмица-Штип.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање е упатено до Министерството за финансии.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувана пратеничке,

Со оглед дека се работи за специфично прашање, за специфична давачка, при надворешната трговија, сепак за да не импровизирам ќе дадам писмен одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Второто прашање е упатено до Минисртерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

На првиот дел од прашањето, што е направено, состојбите со штетите во земјоделството се проценуваат врз основа на постапка утврдена со прописи и од страна на подрачните служби готови се сите извештаи и сублимирани во еден целосен извештај за подрачјата на цела Македонија и утврдени се вкупните штети од елементарните непогоди во 2003 година.

Со оглед на тоа дека извештајот е готов, изработен од стручните служби на Министерството следната постапка е излегување со информација пред Владата и барање решенија што Владата евентуално може да ги даде во врска со обемот и можностите на буџетот за 2004 година. Во секој случај тоа не е запоставен проблем, тоа е проблем што според закон го третираме најсериозно и во овие денови треба да се очекува, по излегување на информацијата на Влада, одлуките на Владата во врска со овој проблем.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен со овој одговор.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Јас и претходно кога го поставив истото прашање, а се однесуваше за мразот, кажав дека ќе бидам задоволна кога населението ќе почуслтвува нешто од ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање е упатено до Министерството за транспорт и врски, но тука нема претставник. Затоа ќе го упатиме, писмено да се одговори, освен ако некој од Влдата сака да одговори.

Бидејќи завршивме со трите прашања, следнот пратеник кој е на списокот е господинот Љубисав Иванов-Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Господине претседателе, ќе поставам во одредениот рок само едно прашање, кое мислам дека е многу значајно. Прашањето е упатено до Македонската влада.

Дали Владата има стратегија за развој на енергетските извори во Македонија? И ако има стратегија би молел да ми се одговори со која динамика ќе се рализира таа стратегија? Во која насока би се одвивале тие процеси. Дали во насока на изградба на хидроелектрани? Кои се тие капацитети, кои се тие можности на кои водени маси се мисли. Ако тоа е недоволно дали се размислува да се развиваат и понатаму термоенергетски централи. На кои лежишта на јаглен на цврсти горива, колку е векот на овие термоцентрали. Јас го имам во предвид и сега решението термоцентралите да се модернизираат и реконструираатм  со заемот од Русија. Дали постојат резерви на јаглен, дали се тоа површински копови или подземни. Дали ако тоа не е доволно Владата размислува да гради извори енергетски на база на гас. Дали се доволни овие гасоводи за една или две такви термоцентрали. Дали размислува на други извори на енергија. Дали размислува користење на алтернативна енергија и која е постапката за развој на таквите извори на енергија. Ова прашање го поставувам затоа што  сум доживеал периоди кога македонската индустрија се наоѓала во тешка состојба поради тоа што немала доволно производство на електрична енергија. Македонското стопанство мора еднаш да заживее. Мора тоа да се развива. Тука нема дилеми и нема размислување, затоа што тоа е живот, тоа е опстанок на оваа држава. И во моментот кога ќе тргне тоа стопанство кое ќе се развива со поголема стапка на развој, отколку што може да биде стапката на развој на енергетските извори, тогаш ние ќе доживееме состојба да немаме доволно електрична енергија за покренување на машините во фабриките. Многу е тешко да се снабдуваме со таква енергија од околните земји, затоа што и тие  на свој начин ги димензионираат своите потреби за своите потреби.

Според тоа, прашањето мислам дека е многу сложено, многу комплексно и бара една широка елаборација и во таа насока. Ако сега Владата не може да ми даде одговор, да припреми еден комплетен одговор кој не само на мене што ќе ми послужи, туку ќе му послужи и на Парламентот, а и пошироко. Благодарам. Само едно прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за економија, господинот Стефче Јакимовски.

СТЕФЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Јас не би сакал сега да се впуштам во детално образложување. Како што рече самиот пратеник Иванов ќе доставиме целосна информација околу енергетската стратегија на Владата и апсолутно сите прашања кои што ги покрена пратеникот се навистина битни и значајни и секако дека Владата води сметка токму за овие аспекти и за идниот развој на Република Македонија и јасно е дека јавноста можеше да види дека токму најголемите инвестиции се предвидуваат во енергетскиот сектор. Но не би сакал да должам, значи ќе добиеме една целосна информација за сите точки што тој ги напомна во своето пратеничко прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, значи е имаме писмен одговор.

На ред е господинот Ружди Матоши да постави три прашања.

РУЖДИ МАТОШИ:

Благодарма господине претседател,

Јас имам три прашања да поставам.

Првото прашање сакам да му го поставам на министерот за правда, иако тој не е присутен, ако е тука добро е да влезе во салата. Токму сакам да се концентрирам на прашањето за судските постапки и процедури кои продолжуваат во Република Македонија. Неодамна, значи еден ден друштвото на албанците затвореници во Македонија, на еден собир кој што го имале во Струга, констатирале дека во затворите на Република Македонија актуелно се наоѓаат 50 затвореници албанци со тешки политички обвиненија. И покрај овие 50 имаме во постапка и многу други албанци кои чекаат да бидат обвинети. Исто така имаме и неколку кои што се веќе обвинети и се во затвор. Сите овие се во доменот бивши борци во ОНА и во рамките на нивните активности и денеска министерот за правда ја злоупотребува оваа владина фотеља.

Јас сакам да му кажам на министерот за правда дека сме имале и ние министер за правда во минатата Влада и нашите активности биле концентрирани токму во оваа насока. Ние сме ослободувале тогашни началници кои што биле затворени од СДСМ во случајот на Џавид Асани на најлесен начин за Македонија сме го решиле неговото прашање. Не сме екстрадирале лица за да имаме добра клима во Македонија, значи ги знаеме компетентностите на министерот за правда и

тој треба да биде во оваа насока легилентен и да биде во коресподенција со решавањето на овие проблеми.

Второто прашање ќе се концентрирам до Министерството за внатрешни работи и токму во решавањето на спорот со државјанството. Во текот на расправата во Парламентот дебатата за државјанство административните структури и самото Министерство за внатрешни работи не успеа да разбере нешто дека е дојдено време и момент Македонија веќе да се ослободи од овие проблеми, туку напротив, ние имаме сеуште стара песна, сеуште стари начини на неправда во оваа насока.

Јас сум соработувал со разни граѓани кои го имаат проблемот на државјанството и токму по расправата за Законот за државјанство имаме масивни одбивања од Министерството за внатрешни работи. Што се однесува на стекнување со државјанство и што е феномен за дискусија е фактот што за еден ден само во Министерството за внатрешни работи во секторот во Тетово околу стотина негативни барања стигнале од МВР, негативни за стекнување на државјанство и сите биле потпишани од фамозниот Ерол Салих кој што не заслужува да биде на тоа место, затоа што сите граѓани албанци знаат дека тој е корумпиран човек, е лош администратор и човек кој работи во насока кој никогаш не ги задоволува потребите на граѓаните албанци за државјанство. Јас се чудам како албанскиот апртиципиент во Владата сеуште дозволува тој да прави нечисти работи во Министерството. Затоа е феномен за дискусија. Како можат за еден ден да стигнат околу 100 одлуки, негативни решенија само во еден сектор за внатрешни работи, значи негативни одлуки за стекнување на државјанство.

Третото прашање е прашање кое во Република Македонија значи е од долг период е во сферата на денационализацијата. Ова прашање сакам да го поставам на целата Влада и тоа е добро ова чувствително прашање да го разгледаат добро и со посебно значење. Значи ние знаеме дека комунизмот оставил големи последици во земјите на Југоисточна Европа, исто така оставил и во нашата држава. Тие не признавале ни вера ни Господ и токму во рамките на овој менталитет се одзема многу големо богатство кое што припаѓа на верските заедници. Сега конкретно ќе застанам на богатството на исламската верска заедница. Сакам од Владата на што потранспарентен и отворен начин ако сакаат и на писмен начин на аналитички начин да ми објаснат колкав е капацитетот на богатството на имотот на исламската верска заедница во Република Македонија, имот кој што треба да се денационализира. Значи да се врати на субјектот кој што е сопственик на богатството на имотот. Сакам

да направат една паралела колку е вратено богатството и имотот кој што е земен од комунизмот од Православната црква на Македонија и од другите верски субјекти кои постојат во Република Македонија. Јас лично сум во соработка со верски компетентни лица и работиме прекрасно. Јас ќе барам од нив да се упатат до институциите како што е Хелсиншкиот комитет, Народниот правобранител и другите меѓународни институции, дури во Брисел да се обратат и колкаво е правото на оутѓување на имотот, колкаво е нивното право да си го имаат тој имот. Затоа ако Владата со инфериорност гледа на имотот на исламската верска заедница, имот кој треба да се врати во нивна компетентност е голема штета која ќе ја чини многу Македонија и нема да кореспондира со реалноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Матоши. Првото прашање беше до министерот за правда, господинот Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Благодарам претседателе,

Се работи за, ова е мое лично мислење, за многу интересно и провидно прашање. Но добро е што постои демократија. Добро е што граѓаните имаат можност да не гледаат и да донесуваат свој суд по однос на се и по однос на овие работи.

Јас би го разбрал пратеникот за загриженоста кога би било во прашање тоа што значи амнестија за која донесовме закон и стојам зад тоа дека тој закон доследно и до крај се спроведе. За таа намера од моето доаѓање во Министерството за правда ги превземам сите можни активности за да многу брзо излезам пред јавноста и да кажам дека Законот за амнестија е спроведен и таа работа ја оставаме зад нас.

Во оваа прилика би сакал да нагласам уште неколку прашања да отворам. Не поради пратеникот, туку повеќе поради јавноста. А јавноста знае, јавноста следи и јавноста донесува одлуки. Само да ја потсетам јавноста дека ни поминало многу време одкога го донесовме Законот за амнестија. Кој беше ставот на политичката партија што денеска го претставува тој пратеник и кои беа маките на Иџет Мемети, тогашен министер за правда за да се донесе тој Закон за амнестија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре јас сепак би ве молел да одговорите на прашањето за да не влеземе во една полемика и во една дискусија, одговорете на прашањето како што е поставено за потоа да продолжиме понатаму.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Така да сепак, за среќа на сите граѓани и покрај таквиот став успеавме да имаме закон за амнестија. Сметам дека на пратеникот се му е јасно како е поставен правниот систем и кои се постапките во тој правен систем и дека во тој систем министерот за правда нема никакви надлежности. Бидејќи беше спомнат случајот Џавид Асани, јас би го потсетил само пратеникот, ако не го знае одговорот, а би требало да го знае, дека во тогашно време господинот Џавид Асани додека тие беа на власт беше осуден. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

РУЖДИ МАТОШИ:

Господине министре јас воопшто не сум задоволен затоа што ова не кореспондира со реалноста. Се забележува дека воопшто не си во континуитет со тоа што албанскиот народ преживеа во 2001 година. Ти господине треба да знаеш дека што се однесува на разоружувањето и амнестијата тоа било одговорност на воениот субјект токму на политичката управа на ОНА да се разбере, значи да се договори со НАТО и да не се дојде до овие пазарлаци што ги правиме сега. Дали имаш или немаш право на амнестија. Ваков бил разговорот да ти гажам право во очи, ако добро не ме разбираш. Што се однесува на Џавид Асани се забележува твојата активност и активноста на Министерството за правда досега колку вие сте направиле за него и колку сте се заинтересирале за тоа колку тој е во Косово во затвор и како е таму казнет. Ова ја покажува твојата активност што правиш досега и како им пристапуваш на овие проблеми. Имаме и конкретен пример. Имаме граѓани кои што контактирале со тебе и јас знам дека контактирале со тебе и тие во јануари треба да одат во затвор. Знаеш ли што си им рекол господине министре. Си им рекол дека треба да одите во затвор. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре. Јас се надевав дека нема да се развие ваква дискусија.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Благодарам. Како во секој правен систем и во Република Македонија постојат закони кои треба да се почитуваат. Неслучајно јас го спомнав Законот за амнестија. За тој период ќе се направи се и тој закон ќе се почитува до крај. Тоа е прво.

Второ, за тоа што пратеникот не е задоволен, воопшто немав намера него да го задоволувам. Битно ми е граѓаните да бидат објективно информирани. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Поминуваме на второто прашање упатено до министерот за внатрешни работи, господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Благодарам претседателе.

Ова Собрание ги изгласа измените и дополнувањата на Законот за државјанство иако ние формално сеуште немаме добиено. Нашата последна информација е дека  претседателот на Република Македонија се решил да не го потпише Указот за прогласување на законот и најверојатно ќе се врати повторно во процедура, ако таа вест е точна. Велам дека во Министерството за внатрешни работи ја немаме добиено таа информација. Меѓутоа и во тие измени се содржани повеќе одредби околу членот 7 и членот 11 и т.н., што беше предмет на широка дискусија овдека во Собранието. Независно од тој закон и по досегашната регулатива во членот 7 беше предвидено безбедносни и други проверки кои треба да ги врши МВР, односно соодветна управа и факт беше дека досега кај голем број предмети подолг период  имаше неодговорени барања, односно не дадено мислење до надлежните скетори во МВР и поголем број предмети беа повеќе време заглавени.

Во Министерството пред 15-тина дена беше формирана работна група, со мое решение кое имаше рок од 60 дена да ги разреши сите стари предмети кои беа затечени во МВР, односно управата да достави соодветно мислење до надлежната служба која што треба да одговори на барањата за државјанство. Можам да кажам дека за 20-тина дена досега работа над 90% од тие заостанати барања кои што беа се дадени мислења за соодветна постапка. Меѓутоа, прво би го замолил пратеникот ако има право да употребува различни податоци, меѓутоа, барем да не шири дезинформации кога поставува пратенички прашања.

Прво, во цела Република Македонија во текот на изминатите 10 дена се дистрибуирани вкупно 50 негативни решенија. Според тоа, нема теоретска шанса само во Тетово да имало 100 негативни решенија затоа што 50 се помалку од 100.

Уште нешто, не значи дека сите решенија, сите постапки кои биле досега дека за сите има позитивно мислење. Досегашиот закон определува услови и критериуми и по тие Министерството ќе си даде соодветен одговор базиран врз рамките на мислењата што потекнуваат од законот.

Меѓутоа, не се работи за никаква бројка од 100 во Тетово, туку за 50 во цела Република Македонија постапувајќи по законот и постапувајќи по решенијата таа работна група да ги разреши сите заостанати предмети кои досега беа во Министрството и немаше одговорено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

РУЖДИ МАТОШИ:

Се разбира дека министерот манипулира, тој не го знае добро календарот колку се десет дена, а колку се 25 дена. Од 1.12.2003 година до сега 25.12.2003 година, има 25 дена, а не 10 дена. Имаме разни манипулации како одговор од МВР до граѓаните за феноменот државјанство. Сите се потишани од манипулантот Ерол Салих кој работи со министрот Хари Костов. Тоа се документи, јас ќе му ги донесам, имам факти, ќе му би соберам сите и ќе му ги дадам во раце. Не сме дошле тука да ја лажеме јавноста или себе си.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас останувам на нашите бројки и очекувам дека пратеникот кој не манипулира, цело време ја зборува вистината, да ни достави список и копија од сите решенија од 1 декември до сега кои во СВР Тетово треба да изнесуваат 100. Ќе видиме кој е во право кој не е во право.

Уште еднаш укажувам, не значи дека сите барања ќе бидат позитивно решени. Сите барања ќе бидат одговорени во законски рок и според законските услови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање е упатено директно до Владата.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Процесот на денационализација Владата го води согласно Закон и согласно политиката на Владата. Притоа, не врши никаква дискриминација. Токму поради тоа,

бидејќи пратеникот се повикува на некои докази, се повикува на некои информации, би било интересно да ги добиеме и тие, меѓутоа, во овој момент вака глобално поставено прашање може да го одговориме само на ваков начин, а тоа е дека согласно законот процедурата за денационализација се одвива. Во таа смисла дискриминацијата ниту е политика на оваа Влада ниту е можна, согласно законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?момент вака глобално поставено прашање може да го одговориме само на ваков начин, а тоа е дека согласно законот процедурата за денационализација се одвива. Во таа смисла дискриминацијата ниту е политика на оваа Влада ниту е можна, согласно законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

РУЖДИ МАТОШИ:

Затоа побарав писмено да ми одговори Владата во врска со денационализацијата, конкретно субјектот на Исламската верска заедница во Македонија. Тие имаат едно богатство, имот кој се проценува со една милијарда германски марки или 500 милиони евра што треба да се разгледа од страна на Владата, од министрствата и да се излезе со темелна анализа кој е тој имот затоа што имаме информации дека нешто е вратено на православната црква во Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Со тоа ги затвараме трите прашања.

Следниот пратеник да постави прашања е пратеникот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Господине пртседателе, јас ќе го искористам правото да поставам три прашања според она што го концептирав какако прашања сите се однесуваат до Министрството за внатрешни работи. Одговорите ги барам писмено да ми бидат одговорени, а се однесуваат на следното:

Во последно време во подрачните единици на МВР поточно од септември до денес при давањето патни исправи односно пасоши на државјани на Република Македонија место адресата на живеалиштето во Република Македонија се пишува привремено живеалиште во странски држави, а личните карти на овие лица им се одземаат од соодветните органи.

Прашањето е следното:

Зошто во патните исправи на местото на живеалиште во Република Македонија се пишува адреса на странската држава и зошто им се одземаат личните карти на овие лица?

Второто прашање се однесува до прашањето на државјанство, но во однос на колегата Матоши, моето прашање се однесува на следното:

Ме интересира од 1 јануари 2003 година, до 1 декември 2003 година, колку обжалувања во однос на решенијата за стекнување на државјанство има разгледано соодветната комисија на Владата, мислам на Второстепената комисија, која е националната структура на оние кои поднеле жалба и податоците ги барам според регионалните односно подрачните единици на МВР.

Третото прашање се однесува, а ќе се повтори прашањето, бидејќи го поднесов претходно, се однесува на Радио клубот Њати во Тетово, на членовите на овој радијо клуб на браќата Абдулаи кои во 2001 година со навлегувањето на органите на МВР им е конфискуван техничкиот имот и друга опрема по навлегувањето во нивните куќи, имот кој треба да им се врати, а до овој момент не им е вратен на лицата за кои станува збор.

Прашањето конкртно е кога овој имот и оваа опрема ќе им се врати на Радио Клубот Њати и на лицата, станува збор за 2001 година. Ќе нагласам уште еднаш дека одговорите ги очекувам во писмена форма. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Иако пратеникот бара одговори во писмена форма, право е на претставникот на Владата да одговори и усмено.

Првото прашање беше упатено до министерот за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

На првото прашање усмено ќе одговорам. Би сакал да кажам дека очигледно кај дел од населението, затоа што ова прашање, ако се сеќавате, на минатата седница на пратенички прашања скоро исто прашање беше поставено од пратеникот од Струмица за проблеми во Струмица околу личните карти.

Според тоа, да не го делиме како национално прашање, нашиот одговор за тогаш, а и сега е, очигледно дека станува збор за прашање односно се појавува проблем од аспект на непочитување на определени законски прописи можеби заради нивно непознавање и мешање на повеќе законски прописи. Проблемите произлегуваат воглавно од непочитување на Законот за пријавување и промена на престојувалиштето, живеалиштето итн. Според тој закон е определно дека секоја

промена и секое напуштање што се однесува до прашањето на личните карти, напуштање на територијата на Република Македонија, подолго од три месеци било заради привремен престој, заради работа во странсво итн., секое лице државјанин на Република Македонија  мора да ја пријави промената на живеалиште и тоа може да избере  на слендите три места.

Значи, може да го пријави кај надлежната единица на МВР при самото напуштање на Република Македонија.

Може да го пријави на граничниот премин или

Може да го пријави кај дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во земјата во која отишол и престојува повеќе од три месеци.

Според тоа, во пракса тоа ни се случува затоа што личната карта е документ кој треба да покаже место во кое лицето има постојано живеалиште односно престојувалиште за да биде соодветна евиденцијата на МВР.

Она што се јавува зошто во некои пасоши некогаш наместо домашната адреса се става престојувалиштето во странство. Затоа што лицето сигурно престојува повеќе од три месеци во странство и таму во тој момент му е претојувалиштето и живеалиштето. Меѓутоа, во обрасците на патните исправи односно пасошите има повеќе простор за промена на живеалиштето и тогаш кога ќе се поставува според Законот за пријавување на престојувалиштето и живеалиштето сигурно ќе се вметне и таквата одредба која постои таму.

Ако имало случаи на одземени лични карти, тогаш е сигурно истото заради тоа што престојува повеќе време во странство и во кое му е истечена старате лична карта. Ваков проблем односно неинформираност од аспект на обврските кои произлегуваат за сите граѓани од Законот за престојувалиште и промена на престојувалиштето и живеалиштето, знам дека имаше во Струга, таму е упатена инспекција од МВР и дека ваквите одредби кои се однесуваат на обврските на граѓаните да ги почитуваат овие напред изнесени обврски од законските прописи ќе бидат истакнати во сите управни служби во подрачните единици на МВР.

Доколку има конкретен случај на кој би се јавила ваква состојба со погрешна примена на правилата, тогаш би молел да добијам за конкртен случај да се испита дали е така или не е. Инаку, генерално ова се определби од законските прописи за кои зборувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи министерот избра усмено да одговори, го прашувам патеникот дали е задоволен од одговорот.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Г-дине претседателе,  јас сакам да објаснам нешто. Не станува збор за неинформирање, прашањето е поставено врз основа на закон за пријавување на живеалиште и местото на живеење. Овој закон, колку што знам, го регулира прашањето за движење на граѓаните внатре во државата, во членот 8 се предвидува обврска на сите граѓани на Република Македонија кои ќе одлучат повеќе од три месеци да престојуваат во странство имаат обврска да го пријават своето одење во странска држава, тоа не подразбира дека неговата адреса во пасошот треба да биде странска држава, бидејќи знаеме дека адресата на граѓанинот ја менува два пати во текот на една година каде што живее.

Патната исправа е документ за идентификација на граѓанинот на Република Македонија надвор од државата. За секое нешто кое ќе му се случи на граѓанинот таму во овој правец  јас мислам дека не држи оваа позиција дека таа  адреса треба да биде впишана во пасошот.

Прашањето кога граѓанинот престојува надвор од државата тој им подлежи на законите на државата каде престојува и врз основа на тоа тој граѓанин во таа држава има пријава за престој во таа држава. Затоа верувам дека ова прашање е грешно или погрешно е разбрано од оние кои го применуваат законот во пракса. Верувам дека министерот оваа грешка ќе ја исправи со указ или наредба до подрачните единици дека дефакто сите овие луѓе со овие адреси се прогласуваат како лица во дијаспора. Инаку, со самиот факт дијаспора утре ќе се соочиме со проблемот на одземање на правото на овие лица да ги користат правата на граѓаните предвидени со Уставот на Република Македонија. Ќе бидеме во ситуација државјани на Република Македонија да не можат да гласат, затоа што имаат пасош со адреса на странска држава за сето време во кое нема лична карта на оваа држава, мислам дека ова прашање треба да се разгледа од старна на министерот, да се регулира во МВР за да не се повторуваат овие адреси во документите што ги имаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали министерот има дополнителни појаснувања.

ХАРИ КОСТОВ:

Уште еднаш повторувам, мора да се гледаат поединечно случај по случај затоа што не е работа на генерална определба околу законите.

Сигурно на оној кој постапувајќи по законот над три месеци, овде можеме да зборуваме за случај каде во пасошот му се вметнува адреса во странство за лице кое над три месеци е во странство и во моментот кога му се издава пасошот тој е во странство.

Според тоа, оној кој е во Република Македонија или е под рокот од три месеци нема што да му се става странска адреса. Овде се работи за случај токму на оние кои пријавиле дека се во странство над три месеци и во тој момент фактички во тој период од над три месеци се работи за издавање на пасош во моментот кога има такво престојувалиште. Тоа не значи дека тој не е државјани на Република Македонија. Обратно, токму затоа има пасош.

Впрочем, заради дел од овие проблеми кои во практичната примена се јавуваат изработена е инструкција од страна на управните служби на МВР и таа ќе биде доставена до сите подрачни единици за еднообразно постапување на службите по овие закони.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И второто прашање е упатено до МВР. Барано е писмено, дали министерот чувствува да одговори усмено?

ХАРИ КОСТОВ:

Со огед дека се повеќе податоци околу точни бројки, писмено ќе биде одговорено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За третото прашање г-дине Талат не се изјаснивте до кого е упатено?

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Уште на почетокот реков дека сите прашања се однесуваат до МВР, бидејќи конфискацијата на имотот се однесува на МВР значи и ова прашање е до МВР.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре.

ХАРИ КОСТОВ:

За овој проблем имаше еднаш поставено пратеничко прашање и беше одговорено. За жал, во сите подрачни единици на централата на МВР таква опрема не успеавме да најдеме. Точно дека во 2001 година има издадено записник дека е извршено одземање на опрема, меѓутоа, и по претресувањето на сите подрачни единици не само во Тетово, туку низ цела Македонија и во централата на МВР, опремата не е најдена.

Според тоа, единствено останува можност да се покрене соодветна судска постапка од страна на оштетените и низ таква судска постапка да си ги остварат своите права.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Можеме да речеме дека сме задоволни од одговорот. Но, колку што мене ми е познато, лицата од Клубот имаат податоци дека нивната опрема се наоѓа во Управата за разузнавање и значи, во Управата за државна безбедност. Но, за поконкретни податоци што ги има раководителот на Клубот, мислам дека може да ги има во средбата со министерот и за себе што ги имаме, да се информираме за податоците дали има место за судска процедура. Доколку има, тогаш и ќе ја покренеме таа судска процедура.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре.

ХАРИ КОСТОВ:

Токму и во 2001 година и во записникот е точно дека инспектор е од УБК. Наводно тоа е направено при одземањето и во УБК е ова проверено што претходно го зборев, меѓутоа опремата не е најдена. Според тоа, навистина останува само судска постапка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Следниот пратеник кој што има право да постави прашање е господинот Слободан Даневски. Тој сега излезе.

Ни господинот Шапуриќ не е присутен.

Потоа иде господинот Жарко Караџоски.

Повелете да поставите три прашања.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, дозволете ми најнапред да ви се заблагодарам на амбиентот кој што го гледаме. Елката што ја накитивме. Ова е прв пат да ја гледаме. Тоа е една благодарност до вас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само уште подароци треба.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Инаку, можевте барем и некој плав шампион да ставите да не личи дека е ВМРО-овска елкава.

Инаку, почитуван претседателе, јас ќе го искористам моето право да поставам три прашања.

Првото прашање ќе го поставам до почитуваниот господин министер за внатрешни работи, господинот Хари Костов.

Господине министре, на 15.12.2003 година акцијата за доброволно предавање на оружјето се разбира илегално и неговото легализирање, акција која во последните месеци беше топ тема во Република Македонија, акција поради која народот во Република Македонија секојдневно го информиравме колкав е одзивот по разните пунктови, за редовите, поточно колоните на граѓани кои упорно чекаат да дојдат на ред како би го предале оружјето на време, акција поради која и пратениците во Собранието на Република Македонија мора да свртат еден круг низ Скопје, се разбира на чело со господинот Гзим Острени, како главен предводник, на, се разбира, разорожувањето, акција во која вие благодарение на тоа што сте министер имавте чест да преку ред го предадете вашето оружје, како на би се малтретирале во гужвата.

Вие, почитуван министре ја знаете точната бројка на предаденото оружје. Јас не се трудев да ја запамтам, но се надевам дека одговорот прецизно ќе го слушнам од вас. Во глобала знам дека бројката за предаденото оружје во Република Македонија е поголема од 7.500 парчиња, вклучувајќи го тука и вашиот арсенал кој го предадовте, а пола од тој број ако се одземе оружјето што го предадоа вашите вработени во Министерството за внатрешни работи, вклучувајќи го и топот од еден ваш сега соработник, а претходно борец во ОНА.

Значи, ако се одземе оружјето кое го предадоа разни функционери во државата, се разбира доброволно, колку точно оружје и муниција и други експлозивни направи е собрано од недолжното население. Сметате ли дека оваа акција може да добие преодна оценка за својата успешност, особено поради фактот што влеавте страв кај граѓаните на Република Македонија со вашата најава за полициска држава, или пак поради тоа што ја разбудивте свеста кај граѓаните од штетноста на оружјето. Дали вие почитуван министре сте задоволни од успешноста на оваа акција и што за вас би значел успех. Патем до каде е извлекувањето на наградниот автомобил?

Моето второ прашање почитуван претседателе, ќе го поставам до Министерството за внатрешни работи.

Колку Република Македонија како полициска држава, согласно изјавата на министерот Хари Костов, по 15 декември 2003 година, значи точно по амнестијата на незаконско поседување на оружје е ефикасна како правна држава согласно новите законски решенија, кои стапија на сила по овој датум. Би го поставил прашањето поконкретно. Дали Министерството за внатрешни работи по овој датум презеде некаква акција за откривање на незаконско поседување на оружје. Ако одговорот е да, колку оружје по завршетокот на акцијата е собрано, се разбира и муниција, дали е поднесена соодветно на тоа кривична пријава и колку.

Да прецизирам почитуван министер. Прашањето не се однесува на тоа колку петарди во меѓувреме собра Министерството за внатрешни работи. Значи, дали вашата изјава господине министре дека Република Македонија ќе наликува на полициска држава се однесуваше на акцијата за собирање на нелегално оружје по амнестијата, или пак за собирање на петарди. Затоа, очигледно оваа акција барем спрема собраните петарди навистина ја прави Република Македонија полициска држава.

Трето прашање. И третото прашање би го поставил до Министерството за внатрешни работи, поточно до господинот министер.

Почитуван министре, веќе е јасно дека командантите Бреза и Чакала за Министерството за внатрешни работи станаа мисловна именка, а за вас како министер очигледно фатаморгана. Ако за овие двајца сте немоќни да ги спроведете пред лицето на правдата, поточно не ви се достапни веќе подолг период што води кон заборав, сакам да ве прашам вас како министер кој раководи со Министерството за внатрешни работи.

До кога и вие и целото Министерството за внатрешни работи ќе го толерира самоволието на таканаречените команданти Баци и Хоџа. Деновиве, а и подолг период сме сведови на информации кои ни ги пласираат средствата за јавно информирање. За првиот е очигледно дека во Тетово е главниот господар на теренот при узурпацијата на земјиште од различен карактер, а се за потребите на Тетовскиот универзитет, за кое нешто дури и бесправно, не само што ја запоседнал зградата на “Тетово табак”, туку истата ја оградил со бетонски ѕид, кој благодарение на добрите преговарачи во Министерството за внатрешни работи е урнато.

Другиот пак го освојува теренот на Шара во Хотелот “Славија”, каде со благослов на ДУИ се прогласи за сопственик на истиот објект, па сега ни ги угостува гостите од соседното Косово. Додуша, за почеток негови колеги, ама понатаму ќе го развие бизнисот.

Те прашувам почитуван министре, ако немате намера да одите на скијање на Шара со господинот Бучковски заедно, во рамките на акцијата која неодамна ја спроведувавте, дали имате намера да се позанимавате со овој проблем во рамките на овластувањата кои ви ги дава законот во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Значи, првото прашање, второто и третото, да не ги повторувам, до министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ХАРИ КОСТОВ:

Не се сеќавам дека пратеникот Караџоски го видел тоа низ кругот низ Скопје, меѓутоа и ако беше сигурно не се умори од еден круг низ Скопје низ оваа локација што ја вртеше толку, да помогне, освен ако седењето кај Дестан не беше поддршка на акцијата. Меѓутоа, ако изгуби по првото прашање, ако не беше тука додека ги дадов податоците на одговорот на пратеникот Михајло Георгиевски, тогаш уште еднаш ќе повторам. Од 1 ноември до 15 декември со спроведувањето на Законот за доброволно предавање на нелегалното оружје и постапката за легализација, предадени се вкупно парчиња муниција од различен калибар, значи 100.219 парчиња муниција. Пушки и автомати - 3.589, пиштоли - 2.336; револвезри 458; митралези - 27; минофрлачи од 60 мм. - 2; ракетни лансери интрумблони - 55; разни мини - 247; разни гранати - 60; рачни бомби - 797; експлозив во килограми - 165,4 и кажав преескa колкави објекти би можеле со тој експлозив да се разрушат; детонатори и така натака и така натака.

Според тоа, имајќи предвид, секако мора да кажам дека, како што и спомнав и преескa, дека дел од тоа предадено оружје, сугурно не автоматите,, митралезите, ракетните лансери, минофрлачите и тн., се и во постапка на барање за легализација и ги кажав бројките по различните СВР, ОВР, каква е постапката и до каде е стигнато.

Не можам да му одговорам на делот на прашањето ако се иземат овој или оној колкав број оружје останало, затоа што акцијата беше со анонимно предавање и тој што сакаше да го предаде оружјето немаше никаква обврска да се легитимира, а уште помалку, дека и комисиите кои беа формирани немаа право да го прашуваат за идентитет и тн., освен предавањето на оружјето и неговото заведување. Дури и во таа постапка немав никаква привилегија да одам вон ред, туку еве во таа гужва која пратеникот ја спомна, токму на ред, предавајќи го она оружје кое беше со дозвола и тн., меѓутоа како соодветна поддршка на акцијата.

Наша оценка, моја оценка ако не на крајот на краиштата, имаше и Координативното тело денеска седница, па ќе ја чуете и оценката од Координативното тело, а на крај и Собранието, врз основа на Законот кој ќе расправа по Извештајот околу спроведувањето на акцијата, која според Законот Координативното тело е должно да ја предаде. Меѓутоа, за сега моја лична оценка да кажам е дека акцијата за нас е успешно завршена. Едно, заради тоа што немаше никаков инцидент, гледано од бројот на количеството на оружје, оваа бројка е далеку поголема, не само од она што во соседството се направи во последнава година, туку и поголем број го надминавме без никакво учество да речеме на странски учесници и тн., туку го надминавме бројот кој што беше предаден како нелегално оружје во текот на 2001 година, со НАТО и Суштествена жетва и тн.

Иако делов е и под второто прашање, овде не се работи на делот околу тоа дали некој внесува страв и тн., не се работи на тоа дали Министерството за внатрешни работи внесува страв од наводна полициска држава ќе одговорам во вториот дел, туку се работи за спроведувње на измените на Законот за Кривичниот закон и Законот за носење и поседување на оружјето, кое токму ова Собрание ги донесе. Меѓудругото, за тие закони гласаа токму и пратениците од ВМРО-ДПМНЕ. Според тоа, Министерството за внатрешни работи само ги спроведува и ќе ги спроведува законите кои што Собранието на Република Македонија ги донесе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас колку што разбрав господине министре и на второто прашање одговоривте.

Тогаш повелете господине Караџоски, дали сте задоволни по првото и по второто прашање.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, сега прво ќе одговорам дали сум за првото, а за второто не слушнав некој поконкретен одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Значи, за првото дали сум задоволен. Моето мислење е сосема друго. Меѓутоа, јас би поставил дополнително прашање.

Господине министре, од сето ова предадено оружје, дали знаете колкав е процентот на оние кои го предадоа оружјето, кои поднесоа барање за легализација на истото. Моите информации зборуваат дека тоа е доста голем процент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре.

ХАРИ КОСТОВ:

Не верувам дека пак треба да ги читам од сабајле податоците. За легализација, по тоа прашање одговоривме на прашањето кога господинот Михајло Георгиевски го постави.

Во периодот од 1 октомври 2003 година, значи пред почетокот на акцијата, затоа што имаа право граѓаните и пред периодот на Законот за доброволно предавање на оружјето кој што регулираше од 1 ноември до 15 декември, а во периодот од 1 октомври 2003 година до 15 декември 2003 година, поднесени се вкупно 4.893 барања за легализација, од кои 2.175 се одобрени, 187 барања се одбиени, додека во постапка на решавање се уште вкупно 2.531 барање. И поединечно преескa ги прочитавме по сите СВР, ОВР, каква е состојбата. Според тоа мислам дека може ако сака пратеникот да добие и дел од стенограмот да ги види точните бројки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Второто прашање.

ХАРИ КОСТОВ:

На второто прашање ќе му доставиме точни бројки околу тоа што е од периодот на завршувањето на акцијата и ќе биде изненаден во некои работи, какви има све оружја предадено и какви акции има спроведено. Меѓутоа, во тоа делче писмено ќе одговориме, само сакам овде да ја расчистиме работата околу изјавата, затоа што изјавата наша и ставот на Министерството за внатрешни работи е дека Република Македонија после 15 декември ќе заличува на полициска држава за сите оние кои

нелегално поседуваат оружје, а не за сите граѓани на Република Македонија. Според тоа, тој кој што нелегално поседува оружје, има зашто да се плаши и ќе предмет на санкции од Министерството за внатрешни работи, а сите други кои тоа го немаат, нема зашто да се плашат ниту од демократските односи во Република Македонија ниту од полициска држава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Писмено ќе добие одговор. Не сте задоволни од писмениот?

Добро, повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не ја гледам причината зошто писмено би ми се одговорило. Од 15 декември до денеска се се на се 10 дена. Она што го слушнавме од средствата за информирање, па и сношти беше пласирано дека од сите акции кои ги презеде Министерството за внатрешни работи после овој датум собрана е една пушка и евентуално еден револвер во некои такви акции. Дали беше пушката ловџиска не се сеќавам, меѓутоа Министерството за внатрешни работи како оправдување на сето тоа кажа дека, “ама затоа собравме многу петарди”. Можеби и од тоа е разлогот што министерот сака да одговори писмено. Јас не ја гледам причината зошто би одговорил писмено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот министер има збор.

ХАРИ КОСТОВ:

Причината зошто писмено ќе му одговориме во делот е затоа што сакаме да дадеме прецизни податоци. Гледам дека пратеникот се информира само од некои медиуми. Ние нема да се држиме до тоа медиумите што кажуваат, туку со потпис и печат ќе му доставиме све што е од 16 декември наваму собрано. Тогаш, кога ќе види што има таму, верувам дека ќе биде задоволен од резултатите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. И последното трето прашање до Министерството за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Верувам дека господинот пратеник би требало да прави многу јасна разлика меѓу она што е законодавна, затоа што има повеќе искуство во Собранието, што е тоа што е законодавна, што е извршна и што е судска власт. Списокот можеби ни беше поголем, јас имав овде и еден поинаков список, очекувајќи можеби и друго прашање, меѓутоа би сакал да истакнам дека од периодот кога на ВЕБ страницата

на Министерството за внатрешни работи беа објавени дел од потерниците, значи почетокот на ноември до денеска, Министерството за внатрешни работи постапувајќи по потерниците во затворите, односно пред надлежните судски органи, има по потерниците фатено повеќе со денешен ден, пвоеќе од 130 лица, од кои 81 се предадени на соодветните затвори за издржување на казни затвор, а 39 лица се предадени на надлежните судови за соодветна истражна постапка. И околу тие податоци наредниве денови сугурно јавноста ќе биде повеќе запознаена. И во оваа бројка не е вклучено лицето Џемаил Хисени кој што, еве деновиве имавте можност да видите дека во Косово беше уапсен и се работи на прашање за негова естрадикција. И прашањето околу Бреза и Чакала сигурно ќе си биде затворено и ќе си се најдат таму каде што треба. Ние не сме во некое брзање дека тоа мора да биде утре - задутре, меѓутоа се покажува дека работите не застаруваат и дека ќе си одговараат сигурно.

Околу прашањето, како што го нарече пратеникот самоволието на командант Баци и тн. Во судовите во Тетово се води постапка, прво, Министерството за внатрешни работи не е орган кој ќе утврди дали во зградата на "Тетово табак" е сопствено на еден, друг или тн. за да постапи по правосилна пресуда. Министерството за внатрешни работи може да постапи само по правосилна судска пресуда кога од судот ќе биде побарана асистенција да се спроведе судската одлука. За тој дел околу зградата на "Тетово табак" се води судска постапка во судот во Тетово, две рочишта беа одржани. Едното заради непојавување на странката беше одложено, второто заради недоволно обезбедени докази дека наводно не можеше да се донесе пресуда и мислам дека наредното рочиште е одложено за 29 јануари. Тогаш кога судот ќе донесе соодветна пресуда и ќе побара асистенција од Министерството за внатрешни работи, Министерството за внатрешни работи ќе ја спроведе, исто така како што го спроведе по барање на Дирекцијата за стокови резерви кога требаше да им се одземе тутунот кој таму се наоѓаше. Тутунот беше земен и предаден на Бирото за стокови резерви.

Овде не би навлегувам околу тоа дали и во моментот има доволно докази за сопственоста. Сопственоста најлесно се утврдува ако било која странка, па дури и судот, би побарал од Централниот депозитар за хартии од вредност и надоместокот е само 100,оо денари, тогаш Централниот депозитар сигурно на судот ќе му достави доказ околу сопственичката структура на тој објект, односно на претпријатието "Тетово табак" и дека би можел да донесе соодветна пресуда. Сигурно имајќи

предвид дека и според Законот за берзата, било какво тргување, односно нотарски заверени договори за наводни купувања на акции, кои не се поминати преку Македонската берза, не произведуваат никакво дејство, би очекувал дека сигурно судовите ќе ги имаат во предвид овие документи и дека ќе донесат соодветна одлука. Тогаш кога судот ќе донесе одлука, Министерството за внатрешни работи по барање на судот за асистенција, ќе ја спроведе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине министре, значи според вашата изјава се додека не се расчисти сопственост МВР нема да се вклучува во акција. Меѓутоа, има една работа, значи спорна е сопственоста, што е очигледно, барем од она што вие го кажувате. И сега кога е спорна сопственоста, не е ли спорно запоседнувањето на објектот од оној кој што не е сопственик, независно дали е тој, или некој друг, затоа што во правото има и една терминологија која се вика владение. Значи ако нема сопственост, има спор за сопствност, има право на последно владение. Меѓутоа очигледно е дека некое лице со аргументи кои што му се нему својствени врши запоседнување, згора на тоа окачува табли на некаков си тетовски универзитет, става бетонски огради кои што вчера слушнавме дека благодарение на преговарачкиот тим на МВР кој очигледно нешто најде во МВР, успеа да ги натера таму да го срушат. Значи очигледни се постапки на одредено лице кои неможат никако друго да се квалификуваат освен со правна терминологија, или со кривично дело, самовластие. Јас знам дека МВР не е тоа што само ќе поднесе пријава, тука е и обвинителството кое треба да покрене одредени работи, меѓутоа јас само ве прашав, дали на сето ова ќе се стави крај, значи вие како министер за внатрешни работи со вашиот авторитет и како Министерство за внатрешни работи во рамките на своите овластувања нормално со соработка на сите други институции.

ХАРИ КОСТОВ:

Навистина незнам, пратеникот Караџоски колку што знам е правник и сега и во самото негово дополнително прашање самиот ми го кажа и одговорот. Тогаш, значи кога ќе имаме во соработка, односно тогаш кога ќе имаме пресуда од надлежен орган од судот кога ќе ни каже кој е тој, МВР по барање на асистенција од судот тоа ќе го спроведеме, или на надлежен државен орган. Инаку во спротивно ако МВР биде тој кој што ќе пресудува, мислам дека досега ќе имавме и многу други

работи во кои што г-динот Караџоски би можел да се жали. Значи тогаш кога ќе имаме соодветна пресуда и барање од судот за асистенција,  или од надлежен државен орган МВР ќе ја спроведе.

Најенергично би сакал да го демантирам ова што два пати фактички г-динот Караџоски го спомнува во прашањата, дека рушењето на ѕидот пред објектот на Тетово табак било со некаков преговарачки тим на МВР. МВР со никого ниту преговарал околу таа работа, ниту бил вклучен во било каква активност за преговори со некого.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски вие сте на ред, имате право на три прашања.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Го користам моето право да поставам три пратенички прашања.

Првото прашање веќе е стандардно, поминаа веќе 10 месеци каде што е дадена забрана за водопиење на град Свети Николе затоа што еве влегуваме и во новата година, граѓаните остануваат со нерешено прашање. Сега е температурата минус 10 и минус 15 степени, уште градот се снабдува со вода со цистерни во вакви отежнати услови е многу тешко. Не случајно го поставувам прашањето, затоа што и оние одговори кои доаѓаа од ресорното Министерство за животна средина, па и она што Владата даваше како делумен одговор дека се прави постапка да се реши случајот сигурно дека не може да се реши случајот. Најновите кажувања кажуваат, иако се врши притисок на одговорните луѓе во Заводот за здравствена заштита да го потпишат решението за да можат граѓаните да пијат вода во зимскиот период, затоа што и во овие услови која вода се добива преку водоводот од системот Мавровица, браната е 19 промили опасните материи трихлор и метани, со што и најсовремена технологија категоријата која е петта категорија на вода во браната Мавровица неможат да ја преработат. Што значи овие активности што се направени во овој период и се потрошени над 400 илјади евра, дали се потрошени наменски, или ненаменски тоа ќе го утврдиме потоа. Неможат да ги решат овие механички филтри да ја исчистат водата што нема да биде чиста за пиење. И никој неможе да потпише такво решение додека не се исчистат трихлор и метаните. Инаку покрената е иницијатива од група граѓани, невладини организации и од општината и градот да покренат и кривични пријави за сите лица кои се инволвирани, затоа што оваа ситуација е со години, а знаеме што значат трихлор и метаните кои се потенцијални носители на карцином. И не е случајно што статистиката во градот Свети Николе

сите случаи на умрени граѓани во град Свети Николе се заболени баш од рак. Тоа не е случајно. Ова е една катастрофа за градот. И мислам дека со ова да се занимава Владата, ова не е само за едното министерство, туку сите министерства кои имаат допирна точка со водоснабдувањето, почнувајќи од Министерството за животна средина, Министерството за земјоделие, Министерството за транспорт и врски, во сите каде што има место да се обезбедат средства, да се најде алтернативно решение. Она што ќе дојде како одговор од Владата дека се направени напори дека ќе почне со изградба системот Злетовица, тоа е перспективно и сигурно дека следните 15 години нема да се стави во функција системот Злетовица. Така што ова прашање останува отворено. Дали не треба сега , ако е во мода тоа граѓаните на општина Свети Николе по пат на сила, видовме дека треба да се земе оружје и да се бараат човековите права, дали треба граѓаните да покажат граѓанска непослушност, можеме и тоа да го направиме, па да се анимира целата проблематика. Сигурно дека во месец јануари кога температурите доаѓаат и до минус 20 степени и до минус 25 степени, а знаеме дека има и мали деца, стари луѓе, неможат да го користат ова, се доведува во прашање како тие граѓани се снабдуваат со вода кои се некаде 15 илјади. Прашањето го упатувам до Владата на Република Македонија.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија. Покренавме иницијатива повеѓе пратеници, повеќе од 25 пратеници кои живеат во источниот дел на Македонија. Донесевме и заклучоци во Парламентот со што ја задолживме Владата на Република Македонија за да отпочне реализација на патниот правец Свети Николе-Миладиновци-Скопје, Штип-Струмица и Штип-Делчево. Гледајќи ги последните параметри во буџетот на Република Македонија, гледаме дека Владата нема направено никакви напори за да се обезбедат некои средства и за почетно стартување на овој проект. Моето прашање е до Владата на Република Македонија, до каде е оваа иницијатива, затоа што имаме веќе обврзувачка, задолжителна обврска, донесен е Заклучок кој го донесе Собранието, како ќе се реализира, од кои средства и како.

И третото прашање е наменето до Министерството за внатрешни работи. Еве најавуваме дека оваа година како Владата, премиерот, па така и Парламентот дека следната година ќе биде година на инвестиции и дека не само што ќе биде следната година преокупирана со инвестиции, туку сигурно ќе се води битка и за аплицирање на Република Македонија за ЕУ. Првиот и она што значи основен елемент е тоа дека Република Македонија треба да го исполни дека ја контролира безбедноста во

Република Македонија што е како прв предуслов на сите странски инвеститори, па и домашни кои сакаат да инвестираат.

Она што се има случено во Хотелот “Континентал” во казиното, група насилници да влезат со експлозивни направи и да извршат рекет во утринските часови некаде со 100-ци илјади евра, да ги земат парите и да го напуштат казиното во Хотел “Континентал”. И реакцијата на многу гости, а знаеме дека, еве се бориме и за туризам, гости, слобода, реакцијата е дека како во американските филмови го напуштаат казиното, го извршуваат рекетот и со 100-ци илјади евра заминуваат.

Прашањето е до министерот Хари Костов, дали и зошто не е информирана јавноста, дали асистирала полицијата, или не асистирала и зошто е прекината постапката. Дали полицијата не е инволвирана во ова што се случувало во Хотел “Континентал”.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање е упатено до Владата. Ќе одговори Љубомир Јанев министер за животна средина и просторно планирање.

ЉУБОМИР ЈАНЕВСКИ:

На ова прашање на г-динот Даневски Владата има доставено одговор, меѓутоа незнам зошто не е денес, врз основа на претходно прашање по истата проблематика има доставено одговор до Собранието, меѓутоа не е на денешната седница, па би го презентирал одговорот на тоа прашање, бидејќи е надополнето на одговорот кој што беше претходно подготвен.

Во врска со решавањето на проблемот за водоснабдување во општина Свети Николе ќе напоменам неколку сегменти кои што се решавани, односно правени во однос на решавањето на овој проблем.

Прво од средствата на Телеком се обезбедени 27 милиони 428 илјади денари за изградба на филтерска станица. Понатаму, актуелниот проблем со донесувањето на решение за престанок на користење на водата се Министерството за животна средина вложи дополнителни средства околу 400 илјади денари за помпа и сменување на филтерскиот слој, поаѓајќи од потребата филтерската станица да се надополни со озонатор кој што гарантира според проектната документација гарантира квалитет добар на водата за пиење во Свети Николе, обезбедени се прво три милиони денари од Министерството за транспорт и врски, меѓутоа по дополнително барање на локалната самоуправа обезбедени се и потребните 7 милиони денари, значи вкупно околу 10 милиони денари за набавка на озонатор со

тоа што би се заокружила инвестицијата и завршувањето на филтер станицата кое што ќе напоменам дека е преодно решение за решавање на проблемот со водоснабдување во општина Свети Николе. Како што знаеме сите и г-динот Даневски знае дека трајно решение е изградба на хидро системот Злетовица кој што практично почна да се реализира и сметаме дека со тоа и временото решение, а и трајното решение дава гаранција за целосно решавање на проблемот со водоснабдување во општина Свети Николе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски дали сте задоволен од одговорот?

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине министре, уште пред 15 години кога јас бев претседател на Собрание на општина Свети Николе ја слушаме оваа приказна, а поминаа 15 години. Такашто мислам овие приказни мене не ми значат апсолутно ништо. Во моментот граѓаните на општина Свети Николе пијат неисправна вода, во моментот граѓаните на општина Свети Николе добиваат вода со цистерни. Ова со средствата што се дадени, дали една мешалка, или озонатор, не го решава случајот. Моето укажување е бидејќи сте вие министер за животна средина да се направи елаборат и да се обезбедат средства за алтернативно решение, а не да се чека тоа што значи решавање на трајно решение, можеби ќе поминат 15 години додека да се стави во функција Злетовица. Во моментот општина Свети Николе нема вода за пиење. Во овие отежнати услови, во вонредна состојба се носи една цистерна дневно, а и ја нема. Знаете ли што значи на минус 15, 20 степени градот да добие само една цистерна вода, 15 илјади жители. Мислам дека ова е несериозно. Каде е таа заштита на човековите права. Што треба да се направи во овој момент. Ова го зборувам од името на граѓаните. Дојдете и видете на лице место. Во вакви зимски услови срамота е и жално е за децата и за старците, жалосно е на минус 15 степени една цистерна вода, 15 илјади граѓани. Не се работи за стока, туку се работи за луѓе. И ова што слушаме дека ќе се реши, не го решавате случајот. И да доведете најголеми експерти трихлор и метаните не ги решавате. Алтернативното решение е да се избушат нови бунари, или преодното што викате дека во перспектива ќе се реши со Злетовица. Кога ? Тоа е веќе мислена именка, што значи во следните 10 години нема шанса.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Од вашиот одговор заклучувам дека сте многу, многу незадоволни.

ЉУБОМИР ЈАНЕВСКИ;

Прво, г-дине Даневски ова не се приказни бидејќи ова се бројки, цифри, средства, пари, финансиски средства кои што се вложуваат во континуитет. За да се заокружи едно техничко решение кое што не сме го измислиле ние, туку некои стручњаци го поставиле како техничко решение за решавање на проблемот. Инаку средствата почнати за давање на овој проблем се дадени од средствата од Телеком. Значи почнат е еден процес и од претходната Влада која што се одлучила на овој систем на решавање на проблемот. Значи се дале 27 милиони денари и вие сега велите овде дека тоа не било решение. Дали вие потврдувате дека оваа одлука на претходната Влада е неисправна одлука и за џабе се потрошени 27 милиони денари. Тое е едното прашање.

Второ, вие спомнувате дека уште пред 15 години биле вршени испитувања и дека решението е во артерски бунари. Незнам зошто не е спроведено тоа решение како алтернативно ако било перспективно решение, бидејѓи вие бевте во локалната самоуправа, а тоа е надлежност исклучиво на локалната самоуправа. Овде сметам дека без некои аргументи освен она што навистина и ние го констатираме дека пред се страда населението во Свети Николе бидејќи нема моментно решение за добивање на квалитетна вода за пиење. Други аргументи немате, бидејќи што требаше да го направи Владата, а тоа е да помогне во обезбедување на финансиски средства, сметам дека е направено со определувањето на дополнителни средства од Министерството за транспорт и врски за обезбедување на озонатор. Оваа инвестиција треба да се заврши и според сите сознанија дека треба во почетните месеци од наредната година да се обезбеди квалитетна вода за пиење во општина Свети Николе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Второто прашање беше поставено до Владата на Република Македонија. Прашањето е во врска со патот Миладиновци-Свети Николе.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

На пратеникот ќе му биде одговорено писмено, бидејќи не само што нема претставник, туку се работи за прашање кое што бара и малку повеќе податоци и елаборација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање беше поставено до министерот за внатрешни работи , г-динот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Ваков настан како што пратеникот Даневски го спомнуваше во своето пратеничко прашање во Скопје и во Континентал не постои. Значи нема случај, ниту деновиве, ниту пред некое време кога некој со експлозив влегол и украл 100 илјади евра, односно, ако не друго барем таков настан во МВР ниту од некој е пријавен, ниту е побарано од МВР нешто да направи. Имаше некоја наводна приказна околу тоа дека од газдата некое лице и тоа лице кое е сега спомнато кое наводно во таа информација е спомнато, му барал рекет од 10 илјади евра. Меѓутоа, сопственикот на казиното од кого наводно е баран рекетот и после барањето на помошникот на министерот за внатрешни работи надлежен за Скопје да поднесе таква пријава, да дојде во МВР и да го каже тоа , не е регистрирано и не го пријавил. А лицето кое што наводно е спомнато дека му барало рекет моментално се наоѓа во притвор токму заради некој настан околу пукањето во парк и напад на полицијата итн. Според тоа, ако има други поточни податоци, сигурно дека ќе провериме, меѓутоа ваков настан со земање на 100 илјади евра, не постои. И сигурно дека полицијата не е вклучена во било какво прикривање, или било какво заштитување на еден, или на друг, затоа што оваа полиција сега сигурно не се раководи во штитење на некои интереси на некој бугарин кој што хараше низ Македонија со казина и со такви работи, или на некои лица кои што токму од вакви побуди коцкарски и други работи изведуваа тепачки во текот на 2001, 2002 пред Хотелот “Панорама”, или пак дури продолжуваа со такви тепачки во 2001 година во гаражата на тогашната Влада на Република Македонија. Вакви настани во овие времиња не можат да се случуваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали Сте задоволен од одговорот г. Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ме збуни министерот. Еднаш вели нема, па има, незнам дали има или нема. Прво вели полицијата нема, а дава елаборација, значи има.

Ова што го зборуваше минситерот за животна средина ..

(Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ меѓусебно разговараат).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине координатор на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ Ве молам вашите сопартијци малку да ги замолите да бидат тивки.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Во однос на ова мое прашање до минситерот за внатрешни рбаоти сигурно дека министерот ќе даде одговор и во писмена форма. Да не испадне како што кажувавме тука за г. Верушевски тоа се случи, ова, се викаше не, па потоа испадна дека се е точно за Верушевски. Ќе почекаме времето ќе каже, ќе почекаме да видиме дали е ова вистина или не. Луѓето дури се пријавуваат дека имаат и видео снимки, зошто е стопирано во полицијата. Тоа е прашањето. Сега минситерот бидејки ја знае целата работа, следниот месец ќе се видиме пак, пак ќе даде одговор, тука сме ние.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. министер.

ХАРИ КОСТОВ:

Одговорот е даден од Министерството за внатрешни работи.

Значи во Министерството за внатрешни работи не постои таков случај како што праша пратеникот, што некој го пријавил. Според тоа отворено е доколку има билокакви видео снимки, изјави и т.н. да го пријават во Министерството за внатрешни работи и сигурно ќе биде постапено по тоа. Одговорено е и нема што да чека од нас писмен одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот пратеник е г. Зоран Шапуриќ, а има уште десет минути до пауза. Поставете ги прашањата, а по пауза ќе се одговорат.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Првото мое прашање е до Владата на Република Македонија.

Имено, деновиве во јавноста слушнавме дека одредена сума на средства, мислам дека се работи за 800 иљади евра, или повеќе Владата мораше да ги врати до Европската Унија, па ме интересира кои беа причините што ги врати и поради што е направено тоа и за кој период се однесуваат тие обврски.

Второто прашање е до минситерот за здравство.

Деновивме можевме да ја чуеме дека одредени кредити од Светската банка се искористени за едукација на одредени лекари, меѓутоа околу распределбата на таа едукација постои незадоволство кај еснафот, кај лекарската сфера. Голем дел од таа едкација е само за матичните лекари во општата примарна здравствена заштита, додека кај фермацефтите особено кај стоматолозите кои се наоѓаат пред процесот на приватизација или давање на концесии таа едукација не е извршена.

Третото прашање, А.Д. Макеоднски телекомуникации и нивното монополско однесување е неисцрпна тема, сосема конкретно прашање до минситерот за транспорт и врски.

Што ќе направи Министерството односно Управата за телекомуникации во врска со неоправдано исклучување на околу 70.000 корисници на телефонските услуги кои што ги платиле тие сметки.

На ова барам дециден и детален одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејки има уште 8 минути, првото прашање е упатено до Владата на Република Македонија односно до минситерот за образование. Повелете,

Има збор г. Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Како што истакна во своето прашање почитуваниот пратеник, дадени се средства во висина од 52 милиони на Министерството за образование и наука како помош во едукација на децата на бегалџите во Косовската криза. Европската Унија која што била донатор на оваа помош бидјекиутврдила низа неправилности,поточно немала повратни информации за начинот на користење на овие средства побарала во два наврати до 2002 година, најпрво од тогашниот министер за финансии Никола Груевски, а потоа и потпретседателот на Владата Зоран Крстевски повраток на овие средства заради ненаменско трошење односно неотчетност, но немало никаков одговор за да сегашната Влада биде ставена на столбот на срамот заради овие постапки и да мора да ги врати овие средства иако во понатамошната постапка е утврдено дека се работи за невиден криминал.

Имено, со решение на тогашниот минситер за образование и наука Ненад Новковски подигнати се во готовинска сума пари од 52 милиони од страна на две вработени службенички во Министерството за образование и наука. Парите се носени во пластични вреќи и донесени се во Министерството.

За 25 милиони денари има каква таква пишана документација дека на рака се делени, дистрибуирани на директори или на благајници од училиштата кои што биле повикувани во Министерството без притоа да има некој пишан план или некоја постапка, процедура како тие средства ќе бидат потрошени од страна на училиштата.

За останатите 27 милиони по искажувањата на двете вработени, кои што верувам подоцна и министерот Хари Костов ќе се вклучи во ова прашање има

одговор дека се дадени на рака на тогашнито раководител ан Секторот за финансово работење во Министерството Гоце Видановски, кој што ги зел парите лично и заедно со потврдите за касов извештај, така да пишан документ од негова страна дека ги подигнал парите не постои.

Во целата оваа работа вклучено  е и МВР активно и верувам дека процедурата многу брзо ќе заврши.

Се поставува прашањето зошто било потребно да се подигне толку огромна сума на пари како готовиснка сума без притоа да се користи начинот на трансферирање на парите до училиштата преку нивните жиро сметки и зошто министерот не побарал извештај за начинот на дистрибуирање на средствата и зошто не се заинтересирал воопшто за судбината на волку голема сума на пари како е воопшто потрошена иако во неколку наврати имало прашање од страна на донаторите за начинот на трошење на овие средства.

Сите факти укажуваат дека се направени големизлоупотреби на службена положба , во проневера на голема сума на пари, но оставам доколку сака минситерот Костов да се вклучи за поцелосен одговор на ова прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали г. министер сака да се вклучи, бидејки беше повикан.

ХАРИ КОСТОВ:

Како дополнување на овој дел на одговорот на заменикот министер за образование да кажам дека факт е дека во повеќе наврати од ЕУ е доставено известување и кај поранешната Влада за ненаменско користење на овие средства, меѓутоа и поранешното Минситерство за финансии воопштоне се запрашало да изврши и дополнителна контрола, па дури на 4 ноември о.г. од ревизијата што е извршена од Министерството за финансии констатирано е дека од вкупниот износ од 30-сетина милиони денари единствени конкретни докази за испата во готови има за само вкупно 120 иљади денари, додека за 30,1 милион динари нема баш никаква потврда дека тие пари се така земени.

Министерството за внатрешни работи веќе поднесе кривична пријава за три лица и едно од тие лица дури веќе е во притвор заради малверзациите со таа наводна фамозна дератизација, која некој пратеници упорно се обидуваат да ја направат како одговорност на сегашниот минситер и сегашната Влада, меѓутоа токму напротив и самите фактури и докази од минатиот пат докажаа од кога се тие документи правени.

Според тоа, кривична пријава е поднесена за три лица, затоа што очигледно е дека подигнати се повеќе од 30 милиони денари  во готово од Заводот за платен промет, во готово се давани на лицето тогашен потсекретар во Министерството за образование и дури службеничките со готови каса прими, кои што требало тој да ги потпише, никогаш досега не се потпишани и постојат во документацијата на поднесената кривична пријава, туку само било подоцна, подоцна ќе ги потпишам и никогаш не се потпишани. Според тоа очигледно е за какво дело станува збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сте задоволен г. Шапуриќ од одговорот.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Господине претседателе, очигледно ова прашање бара многу потпрашања и затоа ја с најверојатно во консулатација со пратеничката група на ЛДП ќе побарам информација од Владата во која што подетално ќе можеме да бидеме запознаени. Неможно е во две минути да се одговори на ова прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Другите две прашања ќе бидат одговорени по пауза.

Објавувам пауза од еден час.

Пауза од 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,10 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да продолжиме со работа.

Ова прв пат се случува пратеникот кој што поставил прашање да не биде тука, а претставникот на Владата да биде тука.

Дали министерот за здравство ќе сака да одговори на прашањето?

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Прашањето што беше поствено е во врска со континуирана медицинска едукација, па веројатно мислеше на таа активност што се вршела како компонента инвестирана од минатиот кредит од Светската банка, односно кредитот за транзиција во здравствениот сектор, каде се потрошени околу 800 илјади долари за континуирана медицинска едукација на лекарите од примарна здравствена заштита, каде се опфатени над 1000 лекари од примарна здравствена заштита. Имаме многу едукатори што се создадени со таа континуирана медицинска едукација, значи

имаме 24 едукатори и неколку центри за медицинска едукација што се опремени за таа намена.

Целта беше, по завршувањето на овој кредит што заврши во 2002 година, кон крајот на 6-ти месец, Владата, државата да најде средства да се финансираат овие центри, да продолжиме понатаму и да се опфатат сите лекари од примарната здравствена заштита, а тогаш со одлуката тоа беа 2% од капитацијата на лекарите што работат во примарната здравствена заштита. Меѓутоа, знаеме дека таа одлука падна на Уставниот суд и тука имаме една празнина, иако идеата беше да се опфатат сите лекари од примарната здравствена заштита, почнувајќи од лекарите од општа пракса и стоматолозите. Инаку, воопшто континуирана медицинска едукација се вршела и се врши со стручни усовршувања, едукации и специјализации во нашиот здравствен систем.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Претпоставувам дека пратеникот е задоволен од одговорот.

Следното прашање беше упатено до министерот за транспорт и врски во врска со Телеком и јас во негово име поставеното прашање ќе го доставам до Владата за да се добие писмен одговор, или на прашањето може да одговори и некој од Владата. Добро, значи ќе се побара одговор во писмена форма.

Следниот пратеник кој што е на листата да постави прашање е пратеникот Владо Паунков. Повелете, имате право да поставите три прашања.

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Првото прашање го упатувам до Министерството за внатрешни работи.

Почитуван министре, моето прво прашање е упатено до вас и се однесува на истото прашање што го поставив и до министерот за економија, меѓутоа, по добиените сознанија очигледно е дека само вие можете да дадете одговор.

Во Богданци се наоѓаат најголемите површини под стаклени оранжерии во Македонија од 48 хектари, во сеуште добра кондициона способност. Истите се изградени од сопствени средства на вработените и користење на кредити од тогашната држава. За жал, денес таа сопственост е во посед на фамозниот Смиленски, добиена без ниеден негов денар.

На 1.03.2000 година е формирана фирмата на Игор Смиленски “АГРОИНВЕСТ ДАН ТРАДИНГ”. На 28.04.2000 година истиот формира фирма “АГРОПРОДУКТ-АГРОИНВЕСТ”, на која поставува свој директор кој располага со целокупниот имот на “Изворски”. Директорот на”АГРОПРОДУКТ- АГРОИНВЕСТ” во судот во Гевгелија

признава фиктивни нереални високи побарувања на "АГРОИНВЕСТ ДАН ТРАДИНГ", врз основа на тоа донесени се извршни решенија ИБр 857/97, и ИБр 211/99 на 5.05.2000 година. На тој начин имотот на "АГРОИЗВОРСКИ" е префрлен катастарски на "АГРОИНВЕСТ ДАН ТРАДИНГ", поседовен лист број 2409. За да "зделката на столетието" биде успешна, сесрдно помогнала и директорката на Управата за јавни приходи - Гевгелија. Во 2000 година со нејзино барање до Заводот за платен промет е стопирано присилното извршување на решението на УЈП - Гевгелија за огромен долг. На тој начин се овозможило префрлување на имотот, "Изворски" останува без имот, а УЈП, државата, без свои побарувања.

Во 2002 година од фирмата "АГРОИНВЕСТ ПЛУС" основачкиот влог кој го има фирма "АГРОИНВЕСТ ДАН ТРАДИНГ" - Виена, го отстапува на фирмата "ЕУРОТРЕНД" - Гевгелија, фирма на адвокатот на Смиленски, кој е духовен творец на ова "дело" и на тој начин се губи името на Смиленски.

Граѓаните од Богданци го поставуваат следното прашање:

Дали Министерството за внатрешни работи презема или ќе преземе законски активности за да се стави крај на оваа кражба што се случува пред очите на граѓаните од Богданци и овозможи во најкраток можен рок да се создаде поволен економски амбиент за работење на вработените во оранжериите во Богданци.

Моето второ прашање е упатено до Министерството за транспорт и врски.

Во Богданци се наоѓа најголемото транспортно претпријатие во државата "МЛАЗ", а работат уште неколку помали транспортни претпријатија, возниот парк на секое домаќинство е разнолик и бројчан. Во богданци претпријатијата располагаат со огромни инсталирани капацитети, но неискористени, со огромни потенцијали за вработување на секаков профил на работна рака. Главна пречка за економскиот развој на општината претставува регионалниот пат Богданци - Автопат Богородица во должина од 7 км. Истиот е изграден во 1963 година, согласно тогаш важечките градежни норми и прописи. Огромните особински оптоварувања од транспорти со вон габаритни димензии, големиот интензитет на возила главно товарни, предизвикаа огромни попречни и надолжни деформации на трупот на патот. Малата широчина на коловозната лента од 5 метри, со елементи на трасата кои не дозволуваат брзина на возење поголема од 60 км/час се причинители на огромен број на материјални штети и што е најжалосно, на огромен број човечки жртви.

Овој патен правец е директен виновник за одвраќање на странските инвеститори, и покрај одличните услови со кои располага богданското стопанство.

Затоа, го поставувам прашањето:

Дали вашето Министерство, согласно своите надлежности, ќе наложи на Фондот за магистрални и регионални патишта да изврши реконструкција на овој патен правец, согласно важечките прописи и норми, земајќи ги предвид пред се густината на сообраќајот и економскиот потенцијал на стопанството во Богданци.

Третото прашање е упатено до Министерството за образование.

Во почетокот на 1998 година вашето Министерство одобри во Богданци да се отвори средно училишен центар гимназија како подрачна гимназија на гимназијата во Гевгелија. За да се оствари овој повеќе децениски сон на жителите од Богданци и Дојран за овој средношколски центар, покрај одобрението од Министерството требаше да се создадат просторни услови за функционирање на оваа замисла. Без ниеден денар од државата, руирината и опожарена стара зграда на осмолетката во центарот на Богданци, со сопствени средства ја претворивме во најпрекрасна гимнација во Републиката, притоа обезбедувајќи ја целокупната опрема, надгледни средства и прекрасен хортикултурен ентериер. Тоа го направи општината, бидејќи тоа беше желба на граѓаните. Инвестирањето во образованието е инвестирање во поколенијата и е најисплатливата инвестиција за телесно и психички здрави личности, кадри профилирани за стопанскиот потенцијал на општината, потесниот регион и пошироко.

Тенденцијата за компатибилно образование за потребите на стопанството постепено почнаа да се реализираат во 2000 година, со отворање покрај општо гимназиска настава, и настава за потребите на угостителството и туризмот. Меѓутоа, во 2003 година се укина оваа настава и се префрли во Гевгелија. Се стопираа визионерските планови на општината, се покажа дека гимназијата како подрачна единица не може да одговори на потребите на граѓаните од чисто бирократски и локалистички пречки. А постојат извонредни просторни услови за изведување на едносменска настава за потребите на општо образование, текстилната индустрија, сообраќајната, металопреработувачката, угостителството и туризмот, земјоделството и тн. Постојат 35 професори невработени во општина Богданци и Дојран, а во Богданци држат настава 20 професори од Гевгелија.

Затоа, го поставувам прашањето:

Кога вашето Министерство ќе даде дозвола за целосно осамостојување на средноучилишниот центар во Богданци, за да се создадат услови за непречен развој

на образованието во општина Богданци и Дојран, согласно потребите на стопанскиот и културниот развој на општината.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање беше упатено до Министерството за внатрешни работи.

Повелете господине Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Писмено ќе одговориме на прашањето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Од Министерството за транспорт и врски, сега за време на паузата, ме известија дека тие не можат да присуствуваат. Не знам дали некој од Владата може тоа да го преземе. Ако не, тогаш на прашањето ќе се даде одговор во писмена форма.

Претставникот на Министерството за образование беше тука, но не знам сега каде е. Дали се согласувате да ви се одговори во писмена форма?

Ги молам сите претставници на Владата кои се пред салата да влезат внатре, за да знаеме кој е тука.

Следниот пратеник кој треба да постави пратенички прашања е господинот Исмет Рамадани. Имате право на три прашања.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, првото прашање го упатувам до Владата.

Во текот на конфликтот во 2001 година се оштетени од гранатирање многу претприемачки објекти, куќи и домови, за кои нивните сопственици не прифатиле да се обноват или реконструираат преку ИМГ и тие отворија судски спор со државата. Со оглед на тоа дека овие постапки се во судски рочишта, се поставува прашањето, откако ќе завршат овие судски рочишта дали Владата има став како ќе им одговори, односно кој ќе биде начинот да се исплатат штетите што ги претрпија овие сопственици.

Второто прашање е упатено до министерот за локална самоуправа.

Сакам да го повторам ова прашање и одговорот го барам во усмена форма, а е во врска со отворањето тендери за водоводи со средствата од Програмата КАРДС. Овде се предвидува и водоводот во Арачиново, односно на општина Арачиново, каде треба Програмата да се реализира, односно да се финализираат работите околу водоводот. Заврши постапката во врска со отворените тендери.

Значи, се поставува прашањето кога ќе се ефектуираат овие средства на конкретен начин за водоводот во Арачиново.

Третото прашање е слично и може да се упати и до Министерството за образование и до Министерството за здравство, а се однесува на исхраната која се користи за пациентите во Министерството за здравство и исхраната за учениците во основните училишта и во претшколските установи, за кои треба да се даде оценка и верификација на квалитетот на таа храна.

Овие две Министерства дали имаат професионална соодветна институција за да се утврди квалитетот на таа храна која се распределува, како што реков пред малку и во здравствените институции, но и во училишните и претшколските установи и во студентските домови.

Со оглед на тоа што за третото прашање имам еден добар елаборат во писмена форма, а кој ќе го поднесам до двете Министерства и министри, одговорот го барам во писмена форма, додека за првите две прашања по можност одговорот да биде усмен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање беше упатено до Владата.

Повелете господине Манасијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Пратеникот Рамадани добро забележа дека определени граѓани се определиле своите права да ги остварат преку судска процедура. Неговото прашање беше како и што ќе одговори Владата, кога ќе бидат познати резултатите од таквите судски процедури. Владата нема што да одговори или да коментира, туку едноставно според словото на Уставот и законите Владата мора да ги почитува таквите одлуки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот? (Да).

Второто прашање беше упатено до министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, почитуван пратеник,

Да, водоснабдувањето на Арачиново е една од приоритетните задачи не само на Министерството за локална самоуправа туку и на Владата на Република Македонија и за таа намена се издвоени средства од продажбата на Македонски

телекомуникации. Таа инвестиција е при крај и во основа се завршува, но во глобала не се решава процесот.

Конкретно да одговорам на прашањето. Средствата одобрени од КАРДС Програмата  се во завршна фаза, договорите се склучени, таа постапка целосно ја води Агенцијата за реконструкција или Европската агенција за реконструкција. Сметам дека и покрај ваквите временски услови во најкраток можен рок ќе започне реализацијата. Договорот со изведувач е потпишан, овие денови се чека да се донесат банкарските гаранции и осигурување за изведување на работите и во најскоро време ќе започнат работите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот? (Да).

За третото прашање беше побаран писмен одговор, но единствено ако имаат нешто да одговорат соодветните министерства до кои се обрати пратеникот, нешто да додадат, акон не да се одговори во писмена форма.

Следниот пратеник кој е на листата за поставување прашање е пратеникот Зиди Џелили, но јас не го гледам во салата.

Затоа, по него е господинот Ѓорѓи Трендафилов.

Повелете, можете да поставите три прашања.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

На 23.12.2003 година, господинот Никола Поповски во својство на министер за финансии изјави дека се обезбедени 12 плати за 600 припадници од расформираната единица за брза интервенција “Лавови”. Тој ден исто така, на 23.12.2003 година, веќе од 10,00 часот почнаа да се делат отказни решенија за 18 припадници на “Лавовите”, почнувајќи конкретно од Секторот за внатрешни работи во Прилеп, а на национално ниво на 300 припадници во Република Македонија.

Во овие отказни решенија пишува дека на овие припадници им престанува работниот однос поради економски и структурални промени во Министерството за внатрешни работи.

А, истовремено, Министерството за внатрешни работи преку средствата за јавно информирање има распишано оглас за прием на полицајци и тоа конкурсот е објавен на 16.12. и МВР вели дека треба да се примат 335 работници во МВР, во Скопје 48, Тетово 25, Гостивар 25, Дебар 20, Охрид 18, Кичево 24, Куманово 35, Битола 15, Ресен 10, Велес 18 и тн. Сега, дали во Владата имаат различни сваќања ресорните министерства за таканаречените економски структурални промени,

конкретно станува збор за недоразбирање помеѓу Министерството за финансии и МВР. Затоа што, да се потсетиме, претставници на расформираната единица за брзи интервенции “Лавови” на широко расправаа овде во Собранието во присуство и на министрите, на министерот за внатрешни работи, високи полициски функционери, претседателот на Владата, се постигнуваа одредени договори, од кои подоцна МВР очигледно ретерираше. Која е смислата сега кога МВР тврди дека се прават економски и структурални промени, истата таа Влада да прима нови вработени, кои повторно ќе одат на обука, притоа занемарувајќи ја обуката за која веќе ја имаат поминато припадниците на расформираната единица за брзи интервенции, без оглед колку можеби тоа му звуч смешно на актуелниот министер за внатрешни работи, тие сепак, поминаа одредена обука во рамките на МВР. За што, всушност, станува збор? Дали е недоразбирање во Владата или Владата едноставно се обидува под превезот на одредени обврски од Рамковниот договор да се ослободи одредени припадници во МВР, да вработи лица кои, сведоци сме, како впрочем и во Министерствтото за одбрана, односно во Армијата на РМ, многумина ќе се стекнат со подофицерски чин, иако не ги исполнуваат основните претпоставки за тоа.

Следното прашање има претежно локален карактер.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, првото прашање беше до Министерството за внатрешни работи, бидејќи не го кажавте тоа, па затоа и ве прашувам.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Министерството за финансии и Министерството за внатрешни работи, сеедно.

Второто прашање има претежно локален карактер, затоа што 670 Велешани ќе останат без работа, ќе се приклучат на оние четири илјади и нешто што бги изгубија работните места од 15 септември оваа година. Станува збор за вработени во Фабриката за порцелан. Ме интересира како е возможно или зошто и Министерството за економија и поранешната Агенција за приватизација не излегоа во јавноста да каже дека во овој момент се водат три судски спора против Владата на РМ. Владата има поднесено една контра тужба за која сеуште нема правна разврска и истовремено дека Владата има изгубено спор со, според она што го тврди Централниот депозитар за акции Австриски државјанин, кој е родум од Велес господинот Леонардо Битиќов, кој сеуште располага со, ако добро ме служи помнењето, 64 или 57% капитал во Порцеланка. Ме интересира како Министерството за економија на 3.11.2003 година на својата веб страница објавува

дека е започната ликвидација на Порцеланка, а собрание на акционери е закажано и е одржано со почеток во 12,10 часот истиот ден, додека Министерството за економија утрината преку својата официјална веб страница тврдеше дека ликвидацијата, стечајот е веќе започнат и дека Порцеланка ќе се продава. 550 илјади се нудат за Порцеланка, иако таа има на залихи отприлика милионипол евра. Средствата за производство се дадени на тендер денеска, овие 670 вработени ќе одат на улица без никаква опремнина, без никакви бенефиции кои им следат. За жал, дали веќе поранешниот министер господинот Илија Филиповски и неговите соработници или колеги од Владата правата нешто што го направија, на пример, во Топилница и дали конкретно оваа Влада има нешто против велешани, па во Велес се решени да ги затворат и оние малку фабрики кои работат и произведуваат.

Не ми е јасно Министерството за внатрешни работи има, колку што знам јас, распишано потерници и одредена мерка притвор за господинот Леонардо Битиќов. Проблемот е што станува збор за државјанин на странска држава, а колку што јас знам, известени се и неколку меѓународни институции и амбасадата на Република Австрија во нашава земја, секако дека презема нешто во таа насока. Не ми е јасно за што станува збор во сета оваа работа, зборувам во името на 670 луѓе кои ќе останата на улица.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов, само да ве известам дека имате уште три минути од вашите десет минути. Формулирајте ги прашањата, ако имате три прашања.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Па, мене ме интересира што всушност прави Министерството за економија конкретно, во конкретниот случај со велешка Порцеланка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Трето прашање нема?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Третото прашање исто може да биде врзано со оваа фирма. Имено, ние имаме одредени сознанија, ги има и МВР и Царинската управа на РМ, известена е и Антикорупциската комисија, станува збор за тоа дека, најверојатно, земјава е оштетена со 414 илјади евра од одредена фирма која припаѓа Гофи група за финансии и инвестиции на еден потенцијален претседателски кандидат, член на овој почитуван дом, ме чуди зошто во Царината службена белешка и постои фактура, ако не се лажам, за извршените услуги од правен застапник во Република

Австрија. Истите тие документи се доставени во МВР, примени се, но не се заведени во Деловодната книга.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање беше упатено до министерот за финансии, министерот за внатрешни работи или до Владата на РМ.

Повелете господине Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Во врска со постапката на приемот на поранешните припадници од Лавовите и со актуелната постапка на рационализацијата, нема никакви недоразбирања меѓу Министерството за финансии и МВР, туку се работи очигледно за сосема различни процеси, за кои пратеникот, веројатно, не располага со доволно информации, па според тоа ќе се обидам сега да ги образложам. Точно е дека во Буџетот на РМ за 2003 година беа обезбедени средства за повеќе од 600 припадници на поранешните лавови и точно е тоа дека пројдоа низ постапка за засновување на законски работен однос, затоа што, потсетувам уште еднаш, 1150 поранешни припадници на Лавовите за време на претходната влада немаа работен однос со МВР и немаа законски склучени договори за работа и не беа пријавени во Бирото за вработување односно многу едноставно немаа работен однос со МВР. Врз основа на тие разговори кои што пратеникот ги спомна кај претседателот и тн., беше донесена одлука за прием на 600 луѓе, 400 беа во МВР, 200 во АРМ и таа постапка беше спроведена. Меѓутоа, многу јасно беше кажано дека полицајци може да бидат оние што според законските услови ги исполнуваат условите да бидат полицајци, што значи да имаат завршено најмалку средна стручна спрема. Во постапката на прием е утврдено дека 76 лица од тие што беа примени поднесоа фалсификувани диплома за завршено средно школо и по тој основ беа примени како полицајци. Според тоа, за тие 76 лица сега се води постапка, дисциплинска постапка и поднесени пријави, затоа што при процесот на вработување во МВР извршиле доставување на фалсификувани податоци и неточни податоци за засновување на работен однос. Според тоа, тие 76 лица за нив се води дисциплинска постапка, затао што имаат поднесено фалсификувани дипломи за завршено средно школо, од кои некои имаат осмолетка, а некои пак дури немаат завршено ниту осмолетка. Тоа е еден процес кој што не е врзан со процесот на рационализација, туку е спротивно врзан со постапка околу употреба на фалсификувани документи. И, ако очекуваме дека полицајци, кои во самата постапка за прием направиле кривично дело, со тоа што поднесуваат

фалсификувани дипломи, незнам навистина какви полицајци би чекале потоа во практичното работење да бидат, кога самиот чин на прием во МВР го прават со вршење на фалсификувана диплома.

Понатаму, се работи за уште дополнителни значи не вкупно од 300 лица, како што рече пратеникот, напротив за уште 70 души кои беа распоредени како помошен персонал, што значи не полицајци, тукун како хигиеничари или помошен персонал во службите за одржување на хигиена и тн. Тие во рамките на одлуката на Владата за рационализација на администрацијата за 4%, како што се однесува за сите други министерства, така и за МВР, со таа разлика дека во постапката за рационализација во МВР нема полицаец кој што е предмет на рационализацијата, туку рационализацијата се изведува со, главно, најголем дел кај делот на хигиеничарките, за кои што беше распишан јавен тендер, избрана е фирма која ќе работи за одржување на хигиената во сите објекти на МВР и досегашните хигиеничарки од 1 јануари поминуваат во работен однос во таа фирма. Другото, се однесува околу дивестацијата на бифињата и тн, значи, нема процес на рационализација во кој се опфатени полицајци. За разлика од тој дел огласот кој што е распишан сега на 16 декември се однесува на прием на нови 335 полицајци. И, тоа е точно, произлегува од Рамковниот договор, од одредбата на Рамковниот договор дека до крајот на 2004 година полициските служби генерално треба да го одразуваат составот на населението на РМ. Со овој конкурс, со овој прием, уште еднаш повторувам, на полицајци, а не на хигиеничарки или помошен персонал до крајот на годината на 2004 година, фактички, и таа обврска од Рамковниот договор, чиј потписник помеѓу другото сигурно е и ВМРО-ДПМНЕ, ќе треба да биде исполнет. Со овој оглас се врши прием на полицајци, а рационализацијата опфаќа хигиеничарки, помошен персонал, бифиња и тн. Според тоа, нема никаква разлика во ставовите ниту на Министерството за финансии, ниту на Министерството за внатрешни работи, ниту н Владата во целина.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре,

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

165 припадници од поранешната единица за брзи интервенции, треба до крајот на овој месец да се раздолжат со униформа, со опрема, со оружје и со се.Дали вие не гледате во нив одраз на националниот состав во РМ или сметате

дека, како еднаш веќе што ги превршивте сите мери со оној јавен распит на кој ги изложивте двајца припадницид на МВР и имате намера со овие 165 луѓе да комуницирате на таков начин. Ако мислите дека овие 165 луѓе кои треба да се раздолжат со опремата не го одразуваат националниот состав во РМ, треба да кажете кои се оние кои го одразуваат националниот состав, кои се критериумите за одраз. Ако сакате да дискутираме на начин каков што вие одбравте да дискутирате со двајца припадници на МВР, можете и така. Овие 165 луѓе верувам дека ви стојат на располагање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали министерот би коментирал?

ХАРИ КОСТОВ:

Значи нема рационализација на полицајци кои си ги почитуваат своите работни обврски и си работат според Законот за МВР, независно од која националност или што се вклучени. Она што ќе се раздолжи односно на кого може да му престане работниот однос е врз основа на дисциплинска постапка за употребени фалсификувани дипломи и давање неточни податоци при вработувањето во МВР.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Минуваме на второто прашање упатено до Владата, но се однесуваше до Министерството за економија.

Повелете господине министре.

СТЕВЧО ЈАЌИМОВСКИ:

Прашањето за Порцеланка Велес има повеќе сегменти.

Прво, лицето кое што ја купило Порцеланка има уплатено само една рата, а втората веќе воопшто не е уплатена. Следно прашање е што според обврските од договорот, неопходните инвестиции што требало да бидат во Порцеланка не се извршени, работниците повеќе од 8 месеци не примиле ни плата, ни придонеси и од тие причини е дојдено и до раскинување на договорот.

Инаку, за информација и на пратеникот и на јавноста, при сегашната продажба, залихите не влегуваат во продажбата со фабриката Порцеланка, тие се надвор од тендерот за продажба и за волја на вистината на лицето кое што ја купило Порцеланка, претходната Влада му дала бакшиш 4 милиони марки, со кои што требало да подмири дел од обврските кон вработените и поголем дел од обврските

кон доверителите, со цел фирмата да се деблокира, да се рестартира и да продолжи да работи. На работниците било договорено да им се плати четири плати, исплатени се 6 плати, тоа е добро и останатото, одприлика по принципот го изел волкот и тн. Значи, работниците кои тогаш отишле во Заводот за вработување добиле отпремнина, платени придонеси и принадлежности од Заводот за вработување. Овие 650 работници, кои што се навистина во тешка состојба, практично останале да работат, да го продолжат процесот и се изиграни од новиот купувач, што значи дека сега, а инаку прашањето според Фесал аранжманот со Порцеланка беше завршен, бидејќи таа беше и продадена, работниците што отишле на завод биле комплетно хоспитализирани, а овие што останале имаат нов газда. Овој газда е мнозински сопственик во тоа претпријатие и во ситуацијата во која што тие се доведени да немаат плата, да не е платена втората рата, да нема нови инвестиции и да се потрошени тие 4 милиони германски марки, сега доаѓа Владата во ситуација да мора да ги плати придонесите на овие 650 вработени, кои по трансферот на Заводот за вработување, секако, ќе ги добијат ми принадлежностите од Заводот за вработување. Така, тој е начинот на кој што го разрешуваме проблемот со Порцеланка, со тоа што оди стечај и ликвидација и секако продажба со меѓународен тендер.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Тендафилов дали сте задоволен од одговорот?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Станува збор за 670 работници во Порцеланка. Станува збор за фабрика на која и се случи штрајк, во моментот кога имаа потпишано договори за извоз во Италија, во Република Српска и во БиХ, за производи произведувани во самата фабрика и станува збор за фабрика која, вие на вашата интернет страница сте ја прогласиле дека веќе е во стечај, пред воопшто да се одржи собранието на кое е разгледувано тоа прашање. Тие 670 работници ве прашуваат дали вие во Владата станавте видовиди па знаете што ќе се случи на собрание на акционери.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Јакимовски.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Јас се извинувам, но очигледно покомпетентен сте за безбедносните прашања.

Кога некој е во тешки долгови и кога на некој не му се исплаќаат придонеси толку и толку време и кога некој не исполнил обврски сигласно договор, се знае што следува. Така што, се она што следувало на денот кога е формализиран стечајот и ликвидацијата, се знаело уште претходно што ќе се случува со претпријатието. Тие се вообичаени постапки како се постапува со претпријатие кое се наоѓа во таква ситуација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме на третото прашање, а се однесуваше за царината. Претпоставувам ќе одговори министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе дадеме писмен одговор на тоа прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следен за поставување прашање е пријавен господинот Зуди Џелили, меѓутоа го нема во салата.

Понатаму следува господинот Заев.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници.

Првото прашање е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Почитуван министре, проблемите на земјоделците се големи и квалитативни и квантитативни. Ставовите на Министерството се јасни, посебно по склучување на Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ и по склучувањето на Договорот на СТО и обврските што за Република Македонија произлегуваат со тие договори.

Македонскиот земјоделец се наоѓа во една тешка ситуација на прилагодување на европските пазарни услови на производство и поласман на земјоделските производи. Меѓутоа, секоја држава, а овде вклучувајќи ги членките на ЕУ, на индиректен начин го помагаат земјоделието како важна гранка во секоја држава.

Прашањето е што може земјоделските производители во иднина да очекуваат како помош од Владата, знаејќи дека Владата треба на индиректен начин да го помага земјоделието, односно кои се начините, можностите и каналите преку кои земјоделците ќе ги добиваат овие бенифиции од државата во иднина.

Второто прашање е до министерот за внатрешни работи.

Општо познато е дека во периодот од 1999 до 2002 година бевме сведоци на една грда слика по македонските улици и патишта, предизвикани од гордоста за власт и владеење на голем број исфрустрирани приврзаници на партијата што во тоа време беше на власт, преку тоа што на своите автомобили, на регистарските таблички имаат залепено партиски симболи, најверојатно да бидат препознатливи дека тоа се тие и во тоа време никој не им можеше ништо односно таа појава беше толерирана, односно допуштена од институциите на системот.

Промената на власта во 2002 година, воедно значеше и промена на односот на институциите на системот кон ваквите и слични, пострашни појави, што всушност и се случува. Меѓутоа, во Струмица и струмичко одреден број автомобили сеуште на своите регистарски табличкки ги имаат прикачено истите симболи, со што сметам ги кршат позитивните правни прописи во оваа држава и оставаат впечаток дека се над законот.

Прашањето е, дали Министерството има сознанија за таквите појави и какви активности презема за спречување на истите.

Третото прашање мислам дека може Владата да одговори затоа што незнам за кој ресор е тоа.

Во Струмица и струмичко, а верувам и во другите региони од државата, голем дел од земјоделците имаат голем и засега нерешен проблем околу обезбедување на здравствени картони за себе и за своите семејства. Имено, се работи за семејства кои немаат други приходи и егзистираат од сите парцели земја која најминимално ги задоволува нивните скромни егзистенционални потреби.

Струмичкиот земјоделски регион е карактеристичен со постоење на земјоделски семејства со крајно ситни парцели обработливо земјиште. Овие мои сограѓани кои, за жал, ги има такви и во други делови од државата, проблемите околу обезбедувањето на здравствени картони за себе и за своите семејства ги решаваат преку Заводот за вработување, пријавувајќи се како невработени. Имено, Заводот за вработување им овозможува здравствени картони на тие граѓани кои се пријавени како невработени, а кои истовремено немаат поголем катастарски доход од  150 денари, што одговара приближно на имот од 0,15 ха обработливо земјиште. Значи сите граѓани кои немаат ниту еден вработен во своето семејство, а имаат обработливо земјиште поголемо од 0,15 ха, немаат право на здравствени картони. Овој критериум од 150 денари катастарски приход е премногу низок односно неможеме да очекуваме семејство со парцели од 0,15 ха земја да обезбедува своја

егзистенција и плус да плаќа здравствено осигурување. Поради ова кај овие семејства е присутен и друг проблем, а тоа е, земјоделското земјиште се води на најстариот член од поширокото семејство, односно не се пренесува од генерација на генерација, како што е редот, бидејќи не би можеле наследниците да добијат здравствени картони.

Од сето ова кај граѓаните се наметнува прашањето, дали може да очекуваме Владата или надлежниот ресор при Владата да ја промени оваа своја одлука, овој критериум да се промени барем на 1500 денари катастарски доход, односно да се однесува на семејства кои имаат до 1,5 ха земја, или барем од надлежните институции да се определи реален катастарски доход, како критериум. Со тоа би било реално да очекуваме дека просечно семејство со 1,5 ха земја може да обезбеди своја скромна егзистенција и плус да плаќа здравствено осигурување.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Македонија пристапи кон СТО во 2002 година и го потпиша Договорот за членство. Со наведениот Договор од корен се менуваат стимулациите во земјоделието, во однос на оние што Република Македонија ги познаваше до 2002 година, а тоа ќе рече, стимулациите по основ на субвенции за извоз, стимулации по произведен килограм млеко и сл., веќе престанаа да постојат. Тоа ќе рече исто така дека РМ врз основа на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и врз основа на Договорот со СТО мора да ги промени основите на субвенциите во земјоделието и да ги прилагоди светските и европските стандарди, со оглед на фактот што РМ најсериозно претендира на членство во ЕУ. Поаѓајќи од тоа, Владата на РМ и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како нејзин дел, се најде пред обврската да изврши институционална и правна реформа во областа на земјоделието, во смисла на воспоставување на институции и правни норми, компатибилни со европските, што ќе ја спроведат реформата во правец во кој што зборував, промена на основот на стимулациите. Се работи на тоа.

Морам да кажам дека во тек е изработка на стратегија за правците на развојот на македонското земјоделство, со истовремено изготвување на закон за државна помош во земјоделието, што го работи и носител на програмата е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а главен координатор е

Земјоделскиот факултет во Скопје со врвните стручњаци што ги има и што ќе ги ангажира за изработка на тие два важни сегменти.

Поаѓајќи од фактот дека со Договорот со СТО на РМ и е дозволено, а не овозможено, или овозможено но не во смисла како во последно време во јавноста се појавува дека СТО одобрила одредени износ на средства да се вложат во земјоделието, овозможено и е да може да субвенционира односно вложува во земјоделието, сума од 16 милиони и 300 илјади евра, како просек на вложувањата по годините 1998 до 2000 година и преку тоа да го зголеми тој износ уште со 5% од вредноста на секој земјоделски производ што ќе се стимулира, односно субвенционира, како и со 5% од вредноста на вкупните трошоци за земјоделско производство. Нема да баратам со сума што ни е овозможено да можеме, ако ја имаме, да ја вложиме.. Проблемот не е во тоа што имаме право, проблемот е во тоа што немаме можности тоа да го реализираме.

Меѓутоа, сваќајќи дека вложувањата во земјоделието се многу важни, особено затоа што РМ веќе има стратешка цел да влезе во ЕУ и знае дека во земјоделството се најтешките и најсеопфатните реформи и дека без стимулации во земјоделието и унапредување на тоа производство, тешко дека ќе можеме да станеме членка на ЕУ. Правиме напори да се обезбедиме во таа смисла што ќе допуштиме или ќе овозможиме влез на странски средства кои ќе го помогнат развојот на македонското земјоделство. Меѓутоа заклучок во Министерството е дека влезот на тие средства ќе биде оневозможен се до оној момент додека не ги направиме институциите и нормите што тој капитал треба да го привелчат, односно треба да овозможат помош на македонското земјоделство, затоа што ноторна е вистина дека во вакви услови, со вакви реформи во земјоделието, што го имавме до сега, таков капитал и пристап до фондовите на Европа, не можеме да имаме. Тогаш кога ќе кажеме дека сме подготвени, правно и институционално, пак ќе повторам, да го трошиме оној износ на средства што ќе ни биде одобрен, мислам дека средствата ќе стигнат.

Засега би го кажал уште следното:

2002 година беше година на енормно трошење, од причини што не сакам да ги елаборирам овде во Собранието, на средства кои под маската на вложување во земјоделието, беа потрошени и директно беа давани и употребувани за одредени цели.

Со потрошените средства од 2002 година, од средствата наменети за помош на земјоделието, се навлезе со неподмирени долгови во 2003 година и со

буџетските средства што беа определени, во висина од 600 милиони денари, преку Фондот за земјоделство, за директни стимулации во земјоделието, беа лаќани обврските, вклучувајќи ги и оние средства од Програмата во Министерството што изнесуваат 204 милиони, на обврските од 2002 година. Во текот на 2003 година практично плаќавме средства на земјоделците што беа потрошени за нив од оние кои беа определени во 2003 година и морам да признам имавме огромни тешкотии да го пристигнеме напливот на долгови што требаше да се платат во 2003 година. Успеавме во одредена смисла, преку одредени пренамени на средствата тоа да го направиме и во текот на 2004 година, со овие средства што се предвидени во Буџетот, се надеваме дека ќе имаме релативно, иако скромен и недоволен износ на средства, сепак доволен да почнеме, воспоставените поддршки во претходниот период, да ги продолжиме и да ги употребиме за вистинските намени.

Јас се надевам, иако средствата за некого ќе бидат недоволни, дека тоа треба да биде на ум дека сигурно ќе бидат потрошени за нив.

Да кажам и уште ова, не гледаме или гледаме со резерва на постојаните притисоци во овој правец, да се вршат инвестиции и вложувања во земјоделието, а притоа некој да неможе да види дека во текот на 2003 година и во текот на изминатиот период, за вложување во македонското земјоделство, особено водостопанството како една од клучните гранки, се обезбедени средства од 265 милиони долари кои ќе се трошат во наредниот период и дека тие вложувања исто така се вложувања и тоа капитални кои на подолг период ќе ги решаваат проблемите и ќе подигаат и квантитет и квалитет на македонското земјоделство и ќе го оспособуваат дасе справи со конкуренцијата на светскиот и на домашниот пазар. Истовремено, знаејќи дека покрај овој начин на финансирање на земјоделието преку непосредна помош на земјоделците, што сигурно ќе ја има во 2004 година и во наредниот период сигурно ќе биде зголемена, стои фактот дека РМ преку ИФАТ 2 и други кредитни линии, обезбеди поволни услови за кредити, со кои го компензира недостигот на средства за директни вложувања и тоа неповратни, преку кредитите кои според годишните стапки и според она што се случува сега во моментот и заинтересираноста на тие клиенти, сигурно ќе ги ублажи последиците кои постојат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Петров.

Господине Заев дали сте задоволен од одговорот?

ЗОРАН ЗАЕВ:

Задоволен сум.

Благодарам на исцрпното излагање со една препорака, во образложението што беше во првиот дел, да може земјоделците, оваа стратегија што Владата со Министерството ја планира во врска со оваа индиректна помош што може да ја очекуваат земјоделците, да може да ја дочекаат наредната сезона напролет.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следното прашање беше упатено до Министерството за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Точно е дека во изминатиот период имаше регистарски таблички кои не беа во согласност со законските прописи и Уредбата што го регулираат излгедот и формата на регистерските таблички и на патните моторни возила. Тоа фактички беше една од основните мерки, од почетокот на функционирањето на новиот состав на МВР во кои преземавме активности. Факт е и тоа дека во изминатиот период има значителни резултати во тој дел. Меѓутоа исто така и факт е дека сеуште, во разни делови како што пратеникот рече и во Струмица и во Скопје и тн., може да се видат регистарски таблички кои по формата не одговараат на она што е Уредбата и законот. Тука не се работи само за тоа дали има партиски симболи, туку се работи и за други ознаки кои не одговараат на Уредбата. Притоа кај највисокото раководство на МВР, дневно постои преглед на целата територија на РМ, колкав број на такви таблички кои не одговараат на Уредбата, се откриени во текот на денот и поднесени соодветни прекршочни или изречени мандатни казни и тн. Според тоа, мерки се преземаат, ќе се преземаат и во наредниот период.

Еден од проблемите е таму каде се поднесува соодветна пријава за изрекување на прекршочна казна и тн. дека во значаен број, некои такви постапки, со оглед на можностите кои се отвараат пред судските органи за одолговлекување на постапката, застаруваат. Од тој аспект МВР дури и размислува за измени, најверојатно тоа ќе биде содржано во носењето на новиот закон за безбедност во патниот сообраќај, дека во вакви и други случаи каде уврдивме дека не се во согласност со законот, измените на законот ќе одат во тој правец не само да се изрекуваат мандатни казни туку токму напротив возилото да се исклучува од сообраќај, значи при самото констатирање на таквата неправилност да се исклучува од сообраќај, да се однесе во полициските станици се дотогаш додека не се

отстранат неправилностите кои ќе бидат присутни или на регистарските таблички или на друга, евентуална неправилност на самото моторно возило, која ќе се открие.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Заев дали имате дополнително прашање?

ЗОРАН ЗАЕВ:

Немам. Задовоелн сум од одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање беше упатено до Владата.

Кој би одговорил во името на Владата?

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Со оглед на тоа што прашањето задира во работата на трите министерства, на Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе дадеме писмен одговор откако ќе ги усогласиме податоците што ги имаме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Прашање поставува господинот Јусуф Арифи.

ЈУСУФ АРИФИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани членови на Влада,

Имам две прашања за министерот за труд и социјална политика.

Првото прашање е како мисли Министерството за труд и социјална политика да ги заштити своите граѓани во однос на пензиско и инвалидско осигурување, по предмети кои се однесуваат на меѓународни конвенции, кои не се почитуваат од Република Србија и Црна Гора.

Имено, нашите граѓани запишани на Косово, не им се признава работниот стаж, покрај фактот што придонесите кои се платени во Пензискиот фонд во Белград.

Второто  прашање е дали на Министерството за труд и социјална политика му се познати нерегуларностите и незаконските работи кои се случуваат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Одделението за обезбедување во странство многу споро или воопшто не ги реализира барањата на граѓаните од областа на пензиското и инвалидското осигурување кои се исто така дел од меѓународните конвенции. Во просек еден предмет се рализира за 12 месеци.

Имаме многу поплаки од страна на граѓаните дека нивните предмети доцнат, наместо да се испратат во соодветните држави каде што тие работат. Исто така имаме и случаи на затајувањена документи со цел нивното реализирање да продолжи до бескрај.

Сметам дека на овој начин се создава широк простор за мито и корупција.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На ова прашање ќе одговори министерот за труд и социјална политика, г-динот Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

На првото прашање пратеникот ќе добие писмен одговор, бидејќи колку што разбрав се работи за почитување на одредбите за договорот за социјално осигурување што го имаме со Србија и Црна Гора. На второто прашање, можам да кажам дека Министерството за труд и социјална политика според законот врши надзор над работата на Фондот за ПИО и како министер користејќи ги можностите што гинуди законот, јас формирав пред некоку месеци посебна комисија, која што врши испитување  на процесот на доделување на инвалидски пензии и во рамките на тој дел се опфатени прашањата кои што ги постави пратеникот, така што до крајот на овој месец извештајот на таа стручна комисија треба да биде готов и врз основа на тој извештај, како и на други показатекли до Собранието на Република Македонија, најверојатно Владата ќе предложи измени на Законот за ПИО најдоцна до месец февруари.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

ЈУСУФ АРИФИ:

Да задоволен сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На ред сум сега јас за поставување на прашања. Мислев дека ќе дојдам подоцна на ред додека нема да претседавам, меѓутоа имам обврска кон граѓаните кои што ми се обратија да поставам две прашања, па дозволете ми да се обратам како пратеник.

Почитувани колеги пратеници, почитувани министри две прашања имам намера да поставам, едното до Владата, а второто до Министерството за

образование. Па би го молел пртставникот на Министрството за образование ако може да обрне внимание.

Првото прашање се однесува до Владата. Имали Владата стратегија преточена во национална програма за рамномерен развој на Република Македонија. Или доколку нема дали има намера да ја изгради и со која динамика. Ова прашање е поставено на средба со претставници од Река и Жупа од Западна Македонија, кои се жалат на изразена сиромаштија на нивните краишта, се жалат на недостаток на инфраструктура и на елементарни услови за економски развој на поединците и на целиот регион. Нивното сфаќање е дека таа сиромаштија прдизвикува засилена миграција во тие региони, но дека таа сиромаштија и таа нивна положба доведува до една уште посериозна појава, имено до етничка асимилација на дел од луѓето од тие региони. Имено, овој роблем не е присутен само во Река и Жупа, туку е присутен и во одредени места од Кичевско, Стртушко, Прилепско, и некои други региони. Имено, свдоци сме последниве десетина години како се врши засилена етничка асимилација на наши сограѓани, кои што во разни ситуации на различен начин се определуваат. Ова во крајна линија е демократско право на секого да се определува како смета, меѓутоа, забележливо е дека тоа е резултат на одредени притисоци, или уште повеќе можеби на некои тивок револт на тие добри и вредни луѓе, наши сограѓани, кои што се чувствуваат на некој начин заборавени од својата држава веќе една деценија. Би напоменала дека повеќето од овие краишта се дел од она што значи недоволно развиени краишта и бирото за недоволно развиени краишта треба да ги покрива на некој начин, меѓутоа, очигледно е потребна и многу поголема поддршка и од многу други ресорни министерства. Имено, токму затоа овие граѓани, конкретно граѓаните од Река и Жупа кои што одржаа состанок со мене прашуваа и бараат одредена национална стратегија, национална програма на Владата за рамномерен развој на сите краишта, вклучително и на нивните.

Второто прашање се однесува до Министерството за образование и наука. Ова прашање ми беше упатено на средба со граѓани од општина Чаир. Дали Министерството за образование има сознанија во каква состојба се наоѓаат некои основни училишта во општина Чаир. Дали Министерството за образование има сознание да речеме во каква состојба се наоѓа основното училиште Васил Главинов кое е едно од повеќето училишта од тој реон. Тоа е училиште со над 900 ученици старо околу 50-тина години, едно од најстарите училишта во Република Македонија и училиште кое што се наоѓа во една очајна да речам состојба инфраструктурна, а

од друга страна е училиште каде што има одлична екипа наставници, кои што вложуваат максимални напори да дадат врвни резултати кај децата кои што таму учат и во тоа постигнуваат меѓутоа, забележителна една социјална, па дури и етничка сегрегација на учениците, токму во овакви училишта во општината Чаир и на тоа токму Чаирчани и се пожалилја, имено тие бараат еднакви права за учење на нивните деца, добри услови, значи подобрување на инфраструктурата, внесување и некои нови програмски содржини, со цел да се одржи тоа мултикултурно живеење, тој соживот во таа општина затоа што се длабоко убедени, јас исто така поставувајќи го ова прашање апелирам да се направи нешто, затоа што верувам дека е тоа во интерес на сите нас. Благодарам.

Во името на Владата ќе одговори г-динот Никола Поповски министер за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпртседателке. Не само Владата, туку Република Македонија има стратегија за рамномерен регионален развој на нашата држава и таа како што знаете е зацртана во Уставот на Република Македонија и во закони, особено законот за поттикнување на развојот на неразвиените и со Владината политика секоја година тоа се прави. Само да потсетам дека во наредната година околу 260 милиони денари од Буџетот се издвоени допоолнителни средства за рамномерен развој на недоволно развиените подрачја кои се утврдени со закон и овие подрачја кои вие ги спомнувате се токму две сегашни општини кои припаѓаат во делот на општините кои бенефицираат од таквите буџетски алокации на средства.

Исто така, сакам да потсетам дека во рамките на другите средства со политика на Владата и со политиката на овој Парламент, во буџетот се алаоцираат дополнителни средства за инфраструктурни објекти и за изградба на водоводи во општините каде што тоа не можат самите да го направат и државата дава материјална и финансиска помош за тоа. Дел од тие средства исто така одат за регионите кои вие ги спомнавте. И на крајот на краиштата и сите дополнителни средства кои ги двоиме за такви намени инфраструктурни и секогаш одат во општините кои што се со понизок степен на развој од просекот на Република Македонија. Со таа политика ние не можеме да ги развиваме општините на нивото на Република Македонија меѓутоа, можеме да го ублажуваме со сегашното ниво на финансирање и тоа е израз на општата сиромаштија во Република Македонија, а не на политиката на Владата, да не го предлабочуваме јазот, туку да го одржуваме на

нивото кое постои и кое има можности да се подобрува да се поддржуваат индикаторите за развиеност на овие подрачја кон просечните за Република Македонија. Што значи ако можам да сумирам од овие политики Владата води грижа и води политика за рамномерен развој и всушност, тоа е Уставна обврска на оваа држава. Корелацијата која вие ја спомнавте не сум сигурен дека можам до крај да ја коментирам, дека заради економски и регионални развојни причини се врши асимилација на дел од населението, имајќи предвид сепак дека националната и верската определеност на секој од нас во Република Македонија е право исклучиво на личен избор и Владата не може да води политика кон насочување на некаква национална или конфесионална припадност на некој граѓанин на Република Македонија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас му благодарам на одговорот на министерот. Инаку се согласувам дека Уставот и законите се генерална рамка за водење на политика на рамномерен развој, меѓутоа во случајов претставниците од Река и Жупа сугерираа некое внесување посебна програма за нивните региони со цел да се обезбеди позабрзан стопански развој, затоа што свесни сме дека тоа е најболната точка таму, така што покрај онаа општа инфраструктурна поддршка, потребни се и живи стопански субкјекти. Инаку, се согласувам со министерот за тоа дека, а тоа и го кажав во својата дискусија дека определбата верска и етничка се разбира е апсолутно право на секој граѓанин, меѓутоа јас го спомнав тоа само како еден пример колку драстично можат понекогаш да се одразат одредени состојби од животот на граѓаните, што дури се прават и некои такви случувања, но се разбира, не мора да се согласуваме околу констатациите.

Благодарам.

Доколку имате некој коментар повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи само да појаснам. Владата нема конкретна стратегија за Жупа и Река. Меѓутоа, има стратегија за сите општини кои спаѓаат во економси неразвиените општини. Иако ги набројуваме сите ќе дојдеме и на фактот дека кај Жупа и Река се дел од тие општини кои ние посебно ги бенефицираме со тие мерки на економската политика. Конкретно во ова година што доаѓа, минатото да го оставиме на страна, од него нема да имаме корист ако разговараме, ќе има некаде околу половина

милијарда средства во Буџетот за развојни програми кои се сопствени пари на општините кои се недоволно развиени од кои 260 милиони се директни средства за економска активност а другите се во вид на изградба на инфраструктурни објекти во тие општини, или изградба на еден дел од инфраструктурата водоводни мрежи кои што се водат посебно. Доколку во овие краишта има програми и интерес да се конкурира за овие програми, Владата е спремна да разговара посебно ако треба и со градоначалниците да видиме кои се тие програми кои можеме во Владата да ги ефектуираме во Бирото за стопанско недоволно развиени подрачја со што ќе ја помогнеме изградбата или функционирањето на некои стопански објекти кои ќе ја зголемат и вработеноста. Што значи дека имаме активна политика за тоа и доколку имаме подадена рака од другата страна со програми кои можат да се реализираат и аплицираат, за тоа постоиме всушност во Владата и можеме да ги решаваме проблемите.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине Поповски. Второто прашање беше упатено до министрот за образование г-динот Азиз Положани.

АЗИЗ ПОЛОЖАНИ :

Јас ќе се обидам да одговорам на прашањето бидејќи врзано е со поширок конпекс, значи за училиштата во тој дел Чаир, Центар, значи на тоа опкружување и посебно на училиштето Васил Главинов. Имено, се согласувам со степенот на загриженост и од ваша страна за состојбите во училиштата во одредени региони, а во овој случај и во овој регион Чаир, овој дел на Центар на Скопје околу тој регион што се работи, затоа што овие училишта, вклучувајќи го тука и основното училиште Васил Главинов се соочуваат со големи проблеми кои што произлегуваат од лошата инфраструктура пред се, сигурно и внатрешната и надворешната инфраструктура би рекол во некоја смисла, која што произлегува од едно неадекватно одржување на потребите на училиштето во подолг период и мислам дека таа димензија се одразува кај многу училишта таму како што рековте посебо и кај Васил Главинов, Даме Груев кое што исто така е во многу лоша состојба, Рајко Жинзифов, Никола Вапцаров, Лирија и така натаму, затоа велам дека има поширок контекс кој што е предмет и на наша грижа и мислиме дека се во листата на приоритетни наши согледувања од аспект на инфраструктурално подобрување на постојните капацитети и можности кои што можни се со еден таков финансиски капацитет да се

соочиме и да помогнеме и во тој контекст, бидејќи Васил Главинов ја дели судбината на еден таков контекст, вреди и од наша страна вашата сугестија ќе помогне да се концентрираме малку повеќе од оваа димензија и во ова училиште, и во другите училишта, кој јас ги ставив во еден контекст на приоритети за разлгедување во еден иден период. Другиот аспект што исто така е многу важен во вашето прашање што го коментиравте е интерактивносто културно образовна политика на заедниците на учениците кои тука се и кои произлегуваат од реалноста на самото миље и амбиент кој што е извор на учениците кои што ги спомнуваме од сите училишта дека од овој контекст има специфики кои што се за Васил Главинов и кои што произлегуваат од една ориентација која што повеќе може да се адресира на самот пристап на родителите кон едно или друго училиште, кои што не велам дека секогаш е најадекватен но јас сум за тоа да се работи на проекти и програми или дури и на политики кои што ќе овозмочуваат една интерактивна културна и образовна соработка меѓу тие што живеат тука и што се школуваат во едното училиште или било едните на едното другите на другото повеќе, а сепак тоа не треба да значи дека тие не треба да имаат контакти или заеднички активности во функција на приближување и на учениците и на наставниците и така натаму. Мислам дека и со вашето прашање во некоја смисла се отсликува целокупниот контекст на состојбите на некои училишта и на некои делови кои што се предмет и на наша опсервација и на наша грижа, па ќе го користам и вашето прашање и внимание на овие работи малку повеќе бидеме поактивни, затоа што мислам дека има и потреба, а нормално има потреба и од поддршка за адекватно поддржување и финансиско за подобрување на овие сегменти кои вие ги спомнавте и Васил Главинов мислам дека е предмет на ваша грижа и ќе ги видиме можностите какви се нивните побарувања и нивните размислувања дека би требало да ги следиме некои чекори од наша страна да им помогнеме од овој аспект.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине министре, задоволна сум од одговорот, верувам, ќе бидат и родителите и учениците што таму имаат деца меѓутоа, и оние што немаат таму деца, затоа што познавам многу семејства кои што ги носат подалеку децата со сите малтретирања и непријатности токму бегајќи од лошите инфраструктурни услови кои што овде постојат. Ви благодарам за разбирањето.

Продолжуваме понатаму.

Прашање поставува годинот Илија Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитувана потпретседателке, почитувани пратеници, почитувани претставници на Влада.

Имам три прашања да поставам. Првото прашање е до Министерството за здравство, второто до Министерството за локална самоуправа само тука не го гледам министерот и третото прашање ќе биде до министерот за земјоделие.

Во контекст на првото прашање до Министерството за здравство, во Република Македонија започнаа да работат голем број нелегални диви здравствени ординации, кои немаат регистрирано фирми и скоро насекаде се работи во несоответни услови за работа од областа на здравството. На таков начин големи средства наместо во здравството да одат одат во џебовите на поедини здравствени работници и тоа по некоја проценка од околу 500 иљјади евра месечно одат во џебовите. Голема е веројатноста потрошениот материјал во овие диви ординации да е злоупотребен од медицинските центри каде што овие лекари специјалисти работат. Има сознание дури вакви ординации, дали тоа било генеколошки или стоматолошки ординации како што е случајот и со Битола, па према тоа сведоци сме дека и приватните здравствени организации кои легално работат деновиве кренаа глас за ставање ред во здравството што е сосема разбирливо. Упатувам прашање до Министерството за здравство или санитарната инспекција која е надлежна колку има извршено ревизии на овие нелегални диви ординации, колку има такви диви ординации во Република Македонија.Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до министерот за локална самоуправа.

Зошто со Предлогот за донесување закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија  седиштето во новата општина составена од трите општини Могила, Кукуречани и Добрушево се наоѓа седиштето во Кукуречани, кога на пример општина Могила географски местоположба одговара, во средината е на овие три општини, по бројот на жители е поголема, поврзана со инфраструктура, а во Предлогот е дадено дека треба да биде општина Кукуречани, а не општина Могила.

Имаме сознанија нормално општината  Добрушево не се согласува да биде во општина Могила, Кукуречани има навестување дека сака со селото Кркља да се поврзе, па и таа да биде посебна општина.

Прашањето ми е зошто е предложено вака во општина Кукуречани да биде центарот на општината додека овие две општини да бидат уфрлени во оваа општина. Кажав претходно кои се последиците.

Тоа е прашањето за министерот за локална самоуправа.

Третото прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во однос на Законот за земјоделско земјиште, зборувам за ослободување на тоа земјоделско земјиште во Комбинатот ЗИК "Пелагонија".
ЗИК "Пелагонија" има околу 25 илјади хектари од кои на времето работеа 6 илјади работници, а сега работат само 750 работници значи истата површина останата од претходните години, само што се намалува работната рака.

Ако имаме систем за наводнување значи треба да имаме интензивни култури на таа површина оти ЗИК "Пелагонија" може да претставува и претставува голем производител на сите индустриски и житни култури. Меѓутоа, таму воглавно се произведува житото, а жито може да произведува секој , меѓутоа, индустриските култури се слабо застапени особено со еден систем за наводнување кој доста скапо ја чини Република Макединија .

Прашањето ми е дали Министерството, со оглед на бројот кој е намален на вработени во ЗИК'Пелагонија" дали Министерството размислува да објави оглас да им одземе површина со Законот за земјоделско земјиште од ЗИК "Пелагонија" да им се додели на одредени земјоделци кои се наоѓаат околу Пелагонија за да можат и тие да извршат земјоделски дејствија бидејќи се на работ на егзистенцијата. Со тоа би се зголемил бројот на вработени.

Прашањето е дали Министерството ќе преземе мерки и обврски да се одземе земјиште, по Законот за земјоделско земјиште, од овој Комбинат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање е до министерот за здравство.

Повелете г-дине Селмани.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Пратеникот е потполно во право кога даваше констатации при поставувањето на ова прашање. Тоа не е грижа на приватните легални здравствени институции кои се регистрирани во државата, на здравствените институции воопшто и на Министерството, туку и на граѓаните. Точно е дека постоењето на такви диви или полулегални здравствени ординации во државата има многу импликации во нашиот

здравствен систем. Значи уште една причина да предложиме системски решенија . Сега сме на прагот на донесувањето на закон односно измени и дополнувања каде мислиме да решиме некои проблеми од системски карактер.

Значи, има случаеви каде такви нелегални ординации кои функционираат во државата, прашањето беше колку има такви, јас можам да кажам дека дел од нив кои имаат првично решение од Министерството, кога се доставува барање до Министерството за здравство за издавање на решение за обавување на дејност, првичните решенија се издаваат кога излегува комисија од нашето Министерство и ги проверува условите во однос на опрема и простор. Тоа не значи дека е дефинитивно решение. Има многу такви ординации кои со такво првично решение без да го исполнат последниот услов се мисли условот на кадри, работат во такви ординации каде здравствените работници кои работат во јавното здравство вршат злоупотреба односно прават големи штети на јавното здравство затоа што се злоупотребуваат материјалните добра на здравствените установи. Има и диви ординации кои се сместени во приватни куќи, во приватна сопственост што нашето Министерство односно Инспекторатот немаат можност и правен основ да вршат надзор во таквите објекти. Значи немаме увид дали има такво првично решение, тие функционираат во чисто приватни објекти што нашиот Инспекторат нема правен основ да врши контрола на таквите објекти.

Овој проблем е детектиран поготово за стоматолошката здравствена дејност што мислам дека со измените или трансформацијата во овој сегмент системски ќе го решиме овој проблем.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине министре.

Г-дине Србиновски дали сте  задоволен од одговорот?

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Делумно сум задоволен ако министерот го реши системски овој проблем, ќе биде во ред, меѓутоа, ме чуди зошто да не може да се најде некоја санитарна инспекција или било каква од здравството да се провери и прашањето беше колку такви диви ординации постојат во Република Макединија . Имено, стоматолошки, гинеколошки и било какви, јас кажав која е штетата  за Република Макединија , реков од 500 до милион евра месечно, тоа се големи пари за Република Макединија .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Министре, дали ќе коментирате?

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Пак ќе кажам ако тие диви ординации функционираат во приватен објект нашите инспектори немаат овластувања, па и да има индиции дека постои таква дива ординација, немаат законски овластувања да влегуваат во приватна сопственост.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше до министерот за локална самоуправа.

Повелете г. Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Како што ви е познато Владата до Парламентот достави Предлог за донесување на закон за територијална организација и расправата по тој Предлог од аспект на потребата, уставниот основ, начелата, принципите, веќе е започната во работните тела во Парламентот.

Јас би сакал да истакна дека и матичната комисија, тоа е Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и ЗПК го подржаа тој предлог, а на матичната комисија присуствуваше и почитуваниот пратеник Србиновски кој е член.

Сигурно дека со пратениците ќе имаме можност да разменуваме мислења, сугестии по предложените решенија и на крајот сум убеден дека ќе најдеме компромисно решение во интерес на сите граѓани.

Што се однесува до конкретното прашање сметам дека пратеникот ќе можеше да добие поопширна информација, но кога решил да го постави како пратеничко прашање, тоа е негово право, би одговорил следното:

Точно е дека во Предлогот на Владата е предложена општината Кукуречани која е составена од Кукуречани, Добрушево и Могила. Точно е и тоа што пратеникот истакна дека Кукуречани и Добрушево изнесуваат по околу 2500 жители , а Могила 4536 жители. Сметам дека и од поставеното прашање на пратеникот создадовме една рурална општина во срцето на Пелагонија која ќе има економски ресурси, капацитети да ги задоволува потребите на граѓаните и на Република Макединија да му го нуди она што е најважно за една ваква општина.

Би сакал да истакнам при предлогот за оваа општина имав средба и со градоначалниците на трите општини и врз основа на тие разговори дојдовме до сознание дека би можело да функционира една ваква општина, но во тој период беше проблематично седиштето на оваа општина.

Прва фаза е, предложено е Кукуречани врз основа на сугестиите и договорите меѓу граѓаните, бидејќи се работи за три мали рурални општини ќе се договараме и ќе го предложиме најоптималното решение каде граѓаните врз основа на еден од критериумите и врз основа на гравитациониот систем најмалку да се малтретираат со доаѓање во седиштето, ќе го предложиме тоа седиште кое најмногу ќе одговара на граѓаните.

Точно е и тоа дека во одредени разговори и мислења и од самиот почитуван пратеник дека дел од одредени селски населби сакаат да гравитираат спрема другата општина Новаци, сигурно во втората фаза ќе ги разгледаме и тие забелешки и до колку е можно во рамките на сите критериуми ќе удоволиме на тие барања на одредени селски населби пресекувајќи ги катастарските граници.

Во оваа фаза гравитира како седиште Кукуречани, понатаму ќе се договараме и лично мислам, сум разговарал и со пратеникот, имаме време, има можности за договарање и сигурно ќе понудиме најоптимални решенија, а колку што сватив по мислење на пратеникот може да опстане од овие три поранешни рурални општини послатки маки се маките за одредување на седиштето, сигурно врз основа на објективни критериуми.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам министре.

Г-дине Србиновски дали сте задоволен од одговорот.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Сосема сум задоволен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Убаво е да се слушне тоа.

Одговор на третото прашање ќе даде министерот за земјоделие г. Славко Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Делот што беше вовед во прашањето за тоа колку хектари ЗИК Пелагонија има добиено преку договор за долгорочен закуп односно на користење потоа намалување на бројот на вработените што пратеникот заборави да го поврзе со издвојувањето на делови од ЗИК Пелагонија кои прифатија дел од вработените, нема да го коментирам.

Меѓутоа, оној дел кој директно се однесува на прашањето што треба да преземеме во поглед на искористувањето на земјоделското земјиште го давам следниот одговор:

Според членот 62 од Законот за земјоделско земјиште по завршената трансформација во земјоделските комбинати се пристапува кон склучување на договор за користење на земјоделско земјиште со кое на трансформираниот или приватизиран комбинат односно правен субјект или трговско друштво му се доделува земјоделско земјиште потребно за обавување на дејноста заради која е извршена трансформацијата.

Таков договор со ЗИК Пелагонија е склучен во изминатиот период и врз основа на одредбите од Законот ослободен е од плаќањето, како и другите, за одреден период од закупнина на земјиштето што го добил на користење и тој договор по истек на тие четири години продолжува да важи со условите за закуп кои се договараат дополнително или кои се ставени во основниот договор. Врз основа на таков договор и ЗИК Пелагонија и другите приватизирани комбинати го користат земјоделското земјиште во државна сопственост врз основа на закон и врз основа на склучени договори.

Што се однесува до вториот дел  од прашањето што и дали ќе преземеме  во поглед на преиспитување на евентуално недоволното издвојување, според истиот Закон, на 15% од Фондот на земјиште заради давање на користење на други заинтересирани субјекти за користење на замјоделско земјиште можам да му кажам дека во тој дел внесена е новина во Законот за измени и дополнувања на  Законот на земјоделско земјиште  во таа смисла што е ставено во обврска на Министерството поради искуството од изминатиот период, да се преиспитаат сите издвојувања и да се провери дали издвојувањата од 15% соодвествуваат на законската одредба да одговараат на квалитетот и бонитетот на замјоделското земјиште во пропорционален однос. Тоа значи ако некој има земјиште прва класа 100 хектари тој треба да извои 15 хектари од тоа земјиште. Ако има од втора класа и од тоа итн.

Искуствата зборуваат дека кај многу такви субјекти издвојувањето од 15% е препуштено на нивниот слободен избор, па се ослободуваше она земјоделско земјиште кое по квалитет и бонитет не одговара за земјоделско производство или одговара за такво производство кое неможе да биде интензивно.

Врз основа на тоа внесената нова одредба од Законот за измени и дополнувања на Законот што не ја помина собраниската процедура поради тоа што е од онаа седница која беше одложена, се надевам дека на наредната седница што ќе биде презакажена ќе дојде во собраниска процедура и за него ќе раправаме. Внесена е обврска на Министерството за сите вакви издвојувања што се извршени во изминатиот период врз основа на договорите по член 62 од Законот за земјоделско земјиште да се изврши ревизија и притоа да се донесе соодветно решение таму каде принципот на пропорционалност на квалитетот на земјоделското земјиште што требало да биде издвоен не е запазен, па да го запазиме и дополнителни земјоделски површини од оние што по бонитет и класа не биле издвоени, а требало да ги издвојат земјоделските комбинати, да се направи тоа за да може тоа земјоделско земјиште да се користи и за потребите на социјалната реформа што е во тек или  за издавање под закуп долгорочен или концесија на оние што се заинтересирани.

Во тој дел, ако биде воспоставена таква обврска, а сигурно дека ќе биде, бидејќи е во Предлог законот што сами го предложивме и не гледам причина зошто да не се прифати да бидеме обврзани нешто што ќе биде и правично и економично, а политички оправдано ние ќе пристапиме кон реализација на истата и пратеникот набргу ќе ги види резултатите од тоа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г. министре.

Г-дине Србиновски дали сте задоволен од одговорот?

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Морам да кажам дека сум задоволен ако се направат сите овие работи вака.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ни тргна, добро е. Следниот пратеник што ќе поставува прашања е г. Тасим Сулејмановски.

ТАСИМ СУЛЕЈМАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани дами и г-да, колеги пратеници, министри и претставници на Владата.

Со оглед на тоа што на 24 април 2003 година, на поставените прашања сеуште немам добиено одговор, па би сакал да го повторам прашањето за водоводот во село Скудриње кое има исклучителна важност за општина Ростуше. Имајќи го во предвид фактот што селото Скудриње има три илјади жители кои

речиси секојдневно ми го поставуваат истото прашање, па нели е срамно во 21 век да се нема вода.

Првото пратеничко прашање е до Владата на Република Макединија .

Дали Владата на Република Макединија сериозно го има сватено проблемот со водоводот во село Скудриње за кој е направен проект за изградба пред една година и дали планира и ако планира кога истиот ќе го заврши.

Образложение:

Изградбата на водоводот во село Скудриње претставува приоритет во општина Ростуше со оглед на тоа што се работи за едно големо село од три илјади жители со над 500 ученици поради кои сите останати месни заедници кои гравитираат во општина Ростуше се откажаа од нивните проекти за да го решат еднаш за секогаш овој проблем кој значи живот.

Барам од Владата на Република Макединија во најкраток рок писмено да ме извести за понатамошната активност и начинот на финансирање на водоводот.

Второто пратеничко прашање го поставувам повторно до Владата на Република Македонија, кое гласи - дали Владата на Република Македонија размислува за нов закон за национални паркови,особено Националниот парк “Маврови Анови”, десното течение на реката Радика да биде одземено од паркот. Со оглед на барањето од Советот на Општина Ростуше, месните заедници и голем дел од населението кое живее од Ростуше. Тоа би послужило за огревно дрво, за пасиштата, за ловот и риболовот. Барам писмен одговор.

Третото пратеничко прашање до Владата на Република Македонија гласи - дали е предвидена изградба на хидроцентралата “Бошков Мост” да започне наредната 2004 година или ќе чека подобри времиња? Одговорот може да биде и усмен и писмен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г. Сулејманоски.

Сите три прашања беа поставени до Владата. Во име на Владата ќе одговори, потпретседателот, г. Јован Манасијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Бидејки пратеникот инсистираше на двете прашања да има писмен одговор, Владата писмено ќе одговори, а на третото прашање одговор ќе даде минситерот за економија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г. Јакимовски.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Што се однесува до “Бошков Мост”, се работат проектите, сеуште не е финиширана конечната верзија, мислам дека ќе биде тешко да се започне со изградба во 2004 година. Инаку е во план да се гради по завршувањето на овие две брани “Матка-2” и “Козјак”, следна треба да биде “Бошков Мост”.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г. министре.

Дали сте задоволен г. Сулејманоски.

ТАСИМ СУЛЕЈМАНОСКИ:

Благодарам, задоволен сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следен за поставување прашање е пратеикот Љупчо Мешков.

Повелете г. Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Благодарам потпретседателке.

Јас имав три прашања, меѓутоа со оглед на тоа што едното веќе беше поставено и одговорено, имам две прашања.

Првото е прашање за министерот за правда.

Особено во последно време е присутна една масовна појава на рибократци односно ловење риба на недозволен начин, што драстично го намалува рибниот фонд во Република Македонија во вештачките езера, природните езера и реките. На тоа, особено реагираат 100.000 регистрирани риболовци спортски во Република Македонија, а исто така и сите оние кои се борат за здрава еколошка средина и за почитување на законските прописи. Во овој дел имаме ригорозни казни, меѓутоа нашето сознание е дека не се постапува ригорозно, согласно законските прописи кон овие луѓе. Токму заради тоа ми е прашањето дали може Министерството за правда да даде податок колку лица за ваква појава, против законска , се осудени или за колку од нив се води постапка?

Второто прашање е до минситерот за земјодели, шумарство и водостопанство. Имнео, во светот, во многу земји е развиена една доходовна гранка од живинарството, а тоа е нојарството, односно одгледвување на ноеви. Бидејки оваа гранка произведува месо сиромашно со холестерин, спаѓа во продукти на здравата

исхрана, а развојот на оваа гранка би овозможила и вработување на луѓе и би обезбедиле здрава храна. Колку мене ми е познато во  Република Македонија срамежливо се јавувааат 2 - 3 такви фарми, меѓутоа изостануваат позитивни законски прописи за обработка и создавање услови, кланици, да се дојде до преработка на таквото месо, поради што и одгледаните ноеви се транспортираат во други земји заради недостиг на законски прописи. Прашањето е дали Валдата односно Минситерството за земјоделство, шумарство и водостопанство гледа можност и начин за развој на една ваква гранка што би овозможила, од една страна вработување, а од друга страна би обезбедила здрава храна.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Првото прашање беше за министерот за правда, г. Иџет Мемети.

Повелете.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Сметам дека ова прашање го уредува Законот за риболов и, ако во Законот за риболов има предвидено и казни, сигурно се прекршочни, ако има такви појави можат да се поднесуваат, не само за појавите, туку ако има конкретни докази по однос на сторени прекршоци, слободно може да се поднесат  прекршочни пријави до судовите. Сепак, сметам дека е подобро ова прашање да се постави и на него може подобро да одговори министерот за земјоделие отколку министерот за правда. Битно е дека кај нас, во  Република Македонија  ова прашање е уредено со закон. Во Законот има предвидено казнени одредби и нормално дека Законот треба да се почитува , па ако постојат вакви случаеви треба да се пријавуваат во надлежните судови за да се тераат прекршочните постапки.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Петров дали би дополнил нешто.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Со последните измени на Кривичниот законик од 1999 година, голем дел од прекршоците од областа на криволовот се подведени под поимот кривично дело не дозволен риболов. Точна е забелешката на пратеникот дека таму се предвидени релативно строги казни во однос на поранешните, прекршочни.

Врз основа на консултациите што ги имаме со Федерацијата на македонските риболовци и риболовните друштва, со оглед на тоа дека тој сектор паѓа под Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, морам со жалење да констатирам дека отсуствуваат кривични пријави или прекршочни пријави за сторители во обем , со оглед на обемноста на оваа појава, на која што укажува пратеникот, ние ја знаеме а ја знае и министерот, бидјеки случајно и тој е риболовец.

Засега немаме информации дека во текот на судските постапки за некој предмет за кој што е поднесена кривична пријава или подигнато обвинение донесена соодветна пресуда односно дали таква се води. Меѓутоа, со оглед на тоа дека се бараат конкретни податоци, земаме обврска до наредната седница во писмена форма, преку проверката во моите служби да го известиме за тоа колку и дали се поднесени прекршочни пријави до судовите, дали и колку има кривични пријави до јавните обвинителства и врз основа на нив подигнати обвиненија пред судовите и колку и дали се донсени пресуди, правосилни или неправосилни по однос на тоа. Тоа ќе го направиме до следната седница и пратеникот ќе ги добие информациите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам

Дали сте задоволен г. Мешков? (Да).

Тогаш одиме на второто прашање, исто одговара минситерот за земјоделие.

Повелете г. Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Точно е тоа дека се работи за нов сериозен проект, односно нова сериозна иницијатива во Република Македонија за одгледување на ноеви, со квалитет на ноевото месо барано на европските и светските пазари. И, дека веќе има луѓе кои се зафатија со овој бизнис, со оваа работа како извор за сопствена егзистенција и како една од извозните можности на Република Македонија.

Бидејки во Министерството располагаме со податоци за програми односно донации на странски влади во врска со производство на ноеви и гаење на ноеви, за следната седница во писмена форма ќе му доставиме податоци за тоа колку такви проекти постојат во Република Македонија , колкав е бројот на вработените односно извозниот капацитет на овие луѓе и какви се можностите околу организацијата на споредните објекти односно објекти што треба да го следат ова производство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Повелете г. Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Да, мене ми беше интенцијата да укажам на фактот дека, тие луѓе нормално бараат одреден простор, земјиште, дали во таа смисла има предвидено стимуилации во смисла на концесии на земјиште, кредити и т.н. Дали Министерството во таа смисла нуди одредени погодности, дали ќе има одредени поволности во смисла на развојот?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Петров дали ќе одговорите на дополнителното прашање.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Ова е дополнително прашање и во ред е.

Прашањето за помош на производителите односно одгајувачите на ноеви е прашање за дел од прашањата што беа поставени на оваа седница околу стимулациите, односно помошта во земјоделието, повратна или неповратна. Покрај можноста за кредити што ја пружа ИФАТ-2 и што е во тек операционализирање на тој кредит за кој што постои големо интересирање, стои и обврската на Министерството, доколку се соочи со барања од такви производители за одредена помош дека ќе излеземе во пресрет, меѓутоа во рамките на Програмата што секоја година се носи од страна на Министерството, а се одобрува од Владата а се работи за трошење на средства наменети за помош во земјоделието.

Се надевам дека до изготвување на програмата чиј што краен рок ќе биде 31 март, а обично се готви тогаш кога ќе биде донесен Буџетот и определени буџетските средства, ќе имаме соодветни барања од такви заинтересирани лица и еве, пратеникот може да го добие моето јавно ветување дека, доколку такви барања имаме, сериозно ќе ги земеме во разгледвување и ќе го сториме она што го имаме во рамките на можностите на Минситерството, тие луѓе и тој бизнис да го потпомогнеме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ви благодарам г. минситре.

Сега одиме на следните пратенички прашања.

Прашање поставува г. Борче Петровски.

Повелете.

БОРЧЕ ПЕТРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател.

Моето прашање го псотавувам до Владата на РМ затоа што се однесува на Агенциајта за приватизација на Република Македонија.

Внатрешната ревизија на Агенциајта за приватизација во својот извештај од 2002 година што го има доставено и до Собранието на Република Македонија на 16 јуни 2002 година констатирала дека понудата на вработените на АИК "Лозар" - Битоа е подобра од понудата на ЦИП - Продукт од Охрид. А, тоа нешто го валоризирала со свое мислење во судската постапка по предметот број 786/02 пред Основнито суд Скопје-2 - Скопје, каде што со поднесок е признато тужбено барање на вработените на "Лозар"-Битола и "Месер" од Германија каде што се води спор за поништување на склучениот Договор за продажба на "Лозар" на ЦИП Продукт - Охрид.

Прашањето гласи зошто Агенциајта за приватизација на Република Македонија нема преземено никакви дејствија во поглед на исправање на згрешеното, односно во правец на раскинување на Договорот со ЦИП Продукт од Охрид?

Второто мое прашање е во врска со Битолски "Лозар", но бидејки се однесува на работата на скопските судови, а би требло да го поставам до Републичкиот судски совет, незнам дали ќе ми дозволите во отсуство на претседателот на Републичкиот судски совет да го поставам ова прашање ако ми дозволите јас би го поставил прашањет.

Благодарам.

Како од заинтересираните страни во врска со судските спорови што се водат во приватизацијата..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам, не ви е најавено, така што ако може во следна прилика, бидејки требаше да биде најавено за да можат да пратат претставник.

БОРЧЕ ПЕТРОВСКИ:

Немам право. Добро. Тогаш ова не е прашање. Одам со второто прашање.

Прашањето го поставувам исто така до Владата на Република Македонија - кога Владата ќе си ги врати во владение службените станови што функционираат од поранешната власт и поранешните пратеници сеуште ги користат. Ова прашање го псотавувам заради тоа што сите ние , пратениците, секојдневно патуваме и сме

изложени на разни опасности , како што денеска се случи со нашиот колега Благој Голомејов кој имаше сообраќајна несреќа и во која што се доби со повреди.

Третото мое прашање е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, околу 40-тина производители на тутун од битолските села пред се од општина Могила во текто на 2002 година уредно склучиле договори со АД “Табак” од Охрид за примопредавање односно за предавање на тутунот. До ден денес АД “Табак”-Охрид не им исплатило ни еден денар.

Прашањето гласи, што може Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рамките на своите надлежности да преземе овие луѓе конечно да си ги добијат парите.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ви благодарам г. Петровски.

Само едно извинување пред тоа за прашањето, јас не ве дослушав, слушнав дека го поставувате до минситерот за правда за Републичкиот судски совет а не до Републичкиот судски совет.

Значи, одиме со првото прашање до Владата.

Кој ќе одговори?

Има збор потпретседателот на Владата г. Манасијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Владата писмено ќе одговори на ова прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред.

За второто прашање поставено исто така до Владата, ќе одговири минситерот Владо Поповски.

Повелете г. министре.

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Прашањето за службените станови, поточно зградата на ул. “Стале Попов” бр. 9 за која штопред една или две седници имаше исто така поставено прашање, актуелно во Владата на Република Македонија , јас минатиот пат кажав дека поголем дел од решенијата односно најголем дел од нив се веќе поништени. Соодветната комисија што работи при Владата на Република Македонија ги поништи решенијата издадени од претходната комисија за станбено-иселенички прашања. Во тек е , преку Јавното правобранителство на Република Македонија се

отворени судски спорови во смисла на оние 10 станови во спомнатата зграда што веќе ги откупиле и имаат потпишано, склучено купопродажен договор. Значи деновиве најголем дел од корисниците на станови на зградата на ул. “Стале Попов” бр. 9 ќе ги добијат соодветните решенија за прогласување на ништавност на решениајта што ги добиле од претходната комисија.

Инаку, и во оваа прилика сакам да нагласам дека сите оние корисници на станови кои исто така и сега вршат соодвтни функции Комисијата ќе ги поништи решенијата само во делот што се однесува на откупвуањето на становите. Значи, денфинитивно да заклучам дека решениајта за овие станови се поништени, тие се изготвуваат иниви корисници ќе ги добијат.

Истовремено сакам да нагласам дека Комисиајта за станбени прашања до Владата на Република Македонија поништи и соодветни други решенија што најави дека не се издадени во согласност со законските прописи, а тоа ќе го прави и во иднина. Значи, секаде онаму каде што ќе најде празнина при доделување на стан, каде не се почитувани законските прописи, тоа ќе го прави и во иднина.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Петровски, дали сте задоволен од одговорот?

БОРЧЕ ПЕТРОВСКИ:

Да, благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Бпагодарам.

Одиме на третото прашање, ќе одговори г. Славко Петров.

Повелете.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Благодарам.

Прашањето за плаќање на откупенито тутун е прашање на одговорност за исполнување на облигационен договор што псотои помеѓу производителите и откупувачите. Да потсетам дека откупувачите и производителите својот договорен однос за производство и откуп на тутун, се разбира и преработка понатаму, го решаваат врз основа на закон, врз основа на склучен договор во кој што ги определвуаат услвоите што се однесуваат на цената, на роковите на превземањето на тутун, на роковите на плаќање, на можностите за раскид на договорот и т.н.

Со оглед на тоа дкеа производството на тутун помеѓу откупното претпријатие или преработувачкото претпријатие за кое што зборуваше пратеникто и производителите од местата што ги спомна пратеникот е уреден со таков договор каде едната страна го исполнила својот договор, тоа значи производителите го произвеле и го предале својот тутун. Останува неисполнета обврската на другата страна околу плаќањето на тутунот.

Обврската за плаќање на тутун, по закон и по договорот што е склучен паѓа на оној кој го купил тутунот односно го договорил неговото производство и се обврзал истито да го плати. Ниту Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ниту Владата на Република Македонија , а уште помалку Буџетот на Република Македонија не се обврзани по ниту една основа да место трговското друштво кое што го договорило и не го исполнило своето ветување во договорот, место него да го направат тоа што треба да го нарпават и што бараат производителите да се стори.

Решението го гледам само на едне начин, да производителите за онаа количина и за оној износ на средства што го имаат за тутунот, да се обратат до надлежниот суд и по основ на Договорот ќе можат да ги добијат средствата што ги заслужуваат, заедно со каматите што ќе ги им припаднат од денот на стасаноста на побараувањето па до исплатата. Меѓутоа ова не значи дека доколку по било кој основ во иднина се создадат услови да се помогне односно да се откупи произведениот тутун од страна на државата дека тоа нема да се стори. Но, засега, во овој момент не постои ниту правна ниту фактичка основа, ниту по постојниот Закон за тутун ниту оној што е во подготовка за измена и дополнвување на истиот државата да интервенира и трговското друштво што не ја исплнило своајта обврска да ги исполни место него обврските спрема оние кои му го довериле тутунот.

Мојата порака е во иднина, со оглед на веќе прокламиранито став на Валдата дкеа нема да дадат државни гаранции за подигање кредити за исплата на тутун, да при изборот на партнерот со кого ќе се склучи договор за производство и ќе се очеквуа истиот да го исполни и плати она што ќе го преземе, да се обрне поголемо внимание. Измените и дополнувањата што ги направивме и се во собраниска процедура на Законот за измени и дополнувања на Законот за тутун, ќе овозможат влез на странски капитал и покрај веќе псотојните неколку силни трговкси друштва што веќе го откупуваат и веднаш го плаќаат тутунот, тој круг да го прошириме. Таквите појави каква што е оваа за која говореше пратеникот, повеќе да ги нема.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Петровски дали сте задоволен од одговорот?

БОРЧЕ ПЕТРОВСКИ:

Му благодарам на министерот за исцрпното излагање. И убеден сум дека конечно и тутунопроизводителите ќе ја сватат оваа порака која што ја даде министерот.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседател, имам само едно прашање упатено до министерот за економија. Туристичките работници од Охрид прашуваат, дали Канцеларијата за туризам при Министерството за економија може да биде преместена со седиште во Охрид. Сите услови истата да функционира во Охрид постојат, вклучувајќи го и Факултетот за туризам како научна институција која може да има придонес во подготовките за развој на туризмот. Во периодот од 1996 до 1997 година како Агенција за туризам истата беше лоцирана во Охрид што оди во прилог дека Охрид може да биде туристички центар во комплетна смисла на зборот.

СТЕФЧО ЈАКИМОВСКИ:

Одговорот е, не.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

За ваков јасен одговор верувам дека има оправдани причини за тоа.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам почитувана потпретседателке.

Моето прво прашање е до Владата на Република Македонија. Почитувани претставници на Владата моето прашање се однесува на поплавата која што го зафати струмичкиот регион пред еден месец. Сакам да прашам што имате преземено за санирање на штетните последици од поплавата, најпрвин штетните последици кои беа направени врз телото на браната на Маркова река. Понатаму, што имате преземено за интензивирање на градбата на Маркова брана за да не се случи повторно да дојде до вакви, не би кажала штетни последици, меѓутоа до можност за катастрофални последици врз луѓето од овој регион. Понатаму, што имате превземено за изградба на мост кој што ќе го поврзува населеното место Градско-Балдовци со градот Струмица, што имате превземено за чистење на каналот кој што ги носи атмосферските и отпадните води од целиот овој регион, почнувајќи од градот Струмица до македонско-бугарската граница за да не се случи повторно при поголеми дождови да се поплавуваат населените места во овој

регион. И на крајот што имате превземено за надоместок на штетите кои што ги претрпеа граѓаните, посебно од населеното место С'чево.

Моето второ прашање е повторно до Владата на Република Македонија, сите вработени во државата од своите бруто плати плаќаат 1,6% придонес за вработување. Бидејќи последната година наместо да се зголемува бројот на вработените во државата, драстично се намалува, па бројот на невработени достигна скоро 400 илјади. Барам од Владата да даде одговор колку средства се собрани врз основа на овој т.н. придонес за вработување од граѓаните во оваа последна година и за што се искористени тие пари.

Моето трето прашање е до министерот за образование. Не го гледам почитуваниот министер, меѓутоа се надевам дека преставниците на Владата ќе одговорат. Повеќето од директорите и подрачните претставници во градовите кои што беа именувани за време на претходната власт беа разрешени од страна на министерот. Има укажување доставено до сите подрачни единици од страна на министерот, а тоа беше пракса и во претходниот состав на министерството, значи и со претходниот министер, да не се примаат нови вработени додека не се обезбедат со полн фонд на часови постојните вработени во образованието. Зошто и после една година од вашето владеење зборувате за домаќинско работење на вашата Влада и дека се залагате дури и за намалување на бројот на вработените во образованието и севкупната администрација, а го правите сосема спротивното, не им давате доволен фонд на часови на постојните вработени во образованието, туку по пат на оглас примате нови вработени за истите предмети за кои што има неангажирани наставници. Само за пример ќе посочам неколку места, односно училишта и во градот Струмица, меѓутоа и во населените места Водоча, Вељуса, Дабиле и Муртино.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше поставено до Владата на Република Македонија. Ќе одговори господинот Славко Петров, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Кај себе ја имам информацијата што ја доставивме во Владата. Мислам дека реагиравме итно и соодветно. И пред да преминам на одговорите на прашањата на пратеникот, само да кажам дека Хидросистемот Маркова река со придружните објекти и браната и со главниот доводен цевковод филтерска станица, доводи за

постојните резервоари, систем за наводнување и изработка на документација изнесува 4 милиони 610 илјади американски долари. Истиот треба да обезбеди водоснабдување за населението за околу 5 илјади жители на Куклиш и Свидовица и околу 300 хектари земјоделско земјиште што треба да биде покриено со систем за наводнување. Нема да зборувам за тоа како е договорена и на кои основи изведбата на браната со изведувачот. Меѓутоа, ќе кажам дека се работи за договор што е склучен во 2002 година и дека работите на истата се изведуваат од изведувачот градежно претпријатие Пелагонија од Струмица. И до хаваријата, така би ја нарекол, на браната во ноември месец 2003 година изведбата на објектот беше околу 60% што ќе рече дека беше пробиен рокот, односно не беше достигнат рокот што беше поставен за изведување. На браната Маркова река има два случаја кои што имаат последици кои што засега не ги проценуваме како катастрофални, иако можат да бидат и потешки од овие што се случија. Во 2002 година во октомври месец поради силни поројни дождови дојде до оштетување на браната поради што беше формирана комисија, беше утврдена штета и беше констатирано дека изведувачот се обиде со дополнителна ситуација да ги наплати штетите заради своето задоцнување и заради фактот што не го осигурил објектот од постојни штети за што беше должен. По утврдување на состојбата му беше наложено да го исполни договорот во делот за осигурување од штетни последици во врска со ваква хаварија од овој вид што тој го прими на знаење, се обврза дека ќе го стори. Меѓутоа, во 2003 година ни се повтори истото што се случи во 2002 година кога констатиравме дека изведувачот не постапил по обврските што ги презеде и што ги потпишал и дека пак не го осигурил објектот поради наводен недостиг на средства. Во вечерните часови на 28.11.2003 година телото на браната што беше изведено од 312,50 метри, а завршната кота е на 325 метри доведоа до тоа откако се повтори на 29.11.2003 година да се затне оној дел кој што претставува безбедност од причини што подоцна беа откриени, затоа што се работеше за откинување на некои плехови што го затнаа испустот и дојде до преливање на водата од браната поради што се случи оштетување на браната која што во овој момент се проценува, на 1.11.2003, значи наредниот ден веднаш после ова што се случи откако беше мобилизирана екипа која што работеше на овозможување на проток на водата од браната беше формирано Координативно тело, или кризен штаб да го кажам така, со професори на Градежниот факултет, стручни служби на Министерството кои што извршија увид, ги утврдија оштетувањата, ги утврдија причините поради кои што дошло до преливање

на водата и притоа со Градежниот факултет во Скопје под итно, поради итност беше потпишан договор со кој што ќе се направат стручни анализи и предлози за решавање на проблемот со Маркова река. Висината на штетата изнесува во овој момент на браната околу 6 милиони и 125 иљјади денари, тоа е оптимум, или минимум од три милиона, значи во распон помеѓу 3 и 6 милиони. И врз основа на овие првични согледувања од средствата на Министерството за работа во идната година веднаш беа предвидени средства што се надевам дека донесениот буџет ќе ги реализира заради отстранување на штетите на самото тело на браната. На тоа се работи. Техничките решенија сеуште не се готови, но ќе бидат готови. Меѓутоа, она што сакам да го кажам заради јавноста, заради одговорот на прашањето на пратеникот да се знае е следното. Среќа што во тој момент на тој дел постои брана со ваков капацитет, со ваков објект, ваква изграденост и издржливост, затоа што преку прибирањето на водите и постепеното препуштање на истата преку телото на браната се нанесоа само штети на самото тело на браната, маѓутоа  не на самата брана која што е засега според последните податоци во прилично стабилна положба и дека на самото тело кое што ќе се надградува не постојат оштетувања што укажуваат на опасност за селата низводно. Ако браната не била и ако овој прелив не е наврshен, силните води од Маркова река по течението надолу според тврдењето на стручњаците би нанеле значително, односно огромни штети далеку поголеми од оние што во овој момент постојат. Тоа ќе рече дека браната практично го заштити населението во низводниот дел од поголеми штети доколку уривањето на поројот по Маркова река не беше сопрен од браната и потоа постепено препуштан преку нејзиното тело. Ги чекаме резултатите за тоа и кога ќе бидат готови и проектот кој што веќе е во заваршна фаза, кој што веќе го платившме и кој што ќе каже кои решенија се нудат како алтернативни, бидете сигурни дека во најкус можен рок со средствата што ги имаме и што евентуално е потребно да ги обезбедиме браната ќе биде во брзо време довршена, бидејќи очигледно е дека капацитетот на изведувачот според проценките на стручњаците не е доволен браната брзо и ефикасно да се изведе и затоа ќе биде потребно дополнително и стручна и финансиска, се разбира и помош во луѓе која што ќе овозможи браната што побрзо да се заврши, да се заокружи и на тој начин да стане потполно безбеден и корисен објект за наводнување. Во поглед на овој дел тоа го користам како прилика истовремено да им се обратам и на жителите од подрачјето од каде што пратеникот го поставува прашањето, дека во овој момент се безбедни, дека од браната не им се заканува

никаква опасност и дека во најскоро време браната ќе биде доведена во употребна состојба и ќе ги користат предностите што таа брана ќе го нуди на тој крај.

Што се однесува до затворените канали, или за кои што стана збор, во овој момент со оглед на тоа што вашето внимание е насочено исклучиво кон браната и кон штетите што таа евентуално ги направи, односно на самата себе и кон отстранување на последици од истата, ние ќе бидеме уште извесно време преокупирани со тоа, меѓутоа веднаш потоа ќе ги провериме овие околности во врска со каналите, особено со причината за нивното затрупување. Бидејќи првичните сознанија што дојдоа во Министерството зборуваат за тоа дека овие канали поради тоа што долго време не биле потребни, бидејќи не се соочиле со вакви дождови и вакви поројни дождови, се затрупани, односно се оневозможени да ја вршат својата функција можеби и од некои чинители кои што се надвор од евентуално неизвршување на обврските на Министерството околу нивното чистење и одржување. Меѓутоа, сигурно е дека, ќе процениме дали навистина тие канали треба да ја вршат функцијата, во каква состојба се и доколку постои обврска за нивно чистење поради безбедност на сите оние и употребливост на каналите дека ќе ги отстраниме сите последици кои што тие канали ги оневозможуваат да бидат во употреба. Тоа го направивме за повеќе канали во државата издвоивме значителни средства и не гледам причина зошто во еден ваков регион каде што се случи ова за што станува збор, тоа нема да го направиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓа Бонева, дали сте задоволни од одговорот.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван министре, благодарам за вашето исцрпно информирање на јавноста, меѓутоа освен она што веќе го знаеме, единствено нешто што дознав дека висината на штетите се меѓу три и шест милиони денари, направените штети. Јас поставив прашање дали во моментот Владата има освен проценките нешто направено за санирање на овие штети, или треба да му кажеме фала богу што досега немаше поројни дождови, па не ни се случи повторно истиот ужас да го преживеат овие граѓани од овој регион. Значи, дали треба повторно да имаме дождови, па да констатираме дека е потребно навистина да се исчистат овие канали и постојано да се одржуваат, за да може навистина да има слободен проток на водата, да не ги загрозува луѓето од овие населени места. Јас мислам дека носењето на буџетот, одделувањето на пари дури во идната година, значи сé

останува и овој месец и другиот месец да молиме да не се случи повторно да дојдат вакви поројни дождови. Јас мислам 25 дена до денес има направено откако се случи ова нешто и беше доволен период и да се процени штетата, меѓутоа и да се интервенира одредени фондови што ги има државата за да не се случи тоа повторно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали господинот министер има коментар.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Малку дојде до недоразбирање, меѓутоа навистина изгледа дека зборуваме за две различни работи. Јас зборував за штетите на телото на браната што треба да се отстранат за да може да продолжи нејзината доизведба, за потребните стручни екипи што се ангажирани со кои е склучен договор и со стручниот наод на експертите што ни е потребен да каже каде и во кој дел на браната треба да се интервенира, за да може телото на браната да се изгради до максималната кота на нејзината висина и да се предвидат резерни варијанти за оневозможување во друга идна ситуација да се случи ова што е. Не ми е јасно, или мислам дека ми е јасно и ќе го повторам тоа дека додека не го добиеме стручниот наод за тоа што треба да се прави, додека не го добиеме елаборатот за мерките, односно за дејствијата што треба да се преземат, не можеме да почнеме со вложување на средства, затоа што елаборатот, односно програмата, или како сакате наречете го, извештајот на оваа стручна екипа на Градежниот факултет мора да биде завршена и веднаш потоа ќе пријдеме кон нејзиното оперативно спроведување. Така што штетите за кои што зборував се штети на самото тело на браната заради реновирање, односно рехабилитирање на филтерскиот дел евентуално отстранувањето на заштитниот дел, низводниот дел на браната и проверка на телото на браната на т.н. “глинено јадро” кое што треба да се надградува, затоа што за да се продолжи тоа да се надградува потребно е прво да се провери колку и каква е неговата стабилност и дали поплавите освен овие веќе евидентирани штети на телото на браната на нејзиниот низводен дел на филтерот и на заштитниот дел се и на јадрото каде што засега првите показатели се многу оптимистички дека јадрото на браната е неоштетено. Меѓутоа, за да почне да се продолжи да се гради и понагоре, оној горниот дел, влажниот дел на глиненото јадро потребно е да добие одредена цврстина за да може врз основа на неа да продолжат работите. Додека тоа условите не го дозволат, а помеѓу услови подразбирам стручен извештај и предлог за

санационите мерки на телото на браната и додека тоа не го овозможат другите услови, ние ги обезбедивме главните делови на браната што во овој момент ќе ја обезбедат нејзината пропусна моќ, ќе оневозможат акумулирање на вода и ќе оневозможат прелив на вода и правење на штети. Затоа што веќе главниот канал, односно одводен канал кој што овозможува излив на водата од браната е исчистен и ставен во употреба, зошто неговото запушување беше резултат исклучиво на откачување на лимени делови од каналот кои што го затвориле истиот и оневозможиле водата место низ него, под телото на браната, или покрај телото на браната водата да оди во коритото на Маркова река низводно да се собира, а потоа да се прелива преку делот за кој што станува збор. Мислам дека во тој дел ќе сториме она што е потребно. Работиме најповеќе што е можно и најбрзо и она што мора да се сочека, а тоа е извештајот на стручњаците навистина мора да го сочекаме. Она што мора да се сочека, тоа е извештајот на стручњаците. За пари мислам дека ќе нема проблем, заради тоа што тие веќе ги обезбедивме. Така што сакаме да ги ставиме во функциија тогаш кога ќе биде готово ова за што зборувам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре. Втор коментар нема, така е редот. Не, не, вие поставувате прашање. Право е на министерот на кој начин ќе одговори.

Почитувани колеги, господа министри, ве молам, во ред, меѓутоа, потпретседателот на Владата го упати министерот за земјоделие да одговори на овој дел, она што знаеше, така што јас би предложила да одиме на второто прашање.

Второто прашање беше исто така до Владата.

Дали Владата ќе се произнесе.

Господинот Јован Манасиевски, повелете.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Придонесот за вработување што секој вработен го издвојува од својата плата за жал, во структурата на вкупниот буџет на Заводот за вработување е помалиот дел, за жал најголемиот дел од буџетот на Заводот за вработување се трансфери од централниот буџет и најголем дел од тие пари се трошат за структурните реформи што веќе неколку години се во тек. Инаку општо познато е дека вкупната структура на трошоци е многу лоша, дека најголем дел од средствата одат за таканаречени пасивни мерки, а многу малку од средствата одат за таканаречени активни мерки. На пример во 2002 година за активни мерки беа потрошени само 3% од вкупните

средства на Буџетот на Заводот за вработување. Ние оваа година на тој сооднос меѓу активните и пасивните мерки го подобривме значително, меѓутоа тој сеуште е многу далеку од оној посакуван баланс кој што треба да биде во функција на создавање на нови вработувања. Инаку, во изминативе 6 месеци како дел од карц програмата финансирана од Европската Унија се дизајнираа реформите на Заводот за вработување, притоа во изработката на овие реформи имавме среќа да учествуваат навистина реномирани експерти, главен дизајнер на реформите беше поранешниот директор на сличната таква институција како Заводот за вработување во Велика Британија и како резултат на овој дизајн ние во месец март до Парламентот ќе поднесеме законски измени, кои што Заводот за вработување ќе се трансформира во една класична агенција за вработување, со што ќе биде поместен фокусот од таканаречените пасивни мерки кон активните мерки. Истовремено со овие реформи управниот одбор на Заводот за вработување веќе нема да биде ексклузивно составен од претставници на Владата, туку ќе го отсликува на еден балансиран начин трипартизмот што значи дека во него ќе присуствуваат подеднакво и претставници на работодавачите и претставници на синдикатите.

Со овие реформи сметаме дека ќе се направи овој квалитетен исчекор, Заводот од еден административен орган кој што само ги администрира кеш надоместоците до  различните категории на невработените да се претвори во една оперативна и функционална агенција за вработување, бидејќи пратеничката се интересираше за конкретни бројки во однос на прибраните средства и структурата на трошоците тој дел од прашањето ќе и биде дополнително доставен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Госпоѓо Бонева, дали сте задовлолна од одговорот?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана потпретседателке, почитуван министер, благодарам за одговорот што го дадовте, се надевам дека со писмениот одговор дополнително ќе биде одговорено и ќе можеме да разговараме понатаму и почитувана потпретседателке мора да протестирам претходнот прашање беше поставено до Владата на Република Македонија. Имаше многу потпрашања на кои што не би беше даден одговор. Меѓу другото и за мостот, дали ќе биде изграден мост што го поврзува Градско Балдовци со Струмица, и за штетата направена во село Счево. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Претставникот на Владата потпретседателот Манасиевски, повелете.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Па одговорот на министерот за земјоделие беше прилично исцрпен, меѓутоа, доколку пратеничката и понатаму инсистира на овие две прашања, на тие две потпрашања, Владата дополнително ќе достави писмен одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме на третото прашање. Беше поставено до Министерството за образование. Дали може да замолиме, министерот Положани, да видиме дали е тука. Не е тука. Во тој случај жалам, писмен одговор ќе добиете на тоа прашање.

Во ред. Одиме понатаму.

Прашања поставува пратеничката Ристана Лалчевска. Повелете.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседател.

Моето прашање е насочено кон министерот за земјоделие, меѓутоа јас не го гледам присутен во салата, се надевам дека во меѓувреме ќе пристигне.

Јас би се осврнала на еден многу голем проблем со Охридското езеро и со рибниот фонд во ова наше природно богатство  и дозволете ми претходно да елаборирам некои податоци, да ја запознам македонската јавност што всушност таму се случува.

Ова езеро претставува еден голем природен еко систем кој е стар повеќе од два милиони години и кој покрива една огромна површина од 358 м2, од кои 2/3 припаѓаат на Република Македонија и 1/3 на Република Албанија. Градот Охрид и езерото благодарение на сите културно-историски и природни вредности е регистриран и во регистарот на светските природни реткости на УНЕСКО кое претставува уште еден доказ за сериозниот пристап во решавањето на проблемите поврзани со ова наше езеро. Во Охридското езеро живеат некаде околу 17 видови автохтони риби кои повеќето се со комерцијална важност, меѓутоа има и ретки видови ендемични кои се среќавааст исклучиво само во овој еко систем. Познато е дека во годините наназад се случува еден атак на рибниот фонд на езерото кое претставува едно опасно загрозување на езерото на целокупниот рибен фонд. Рибниот фонд во овој еко систем бил наназад под контрола и таква контрола се водела многу одамна, постоело еден ред во ловењето кој строго бил почитуван и никој не можел да биде ниту повластен, ниту привилегиран во ловењето. Меѓутоа, сметам дека во последните години ние потполно ја загубивме контролата на

ловењето риби, искористувањето на рибниот фонд во езерото и сега сме доведени во една состојба да годишниот улов е паднат некаде според мои сознанија на 5 тони годишно, мислам на пастрмката како ендемичен вид, ако спомнам дека имало години и добри сезони кога езерото било издашно и можело да оди до 150 тони годишен улов. Значи самите бројки зборуваат колку рибниот фонд особено на пастрмката како ендемичен вид е загрозен. Оние кои стопанисуваат со Охридското езеро користат такавикани високи летечки мрежи кои навистина претставуваат една голема закана, и го уништуваат целокупниот рибен фонд, бидејќи тие мрежи се некаде високи меѓу 10 и 15 метри, и долги од 100 до 200 метри, кога тие ќе бидат поврзувани во серија вие можете да замислите каков пустош оставаат позади себе. Меѓутоа, не само што го уништуваат рибниот фонд, матиците, односно ја уништуваат матицата тие ја уништуваст и икрата и со тоа се намалува можноста од искористување односно оплодување на икрата и стварање на рибен фонд по вештачки пат порибување на езерото. Ако на ова несовесно стопанисување со рибниот фонд се додаде и она што предмалку зборуваше мојот колега Мешков за се поголемиот замав на рибокрадството, бидејќи охридската пастрамка е познато дека има висока цена и оваа појава добива на интензитет без некој посебни можности за казнување зошто мене не ми е познато дали се работи за затајување на инспекциските служби или на службите на прогонот, рибниот фонд во езерото е навистина доведен да речеме дека е минута до 12 да најсериозно се стори нешто и да се заштите овој фонд на риби во езерото, затоа што може да ни се случи наскоро езерото да биде мртво езеро, бидејќи ако ги загубиме рибите во езерото, ова богатство, тогаш навистина езерото нема никого да го привлекува ниту ќе биде она што некогаш било.

Јас верувам дека министерот е запознат подетално за оваа појава, бидејќи некаде во пролетта му е приложено известување преку движењето на екологисти на Македонија со исцрпни податоци и заклучоци што и во кој правец треба да се прави, јас верувам дека министерот ја проследил таа информација и затоа во името на сите екологисти, во името на граѓаните на Охрид и Струга и на сите оние љубители на Охридското езеро го прашувам министерот што ќе направи за да го заштити и обнови рибниот фонд, особено на охридската пастрмка како ендемичен вид, и дали воопшто се размислува во правец на забрана, кога викам забрана мислам на повеќегодишна на излов на овој вид на риба, затоа што навистина е загрозена како би дале можност што по природен пат, што со вештачки мрест да се обнови овој

рибен фонд и повторно езерото да си го добие својот сјај и својата важност. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Прашањето е поставено до министерот за земјоделие, господинот Славко Петров. Повелете.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Со голем дел од констатациите како претходница на поставеното прашање се сложувам не како министер туку како човек и долгогодишен риболовец и јас знам што значи еден енденски вид како што е охридската пастрмка, реткост која што скоро никаде или никаде во светот ја нема, да се пустоши и да се уништува на начин како што тоа го кажа пратеникот.

Имам одредени сознанија меѓутоа, надвор од службата кои што зборуваат во прилог на ова што пратеникот го тврди. Овдека проблемот се сведува според она што го слушнав и според она што го знам не на прашањето на заштитата преку забрана на дозволениот риболов, туку на заштита на Охридското езеро од пустошење, односно уништување преку риболовот, односно со прекршување на кривично-правни норми со кои што се врши кривично дело. Јас знам дека пратеникот разликува дозволен риболов со дозволени средства на Охридското езеро и забранет риболов со средства за кои што спомна, кои што нити се допуштени, нити смета да се употребуваат а кои што претставуваат сами по себе кривично дело. Значи проблемот е двоен. Проблемот на забрана на дозволениот и спортскиот риболов на Охридското езеро и проблемот на контрола над криминалните дејствија што го пустошат Охридското езеро, за што ова Министерство неможе нити да пружи податоци, освен преку проверка во евиденцијата дали такви пријави се поднесени и извештај за тоа што е сторено. Значи гледам дека имаме три проблема.

Првиот проблем е забрана на дозволениот риболов. Вториот проблем е проблемот на криволовот. И третиот проблем е проблемот на обновата на Охридското езеро односно на матичниот фонд на пастрмката преку начините на изловување за кои што и пратеникот зборува. На тоа се надоврзува уште еден проблем, кој што практично го гледам нерешлив, ако го гледаме само во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а тоа е проблемот со пустошењето на рибниот фонд по соседните држави тогаш кога не е време, затоа што пастрмката нема куќа во македонскиот дел од Охридското езеро, него и во албанскиот и во грчкиот.

Ова се работита што и јас ги знам, работите што ние ги следиме и работите за кои што и пратеникто зборува. Меѓутоа, со оглед на тоа се потребни податоци во поглед на тоа дали и кога е дозволен риболов, кој и во кое време се врши, дали и кога е констатиран криволов ќе мораме писмено да ви одговориме, заради тоа што треба да ги проверам податоците, а што се однесува до писмото со горчина го прочитав, бидејќи податоците што беа содржани отприлика се нови што сега ги слушам, меѓутоа едно е да имате сознанија за нешто што се случува, друго е да превземете мерки тоа да се спречи. Еве мојот уважен колега Хари Костов ќе го потсетам дека и тој дел од вршењето на кривично дело е во надлежност на неговото министерство, па ќе направиме напори по разговорот со него да се договориме околу тоа што е потребно да се стори барем во поглед на овој дел од криволовот, нека се искорени, бидејќи кривичните дела и криминалното однесување никој пат нема да се сведе на нула, туку се сведе на мерки кои што ќе претсатвуваат случај и дозволен износ на криминал, а не појава која што се претвара во еден систем на однесување кон Охридското езеро што значи штета за него и за овие видови.

Значи да завршам, сите податоци што ги имаме во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе ги подготвиме, ќе ги проследиме на пратеникот и ако постојат, а сигурно постојат обврски што Министерството треба да ги превземе, а јас можам да кажам дека тоа ќе биде само во делот за дозволата на спортскиот или стопанскиот риболов ќе ги превземеме да го спречиме барем еден дел од уништувањето на Охридското езеро и оној вториот исто така важен дел обновата на матичниот фонд, односно ревитализација или како би го нарекол тоа на пастрмката преку мерки што ги имаме за потпомогнување на рибарството како гранка на земјоделието, да ги сториме, како би ги ублажиле или би ги отклониле ако можеме тоа потполно да го направиме, последиците од ова што ни се случува сега.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Госпоѓо Лалчевска, дали сте задоволна од одговорот?

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Па да, воглавном сум задоволна од она што го добив како одговор. Гледам дека министерот има доволно информации за атакотн што се случува на рибниот фонд и се надевам како страствен риболовец и љубител на рибите дека ќе даде импулс плус да го заштитиме овој раритет, не само на 0хрид, него охридската пастрмка е раритет на Македонија како знак за препознавање на нашата држава,

меѓутоа мислам дека повеќе нешто треба да се стори во онај експлоатациониот дел на рибата, односно при доделувањето на концесиите за искористување на рибниот фонд, јас колку што сум запозната наскоро истекува концесијата на сегашниот концесионер, и мислам дека условите, доколку се даде друга концесија условите ќе бидат построги поготово во делот на користење на рибарските алатки, како ги нарекуваме и во делот, посебно во делот на контролиран улов и обнова на рибниот фонд. Мислам дека сега обновата на рибниот фонд е премала за да можи да го ревитализираме езерото. По добивањето и на другите податоци можеби ќе имаме и нешто друго околу ова. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам госпоѓо Лалчевска. Еве, Парламентот и за убави работи да се подискутира во него.

Одиме понатаму. Имаме тројца пријавени дискутанти, сите од ВМРО-ДПМНЕ со координаторот господинот Коце Трајановски, е договорено секој од нив да постави по едно прашање. Значи одиме со господинот Ѓорге Паљошковски. Повелете.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани министри, почитувани колеги,

Моето прво прашање е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Поделено е со три потпрашања.

Под 1. Познато е дека во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во Скопје има поднесено барање за концесија од сегашните сопственици на поранешниот ЗИК “Струмица” од Струмица, Струмичко поле и село Василево и Хамзали. Намерата на министерот била да се даде на 40 години земјоделското земјиште без распишување на конкурс или оглас и без надоместок за користење на ова земјоделско земјиште.

Па го прашувам министерот Славко Петров да даде одговор дали ваквиот начин на делење на земјоделско земјиште е согласно Законот за земјоделско земјиште.

Моето второ потпрашање е:

Покрај тоа, сакам да знам, дали има право министерот да ги дава површините кои со правосудни решенија се вратени по пат на денационализација на поранешните сопственици.

Ова прашање го поставувам од причини што сегашниот сопственик на "Струмичко поле" присилно ги изорал површините кои се вратени и сега повторно ги бара од министерот да му се дадат на користење.

Моето трето потпрашање е:

На 31.08.2002 година од страна на Министерството е објавен оглас за долгорочен закуп од 30 години. На истиот оглас се јавиле многу кандидати, од кои 35 лица имаат добиено земјоделско земјиште и истите се известени од страна на Министерството дека се најповолни понудувачи. Од тој ден до денес е помината една година и три месеци, странките сеуште немаат добиено договор. Лицата кои се известени за најповолни понудувачи, неможејќи да чекаат на бирократската администрација, сами влегле во површините и истите се засеани со долгогодишни насади и други култури.

Барам одговор која е причината од страна на министерот да се чека една година и три месеци да не ги потпише договорите на странките, кога оваа работа потполно е завршена согласно Законот за земјоделско земјиште. Па ако имало некоја објективна законска пречка, што се чекало толку време, зошто не се укинел огласот и ако има некои незаконски дејанија, зошто не се откријат виновниците и да бидат казнети.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, меѓутоа, господине Паљошковски, вие го прекршивте договорот. Вие поставивте три прашања, јас не можам да ги подведам под едно прашање, освен што е упатено до истиот министер и сега незнам како ова да го толкуваме, нема да имаме време, ние имаме само уште осум минути.

Ајде да се обидеме тогаш сите да ги слушнеме.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Јас ќе му одговорам усмено, бидејќи сите тие податоци што ги кажа ги знам. Кога се поставува прашање зошто министерот имал намера да дава земјоделско земјиште и има ли право тоа да го прави без конкурс и оглас, прво треба да се праша дали министерот имал намера. Не може преку принципот на субјективни прашања да се појде како да постои некој факт, а тоа е дека министерот имал намера, па овде да се стави обвинителна клупа да одговори зошто имал таква намера.

Прво, да му кажам дека ниту министерот имал намера, ниту таква намера можел да формира, ниту таква намера ќе реализира заради тоа што таква намера е

спротивна на закон, а овој министер што седи и одговара на тоа прашање, тоа никогаш нема да го направи. Ако нешто знае од својот живот, сигурно најмногу го знае правото, а овде е во прашање правно прашање.

Земјоделското земјиште - да потсетам, одговорив на ова прашање и затоа не беше потребно да се постави - според член 62 од Законот за земјоделско земјиште на оние комбинати или земјоделски задруги или други трговски друштва кои во приватизацијата ја промениле својата сопственичка структура, според членот 62 поднесуваат барање до Министерството за да му се додели земјоделско земјиште врз основа на трансформацијата на другиот капитал, освен земјиштето, што ја извршиле, а која им е потребна за да можат да ја обработуваат својата дејност заради која вложиле средства и купиле дел од капиталот, односно ја измениле трансформациската структура. Тука имаме два вида во делот на "Струмичко поле": таму каде што извршиле трансформација, меѓутоа, има и претпријатија односно трговски друштва кои купиле во стечајна постапка, односно во јавно наддавање, од страна на судот, кој што ја водел стечајната постапка против одредени трговски друштва, односно делови од ЗИК "Струмица" кои се продале и тој проблем со нив ќе го решаваме исклучиво врз основа на член 62, преку склучување на непосредни договори, со кои го одредуваме обемот на земјиштето, начинот на користењето и должината , како и ослободување во определен период од плаќање на закупнина, доколку се работи за вложени средства кои треба да се вратат преку тоа четиригодишно бесплатно работење.

Вториот начин, или прашањето за трансформација, односно стекнување на сопственичка структура преку суд и стечајна постапка, во овој момент е спорен, и тоа заради две причини.

Прво, дали купувањето капитал на јавно наддавање од судот претставува трнасформација во смисла на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, или претставува нов оригинален изворен начин на стекнување сопственост, во кој слободно и без обврски ќе склучуваме договори со оние што го купија капиталот. Тоа прашање ќе го еразрешиме на начин што ќе биде задоволителен за сите, откако ќе ја расчистиме оваа суштинска, но истовремено и правна дилема, за која во Министерството веќе се водат одредени стручни расправи.

Третото прашање за договорите - по доаѓањето во Министерството на 1 ноември 2002 година се судрив точно со проблемот на овие договори за кои

прашува пратеникот, меѓутоа, со жалење морам да му соопштам и да констатирам дека во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не постоеше апсолутно никаква евиденција за земјоделското земјиште што се даваше на користење за спасувањето на условите по Законот за процедурата на огласите и за содржината на самите огласи. По прибирањето на овие документи, во кои беше донесена само одлука на Комисијата со известување кој добил, следува вториот чин, потпишување на договорот со министерот врз основа на одлуката на Комисијата, со обврска на министерот да проконтролира дали во текот на постапката при одлучувањето на Комисијата се спазени условите предвидени со закон. Со жалење морам да констатирам дека во 95% од договорите, ако не и повеќе, констатирав дека огласните, односно конкурсните процедури се грубо повредени и дека во обврските што биле предвидени за министерствата да ги кажува и објавува податоците за земјиштето што се дава направени се такви пропусти, поради кои е ограничен пристапот на земјоделското земјиште на најширокиот круг на заинтересирани лица. Тие договори за кои постоеше такво сомневање јас не ги потпишав и нема да ги потпишам се до оној момент додека не утврдам, а веќе утврдив за што се работи. Во овој момент не сум должен и нема тоа да го сторам и да кажам кои се оние што тоа го направиле.

Ве молам, ако сакате да го повторите второто прашање, забележав но би сакал и на тоа да ви одговорам.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Второто прашање е: На лице на кое е денационализирано земјиштето, повратено од страна на судот, а сегашниот сопственик извршил притисок врз вас имотот повторно да го дадете на корисникот - газдата на сегашното “Струмичко поле”.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Прво да ве известам дека врз мене никој не врши притисок, па дури ни Владата и дека ова ви е погрешна информација и ако тоа ве онерасположува, да ви кажам дека навистина тоа не е точно и кај мене не е дојдено.

Земјоделско земјиште на кое е извршена денационализација по сила на закон, во моментот кога решението за денационализација станува правосилно, се иззема од договореното под закуп земјоделско земјиште и се дава на Комисија за денационализација за спроведување, извршување и враќање на сопственикот.

Значи, за да биде јасно на сите, ако е склучен договор, а таков договор јас не сум склучил во мојот мандат, тоа е договор од претходниот мандат на Министерството, со кој што е дадено одредено земјоделско земјиште под закуп било по грешка, затоа што се знаело дека има денационализирано земјиште што треба да се врати, или поради незнаење односно непоседување податоци дека земјиштето веќе е вратено, тогаш склучениот договор во оној дел и во овој обем, што се однесува на земјоделското земјиште што е национализирано, престанува што ќе ги имаме на Парламентот по сила на закон, а доколку е по стариот Закон, а по овој сигурно тоа ќе се расправи, тогаш за тој дел договорот се редуцира, односно се смалува и на корисникот на земјоделско земјиште по основ на закуп и концесија тој дел од земјиштето му се одзема од договорот и му се враќа на сопственикот. За ваков конкретен случај за кој зборувате јас незнам, меѓутоа, ако имате податоци, повелете доставете ги, да видиме за кое земјиште и која парцела се работи, за кој случај и каква одлука постои за денационализација и ако тука е направена грешка, а не е направена од нас, заради тоа што тоа можело само порано да биде и е постоен договор, бидете сигурни дека ќе ја исправиме, на сопственикот ќе му го вратиме земјиштето што му припаѓа по одлука на Комисијата за денационализација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Паљошковски, дали сте задоволен од одговорите?

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, сето ова што го изесов е точно и тврдам, а министерот вешто се одбрани и од одговорот слободно можам да му кажам дека не сум задоволен.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Не се бранам од неосновани обвиненија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, часот е 18, но дали да сториме напор уште две кратки и брзи прашања да ислушаме.

Има збор господинот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Моето прашање е упатено до господинот Славко Петров и ќе бидам мошне краток да дадам еден воведен дел.

Се работи за прашање кое е поврзано со генетски модифициран материјал или генетски модифицирани семиња. Во последно време во нашите околни земји, а

и пошироко се води голема расправа во врска со употребата на ваквите семиња, кои впрочем се вон контрола а се произведуваат во САД, Аргентина и ЕУ, да ви кажам соопштение дека во тие земји на внатрешен пазар тие семиња не се продаваат, а се извезуваат.

Во последно време, зачестуваат проблеми во врска со користење на вакви семиња, со тоа што се предизвикувачи на разни болести. Патем речено, и во Полска се случува истото, а во нашата јавност се слушна дека сме увезле месо од Полска, а добитокот е хранет токму со храна произведена под такви генетски модифицирани семиња.

Да не должам повеќе, го поставувам следното прашање:

Дали Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е запознато со процесот што се случува во Европа и светот и каква е регулативата во однос на увозот на семињата, каква е регулативата во однос на усогласување на законските нормативи во однос на генетски модифицирани семиња, знаејќи дека има многу лоши последици неконтролираното користење  на генетски семиња. Моето прашање до министерот е што е направено, што се планира да се направи во врска со увозот, односно забраната на увозот од овие земји на генетски модифицирани семиња или храна, односно индиректно добиток кој е хранет со вакви семиња.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Прашањето за генетскиот семенски материјал е решено во нашиот Закон за семе и посадочен материјал само врз основа на одредбите на тој закон во Министерството се издаваат дозволи за увоз на семенски материјал. Ако се работи за тоа каков и кој семенски материјал е увезен во текот на 2003 година, преку Управата за семе и посадочен материјал во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, пратеникот можам писмено да го известам, со оразложение врз основа на кои одредби од тој закон што се испочитувани, е дозволен таков увоз. Меѓутоа, ако се работи за увоз на таков материјал генетски  модифициран, кој што во други земји наводно е забранет, меѓутоа кој што преминал на територијата на Република Македонија надвор од контролата и надвор од дозволите што ги дава Министерството, навистина, неможам и незнам како да му одговорам дали таков материјал влегол во Република Македонија, од кого влегол, затоа што ако никој не е откриен и никој не е казнет за таков материјал, значи дека таков материјал не влегол. Ако пак сепак влегол, го има и се дистрибуира во Република Македонија, тогаш е прашање на контролата што

треба да ја спроведеме преку инспекциските служби за откривање на таков материјал, за кој што до сега немам сознанија дека е дојден. Во секој случај за материјалите и она што го имаме во Министерството ќе биде соодветно писмено информиран, а во овој дел доколку постои увоз на  материјал, што е спротивно на дозволите и спротивно на Законот што го применуваме при давањето такви дозволи, ќе му кажам само толку дека доколку постои исто така откривање на таков случај од страна на нашите земјоделски инспектори, исто така ќе биде информиран, секако писмено.

АДНАН ЌАХИЛ:

Делумно сум задоволен од одговорот и се согласувам дека тој дел писмено треба да се достави, но според моите сознанија сепак се увезува таков материјал. Моето сугерирање и прашање беше во тој правец можеби да се направи напор да се откријат тие делови и луѓе кои увезуваат таков материјал. Се работи за мошне сериозни компликации од сферата на здравството и би било пожелно во информацијата да ги опфати и тие делови.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со последното прашање, господине Коце Трајановски, но ве молам навистина сосема кратко.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Моето прашање ќе биде од локален карактер и ќе поставам само едно прашање.

Како пратеник имав средба со граѓаните од село Огненци, општина Петровец. Сакам да напоменам дека селото е со мултиетнички состав, живеат македонци, срби, роми и албанци и живеат прилично добро. Локалниот пат Петровец-Огњанци, кој е направен 1973 година претставува единствен влез и излез на жителите на село Огњанци спрема општината Петровец и е нивна секојдневна врска и комуникација со градот Скопје. Патот моментално се наоѓа во многу катастрофална состојба, автобусите одат или неодат, односно одат повремено, така што жителите од ова село се принудени да одат секојдневно пешки по пет километри до општината Петровец.

Затоа, прашањето го упатувам до министерот за транспорт и врски. Тоа галси:

Дали Министерството за транспорт и врски во плановите за 2004 година има планирано средства за изградба на овој пат во должина од 4 километри, со оглед на

тоа што општината Петровец нема доволно средства како општина за изградба на овој локален пат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Со оглед на тоа дека министерот за транспорт и врски не е тука, ниту има претставник на тоа министерство, на ова прашање ќе добиете одговор писмено.

Со тоа ја затворам денешната седница.

(Седницата заврши во 18,10 часот).